РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ - СКОПЈЕ**

ШКОЛА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ

**М-р Фатима Салифоска**

# ЦИВИЛИЗАЦИСКИТЕ ТЕМЕЛИ НА ГЕОПОЛИТИКАТА НА БАЛКАНОТ НИЗ ПРИЗМАТА НА МАКЕДОНСКО-ТУРСКИТЕ ОДНОСИ

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

Скопје 2021 година

**Ментор**

Проф. Д-р Зоран Илиевски Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Членови на комисија**

Проф. Д-р Ненад Марковиќ Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Проф. Д-р Ирена Рајчиновска – Пандева Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Проф. Д-р Иванка Василевска Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Проф. Д-р Јулија Брсакоска - Базеркоска Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

**Цивилизациските темели на геополитиката на Балканот низ призмата на македонско-турските односи**

**АПСТРАКТ**

Според Хантингтон, човековата историја е историја на цивилизациите и невозможно е во некоја друга смисла да се размислува за развојот на човештвото.

Од друга страна, геополитиката, која не се врзува за ниту една универзална тема, ја истражува исто така географијата и се испреплетува со политичките, економските, безбедносните и со културните врски во и меѓу општествата. Таквиот пристап нуди ефикасен начин за анализирање на меѓународните односи.

Балканот поседува геополитичка важност од аспект на формирање на основниот појас на Евроазискиот континент, кој се протега од Степите до Средоземното Море, воедно геокултурната особеност која од аспект на области го дели Истокот и Западот. Балканот, во текот на XX век, бил главен генератор на кризи во меѓународните односи. Без разлика која од причините ќе доминира, дали тоа ќе биде историската акумулација или географската положба, Турција е нераскинлив дел на овој простор.

Цивилизациските обележја во културолошка, политичко-правна, па и социолошко-економска димензија што османлиското империјално наследство ги има оставено на Балканот, имаат влијанија врз актуелните политички случувања до денешен ден. Така, меѓу другото, ова влијание го гледаме и преку цврсто изградените билатерални односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција. Оваа димензија на традиционално востановени добрососедски односи помеѓу двете земји, своите корени несомнено ги влече од испреплетувањето на историските настани помеѓу двата народа и територии низ минатото.

Трудот, во таа насока, ќе ги истражи теориите на геополитиката, историскиот развој на турската држава во меѓународните односи, како и позиционираноста на Република Турција во геополитичките текови, со посебен акцент на геостратешкото влијание на Турција врз Северна Македонија.

Овој докторски труд претставува придонес во таа насока, од аспект на историскиот континуитет кој ќе биде опфатен, но и од аспект на детерминирање на клучниот интерес во нашата теза, односно дефинирање на цивилизациските темели што ја претставуваат геополитиката на Балканот, со особено внимание на македонско-турските односи.

***Клучни зборови:*** *цивилизација, геополитика, Балкан, Турција, Македонија, дипломатски односи, неоосманизам, сфера на влијание*

## Civilizational roots of geopolitics in the Balkans through the prism of the Macedonian – Turkish relations


### ABSTRACT

Human history, according to Huntington, is the history of civilizations, and it is difficult to think of humanity's development in any other sense.

Geopolitics, on the other hand, is a more effective method of understanding international relations since it is not tied to any universal theme but instead explores how geography interacts with political, economic, security and cultural links within and between societies. Such an approach offers a viable way of analyzing international relations.

The Balkans are geopolitically relevant on the grounds that they structure the Eurasian mainland's fundamental belt, extending from the steppes to the Mediterranean Sea, just as the geocultural features that divides East and West as far as domain. During the twentieth century, the Balkans were a significant source of foreign relations crises. Turkey is an inseparable part of this area, regardless of the dominant cause which may be historical accumulation or geographical location.

The Ottoman imperial legacy in the Balkans has left civilizational traits in the cultural, political-legal, and even sociological-economic traits, which continue to affect present political events. Thus, we see this impact, among other things, through Republic of North Macedonia and Republic of Turkey long-standing bilateral relations. This dimension of the two countries' long-standing good neighborly ties is undeniably rooted in the intertwining of historical events between the two cultures and territories throughout the past.

In this regard, the paper will look at geopolitical theories, the historical evolution of the Turkish state in international relations, and the Republic of Turkey's place in geopolitical tendencies, with a focus on Turkey's geostrategic influence on North Macedonia.

This doctoral thesis is a step in that direction, both in terms of the historical continuity that will be covered and in terms of defining the key focus of our thesis, such

as, defining the foundations of civilization that represent the geopolitics of the Balkan Peninsula, with a focus on Macedonian – Turkish relations.

***Keywords:*** *civilization, geopolitics, Balkans, Turkey, Macedonia, diplomatic relations, neo-Ottomanism, sphere of influence*

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД**

**МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

1. Формулација на истражувачкиот проблем..........9
2. Предмет на истражување..........12
3. Хипотези на истражувањето..........13
4. Методи на истражувањето..........13
5. Цел на истражувањето
   5.1. Научна цел..........14
   5.2. Општествена цел..........15
6. Научна и општествена оправданост на истражувањето..........15

**<u>ГЛАВА I</u>**

**ТЕОРЕТСКА РАМКА**

1.1 Цивилизациите низ историјата и денес..........18

1.2 Теории на геополитика..........24

1.3 Геополитика на Република Турција..........34

1.4 Геополитика на Балканот..........39

**<u>ГЛАВА II</u>**

**ИСТОРИСКИОТ КОНТИНУИТЕТ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И НЕЈЗИНАТА МЕЃУНАРОДНА ПОЛОЖБА**

2.1 Историски развој на Отоманската Империја..........46

2.2 Воспоставување на Отоманската власт на Балканот..........52

2.3 Културолошката димензија и развојот на влијанието на Отоманската Империја врз Балканот

   2.3.1. Милет-систем..........55

   2.3.2. Шеријатско право..........61

2.4 Почеток на падот на империјалните поредоци: трансформација на Империјата во модерна турска држава..........64

2.5 Раѓањето на модерната турска држава..........67

2.6 Балканскиот пакт од 1934 година..........70

2.7 Турско-југословенската конвенција од 1938 година и континуитетот на иселување на муслиманите во 50-те години на XX век.................................75
2.8 Балканскиот пакт од 1954 година и обновување на Југословенско-турското сојузништво...........................................................................................79
**ГЛАВА III**
**БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА ОД 1991 ДО 2019 ГОДИНА**
3.1 Геостратешка положба на Турција по Студената војна и политиката кон Балканот...............................................................................................83
3.2 Независноста и процесот на признавање на Република Македонија во меѓународните односи.........................................................................88
3.3 Воспоставување дипломатски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција и нејзината поддршка во меѓународно признавање на Република Македонија.......................................................................96
3.4 Посети на високо ниво помеѓу Република Македонија и Република Турција во периодот од 1991 до 2019 година.........................................................103
**ГЛАВА IV**
**ГЕОСТРАТЕШКО ВЛИЈАНИЕ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
4.1 Надворешната политика на Република Турција, со осврт на Неоотоманизмот.........................................................................................126
4.2 Турција во Западен Балкан..............................................................131
4.2.1. Надворешно-политички активности на Република Турција кон Република Северна Македонија.................................................................145
4.3 Економски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција.........151
4.4 Воени односи помеѓу Република Македонија и Република Турција................160
**ЗАКЛУЧОК**..............................................................................................170
**Прилог бр. 1. Билатерални договори помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција**.......................................................180
**БИБЛИОГРАФИЈА**.....................................................................................188

# ВОВЕД

## МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 1. Формулација на истражувачкиот проблем

Низ историјата цивилизациите на луѓето им овозможувале различни идентификации. Цивилизациските обележја во културолошка, политичко-правна, па и социолошко-економска димензија, кои ги имаат оставено византиското, а особено османлиското империјално наследство на Балканот, до денешен ден имаат свое влијание и врз актуелните политички случувања. Така, меѓу другото, ова влијание го гледаме и преку цврсто изградените билатерални односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција.

Во книгата „Судирот на цивилизациите“ од 1997 година, Хантингтон ја дефинира цивилизацијата како „најшироко ниво на заеднички идентитет меѓу различни групи луѓе и го дели светот на девет цивилизации: западна, православна, исламска, африканска, латиноамериканска, кинеска, хиндуистичка, будистичка и јапонска.“ Токму оваа поделба на цивилизациите, како што тврди Хантингтон, влијаела врз односите меѓу државите во периодот по крајот на Студената војна. Наместо да се промовираат наводно универзални карактеристики на една цивилизација, предусловите за културен соживот предвидуваат потрага по она што е заедничко за повеќето цивилизации. Според Хантингтон, во мултицивилизациски свет конструктивен курс е откажувањето од универзализмот, прифаќање на разликите и трагањето по сличностите. Се разбира, потрагата по заеднички вредности и прифаќањето на разликите на другите нема целосно да ги елиминираат конфликтите што постоеја низ целата историја на човекот, а ќе постојат и во иднина. Но вреди да се следи секој напор за намалување на конфликтите во светот кој, како што вели Хантингтон, е сè подинамичен и понепредвидлив.[1] Во таа насока елементарниот проблем на нашето истражување ќе биде: кои се оние сличности кои се испреплетуваат помеѓу

[1] Види повеќе:Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.

Република Северна Македонија и Република Турција? Какви разлики, согласно тезите на Хантингтон, може да се идентификуваат при геостратешкото поврзување на македонскиот и турскиот народ? Каде да ја позиционираме македонската и турската геополитичка ориентација, согласно со цивилизациите што ги детерминира Хантингтон. Дали двете страни се откажуваат од универзализмот и ги бараат сличностите, прифаќајќи ги разликите во еден мултицивилизациски меѓународен политички систем?

Како атрибут на наметнатиот проблем ќе додадеме дека Балканскиот Полуостров лежи на југоисток од Европа и карактеристичен е по неговата голема етничка, културна и цивилизациска хетерогеност каде што културните и цивилизациските системи на источното христијанство, западното христијанство и исламот се среќаваат и заплеткуваат во него (особено во Босна и Херцеговина).[2] Освен тоа, познат е по неговата извонредна функција за поврзување и транзит на поголемиот дел од Европа со Источен Медитеран и Блискиот Исток.[3]

За таа цел ова истражување ќе ги опфати и основните геополитички теории кои ја објаснуваат политиката на државата преку природно-географските услови, можности и интереси, географската положба и расните разлики на населението. За геополитика, неретко се вели дека е инструмент на освојувачките, експанзивни и империјалистички политики и желби на големите држави, меѓутоа во современи услови, геополитиката е значајна за опстанокот и постигнувањето на националните интереси на сите држави во светот, без разлика на нивната големина и моќ.

Геополитичката положба на една држава добива важност тогаш кога ќе биде ефикасно средство за стратешко водење надворешна политика што одговара на таа положба. Турција има силни историски, етнички и културни врски со т.н. „проблематичен“ Балкан. Со тоа, овие врски ѝ овозможиле на Турција да преземе активна улога на Балканот, место кое има стратешка позиција.

[2] Ilic, Jovan. “The Balkan geopolitical knot and the Serbian question“. The Serbian Questions in the Balkans. University of Belgrade, Faculty of Geography. <https://www.rastko.rs/istorija/srbi-balkan/jilic-knot.html> .1995.

[3] Ибид.

Со назначувањето на Ахмет Давутоглу за министер за надворешни работи на Турција во 2009 година неотоманската стратегија на Турција станува актуелна. Во својата книга „Стратешка длабочина", тој Турција, како наследник на Османлиското царство, ја гледа како единствена земја, која поради својата големина и положба помеѓу континентите заслужува достојна позиција во новата прераспределба на светската моќ. Според тоа геополитичките интереси на Турција ги опфаќаат регионалните правци на Кавказот, Блискиот Исток и Балканот како поранешни територии на ова царство, каде што своето присуство Турција го гради низ политиката позната како „нула проблеми" со соседите во чија основа лежи концептот на неоосманизмот.

На денот на неговото назначување за министер за надворешни работи Давутоглу потврдил дека Турција има „одговорност да помогне во стабилноста на земјите и народите од регионите што некогаш имале врски со Турција" - а со тоа се осврнува на османлиската ера, на начин кој не можел да се замисли претходно: „Освен претставувањето на 70 милиони луѓе во Турција, имаме историски долг кон оние земји каде што има Турци или кои беа поврзани со нашата земја во минатото. Овој долг мора да го вратиме на најдобар начин."[4]

Според стојалиштето на истакнатиот универзитетски професор, книжевник и исламолог Дарко Танасковиќ, неоосманизмот е повеќе од идеологија. Тој претставува филозофија на историјата, цивилизациска парадигма и поглед на светот својствен на мнозинството од припадниците на современата турска нација, а особено на нејзината интелектуална елита.[5]

Република Северна Македонија како нова држава во меѓународните односи по осамостојувањето во 1991 година, е соочена со голем број предизвици на внатрешен и меѓународен план при што особено е значајна улогата и поврзаноста со Република Турција изразена со поддршка во сите меѓународни сфери, а особено зачувување на територијалниот интегритет на земјата.

---

[4] Trifkovic, Srdja.„Turkey as a regional power: neo-ottomanism in action. „Бања Лука:Факултет политичких наука Универзитета у Бањој Луци."Политеиа" Година I, број 2,2011. 83-96.стр. 83-84.

[5] Танасковић, Darko. Неоосманизам, Доктрина и спољнополитичка пракса. Службени гласник Републике Српске.2010.стр.105.

## 2. Предмет на истражување

При изработка на оваа докторска тема, а како резултат на досегашната обработка на собраните податоци и информации ќе биде приложена аргументација на поставените прашања.

Трите истражувачки прашања кои се клучни за трудот се следните:

1. *Кои се цивилизациските темели на геополитиката на Балканот и на кој начин влијаат врз македонско-турските односи?*
2. *Причините за силниот и интензивен развој на македонско-турските односи во минатото и денес?*
3. *Дали постои можност за подобрување на македонско-турските односи и во која насока и мерка тие би требало да се развиваат?*

Со ова истражување ќе биде опфатен временски период од осамостојувањето на Република Македонија и воспоставувањето на дипломатските односи со Република Турција на 6 февруари 1992 година, па сѐ до преименувањето на државата во Република Северна Македонија на почетокот на 2019 година.

Во рамките на периодот што е предмет на истражување во овој труд, денешната Република Северна Македонија била именувана со различни термини како што се: Демократска Федерална Македонија, Народна Република Македонија, Социјалистичка Република Македонија, назив активен во времето на ФНРЈ, односно СФРЈ. Со осамостојувањето во 1991 година, уставното име на државата е Република Македонија и тоа се користи за внатрешна употреба, додека одредницата ПЈРМ – Поранешна Југословенска Република Македонија е изведенка која меѓународната заедница ја користи под влијание на Република Грција. Од неодамна името повторно се менува со цел да се надминат разликите со Грција и денес државата меѓународно е препознаена под името Република Северна Македонија. Воопштен термин за домашна и до одредена мерка надворешна употреба, а претежно во неформални или крајно пријателски околности, се користи само „Македонија.“ Во зависност од периодот во кој се

случувал одреден настан се користи името на државата кој соодветствувал со тој период.

Дополнително овој труд, како спореден проблем на истражувањето, ќе се занимава и со прашањата: Кои се главните меѓународни актери на Балканот? Каква е природата на нивните интереси? Дали регионот ќе ужива во вистинска политичка стабилност?

## 3. Хипотези на истражувањето

Овој докторски труд има задача да ја докаже следнава генерална хипотеза: **Континуитетот на добрите македонско-турски односи во минатото влијае врз одржувањето, продлабочувањето и степенот на развивањето и динамиката на билатералните односи помеѓу двете земји,** *каде што независна варијабла се континуитетот на македонско–турските односи, а зависна варијабла е степенот и динамиката на развојот на билатералните односи помеѓу двете земји.*

## 4. Методи на истражувањето

Со цел да се потврди главното тврдење на овој труд, ќе бидат употребени: историски метод, компаративен метод, аналитички метод, метод на дедукција, аналогија, класификација како и емпириски податоци на истражувањето. Практичната употреба на методот на интервјуирање и личните сведоштва ќе придонесат со додадена вредност за самиот труд и истражувачката наука.

Ќе доминираат четири главни методолошки техники во овој труд:

а) ***Историски метод*** – Со цел да се добие слика за македонско–турските односи, потребно е да се анализираат историските околности од историскиот развој на Отоманската Империја се до формирањето на модерната турска држава, за на крај да се направи анализа на развојот на билатералните односи од осамостојувањето на Република Македонија, па сѐ до 2019 година.

б) ***Компаративен метод*** – Преку споредување на различни периоди на негување на македонско-турските дипломатски односи. Конкретно, во трудот ќе се прави споредба на односите во различните периоди и системи на уредување. Дополнително, компаративниот метод ќе ги споредува македонско-турските односи со односите на Турција со другите земји од регионот. Повлекувањето паралели ќе биде од големо значење за можните препораки и насоката во која би требало да се движат македонско-турските односи во иднина.

в) ***Аналитички метод*** – Преку анализа на литературата што е публикувана во различни временски периоди на македонски, англиски, српски и турски јазик; обработката на интервјуата со експерти кои се познавачи на македонско-турските односи, како и анализа на останатите прибрани податоци од истражувањето, докторската дисертација ќе биде поткрепена со веродостојни факти, воедно ќе понуди издржана анализа која би дала препораки за надминување на предизвиците и насоката во која би требало да се движат македонско-турските билатерални односи.

*г) **Дедукција*** – од генералниот општ став за континуитетот на македонско–турските односи, ќе се извлечат конкретни параметри на динамиката и развојот во извесни периоди на геостратешките односи помеѓу Република Македонија и Република Турција.

За да се направи детално истражување, за изработка на оваа дисертација ќе се користи научна и стручна литература, домашна и странска, но и меѓународни документи, со чија помош содржината на оваа тема ќе биде покомплетна.

## 5. Цел на истражувањето

### 5.1. Научна цел

Од еден историско–политолошки приод прашањето за македонско–турските односи е важно да се истражува поради тоа што Република Турција со својата големина, геостратешка и геополитичка положба претставува моќна држава, земја во развој со силно регионално политичко влијание, како и со важна улога во меѓународните односи која може да го утврди правецот на развој на

одредени настани од меѓународно значење. Исто така, има потенцијал да прерасне во водечки лидер на овој дел од светот.

Овој докторски труд претставува придонес во таа насока, од аспект на историскиот континуитет кој ќе биде опфатен, но и од аспект на детерминирање на клучниот интерес во нашата теза, односно дефинирање на цивилизациските темели што ја претставуваат геополитиката на Балканот, со особено внимание на македонско-турските односи. Оттука, основната научна цел е да се покажат токму тие цивилизациски постулати кои ја детерминираат геополитиката на Балканот, како и да се презентира призмата на геополитичката димензија на македонско–турските односи во дадениот контекст.

### 5.2. Општествена цел

Понатамошниот развој на македонско–турските односи е од висок приоритет за Република Северна Македонија за доследната и конструктивна поддршка од Република Турција за евроинтеграциите на нашата земја. Воедно, економскиот раст и развој на двете земји, како и низа проекти, помош и поддршка што Република Северна Македонија  ја добива од Република Турција ѝ даваат засилена подлога на општествената цел на нашето истражување.

Целиот труд има за цел да прикаже една хронологија на настаните и процесите помеѓу двете земји кои би дале насоки за понатамошно развивање и надградување на досегашните меѓусебни односи. Овој докторски труд ќе придонесе кон согледување на можните аспекти на делување кои би довеле до зајакнување на билатералните односи помеѓу двете земји.

## 6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Крејчи[6] верува дека ”на почетокот на XX век може да се види дека геополитиката е многу корисен инструмент за анализа, но, исто така, и многу

[6] Оскар Крејчи (1948) е чешки политички научник, автор на приближно триесет книги и повеќе од илјада статии од областа на политичките науки. Крејчи е директор на Институтот за глобални студии на Универзитетот „Јан Амос Коменски“ во Прага, Чешка.

опасен метод за предвидување и планирање.”[7] Тој е убеден дека интересите на малите држави не можат да бидат заштитени само со сопствена моќ, па дури и преку коалиција. Според него единствената одбрана за малите држави е зајакнување и усовршување на меѓународното право при што наведува дека “модерната и единствена ветувачка политика започнува од принципот *si vis pacem, para pacem*- ако сакате мир, подгответе мир.“[8]

Важноста на Балканот за Турција може да се разгледува низ неколку начини меѓу кои: историски врски, население со балканско потекло во Турција, географски и стратешки причини како и турското/муслиманско малцинство на Балканот. Историски гледано, Турците доминирале на Балканот повеќе од пет века и ова присуство го прави Балканот специфична област за Турција. Овие долги периоди на доминација влијаеле на религиозните, етничките, економските и културните структури на регионот.

Република Северна Македонија, тогаш Република Македонија, прогласува независност на 8 септември 1991 година, при што од 1992 година го започнува процесот на признавање на земјата. Република Турција официјално ја признава Република Македонија на 6 февруари 1992 година под нејзиното уставно име. Од самиот почеток Република Турција дава несебична поддршка и целосна помош во напорите на македонската држава кон целосно интегрирање во колективните безбедносни системи.

По непримањето на Република Македонија во НАТО во 2008 година, властите во државата промовираат политика на стратешко партнерство со САД, Турција и Израел.[9] Според резултатите од истражувањето на јавното мислење на

---

[7] Veselý, Zdeněk (2007) Oskar Krejčí. Geopolitics in the Central European Region: The View from Prague and Bratislava , The Journal of Slavic Military Studies, 20:4, 777-780,pp.780.
Оскар Крејчи (1948) е чешки политички научник, автор на приближно триесет книги и повеќе од илјада статии од областа на политичките науки. Крејчи е директор на Институтот за глобални студии на Универзитетот „Јан Амос Коменски“ во Прага, Чешка.

[8] Ибид.,стр.780.

[9] Клековски, Сашо.„Глобално водство, соседство и односи со Бугарија“.Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) Институт за демократија „Социетас цивилис“(ИДСЦС). 2013.стр.6.

граѓаните во Република Македонија (2013) покажуваат дека САД и Турција се меѓу најдобрите сојузници на Република Македонија.[10]

Истражувањето има посебно научно и практично значење, пред сè поради структурата на населението во Република Северна Македонија и демографските карактеристики на земјата. Во оваа смисла, станува збор за населението со исламска верска ориентација, кое ја доживува Турција како предводник, заштитник и лидер на муслиманите во овој дел од Европа. Впрочем, погорниот пасус за перцепцијата на македонските граѓани во врска со сојузниците на државата го сугерира токму тоа.

Истовремено, истражувањето ќе овозможи градење стратегии за Република Северна Македонија за своите надворешно политички ориентации, како и за ставовите по определени прашања кои ја засегаат Турската Република, а од друга страна ќе обезбеди можност за продлабочување на културната и економската соработка, земајќи ги предвид заклучоците од овој труд. Општествената и научната оправданост на ова истражување ќе ја согледаме и низ призмата на еден различен курс на надворешно политичка ориентација на двете земји, видлив во последно време. Имено, додека Република Северна Македонија е целосно посветена на ЕУ-интеграциите, односите помеѓу Турција и ЕУ осцилираат и повремено заладуваат. Секако овој труд ќе придонесе и кон креирање соодветни политики кои ќе придонесат во насока на балансирање на позицијата на Република Северна Македонија и кон ЕУ и кон Турција.

[10] Ибид.,стр.6.

# ГЛАВА I

## ТЕОРЕТСКА РАМКА

### 1.1. Цивилизациите низ историјата и денес

Според Хантингтон, човековата историја, е историја на цивилизациите и невозможно е во некоја друга смисла да се размислува за развојот на човештвото. Таа приказна се протега низ генерации цивилизации, од древната сумерска и египетска цивилизација, преку класичната мезоамериканска, до христијанската и исламската цивилизација, и секако низ последователните манифестации на синитската и на хиндуистичката цивилизација.[11]

Низ историјата цивилизациите на луѓето им овозможувале најшироки идентификации. Поради тоа причините; појавата; подемот; врските; достигнувањата; опаѓањето и падот на цивилизациите, биле предмет на опсежни проучувања од страна на истакнати историчари, социолози и антрополози.[12]

Идејата за цивилизација ја развиле француските мислители во XVIII век, како спротивност на концептот за „варварство." Цивилизираното општество се разликувало од примитивното општество бидејќи било добро уредено и писмено. Притоа толкувањето на човековиот напредок прави дистинкција во првичните размисли со употребата на терминот цивилизацијата во еднина, кој се толкува како напредок на човештвото како целина и цивилизациите во множина, со што размислувањата за напредокот добиваат културолошки аспект.[13]

Понатаму, правејќи остра разлика меѓу цивилизацијата, во која биле содржани механиката, технологијата и материјалните фактори, и културата, која се состоела од вредности, идеали и од повисоките уметнички, морални квалитети на едно општество германските мислители во XIX век, прашањата поврзани со цивилизацијата ги комплементираат со културолошките ентитети.[14] Ова

[11] Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.pp.42.

[12] Вклучувајќи ги меѓу другите и Макс Вебер, Емил Диркем и многу други.Ibid.,

[13] Хантингтон, Семјуел П., „Судирот меѓу цивилизациите и преобликување на светскиот поредок": Скопје: Арсламина – публикации, 2016., стр.42.

[14] Ибид., стр. 43.

разликување опстојало во германската мисла, но не било прифатено на други места.

Двата поима, цивилизација и култура, се однесуваат на вкупниот начин на кој живее еден народ, додека цивилизацијата е очигледна манифестација на култура. И двете во себе содржат вредности, норми, институции и начини на размислување на кои врвно значење им препишувале цели генерации во едно општество.

Во овој контекст, Бродел цивилизацијата ја гледа како: „простор, културолошка област“, „збир од културолошки карактеристики и феномени.“[15] Понатаму, Валерштајн [16] ја дефинира како „специфична комбинација од погледи на светот, обичаи, структури и култура (како материјална, така и висока) што сочинува некој вид историска целина и што коегзистира (иако не секогаш истовремено) со другите варијации на овој феномен.“[17] Според Досон, цивилизацијата е производ од „конкретен првичен процес на културолошко творештво што е дело на еден конкретен народ“ додека според Диркем и Мос, цивилизацијата е „еден вид морално милје што опфаќа одреден број нации, каде што секоја национална култура е само специфична форма на целината.“[18] За Шпенглер, цивилизацијата е „неизбежна судбина на културата, крајните и конечните состојби на културата откако нејзините креативни импулси ќе опаднат и ќе бидат преплавени од критички импулси таа се претвора во цивилизација Заклучок - настанатото нешто што следува по настанувањето на нештото.“[19]

Според овие дефиниции, културата е константа и заедничка основа, присутна во секоја дефиниција за цивилизацијата.

Најзначајните цивилизации во човековата историја во голема мерка се поистоветувале со големите светски религии; можно е луѓето што имаат исто

---

[15] Ибид.,стр.44.
[16] Имануел Маурис Валерштајн (1930-2019) беше американски социолог и историчар на економија.
[17] Ибид.,
[18] Кристофер Хенри Досон (1889-1970) беше британски независен научник, автор на многу книги за историјата на културата и христијанскиот свет. Ибид.,
[19] Ибид.,

етничко потекло и јазик, но различна религија да се убиваат меѓусебно, како што се случи во Либан и во поранешна Југославија.[20]

Постои една многу битна кореспонденција меѓу поделбата на луѓето според културолошки карактеристики - на цивилизации и нивна поделба според физичките карактеристики - на раси. Цивилизацијата и расата не се идентични, низ своите белешки, забележува Хантингтон. Луѓето што припаѓаат на иста раса може да се длабоко поделени според цивилизацијата; додека можно е луѓето од различни раси да се обединети преку цивилизацијата.[21] Исламската цивилизација е типична манифестација на овој феномен.

Цивилизацијата е највисоко културолошко групирање меѓу луѓето и најшироко ниво на културолошки идентитет што го имаат луѓето, освен тоа што како вид ги разликува од другите видови.[22] Цивилизацијата ја дефинираат не само објективни елементи како јазик, историја, религија, обичаи, институции туку и субјективното самопрепознавање и идентификација од страна на луѓето.

Притоа, цивилизациите се најголемото „ние“ во рамките на кое се чувствуваме како дома во културолошка смисла, за разлика од сите други „тие“ на некое друго место.[23]

Процесот на еволуција и развојот на свеста како неизбежен фактор овозможува редефинирање на сопствениот идентитет. Како резултат на еден толку очигледен процес е фактот кој укажува дека цивилизациите немаат јасно исцртани граници ниту, пак, прецизни почетоци и завршетоци, составот и формите на цивилизизациите се менливи. Цивилизациите опстојуваат, но истовремено и еволуираат, заклучува Хантингтон.

Во своето дело „Историја на цивилизациите“, Фернанд Бродел, толкувајќи ја улогата на географијата во формирањето на цивилизациите преку примерот на исламската цивилизација вели: “картите ја раскажуваат вистинската приказна.”[24]

---

[20] Ибид.,

[21] Ибид.,стр.44.

[22] Ибид.,стр.45.

[23] Ибид.,

[24] Braudel, Fernand. “A History of Civilizations”: New York: Penguin, 1993., стр.55. Фернанд Бродел (1902-1985) е француски историчар и водечки лидер на школата „Аналес“. Неговите главни

Навистина, темелот врз кој се потпираат поединците и општествата формирани од поединци, како и цивилизациските заедници од повисок ранг, е перцепција за простор - време која се формира во согласност со свеста за постоење на „јас“ - перцепцијата на цивилизациите.“[25]

Општествата кои се предвесници на моќен цивилизациски напредок и кои околу оваа цивилизациска акумулација формираат една перцепција за светот, се случува во моментот кога тие ќе се појават на историската сцена и во периодот кога како една влијателна сила ќе почнат да ја оформуваат таа историска сцена. Ова чувство, кое се развива од една појасна перцепција за околниот географски простор во една комплексна перцепција на светот, ја има својата најконкретна форма во картите.[26]

При формирањето на стратешкиот начин на размислување, географијата е една објективна реалност, а картите се една субјективна форма на објективната реалност која поминала низ процес на цивилизациска перцепција.[27]

Во книгата „Судирот на цивилизациите“од 1997 година, Хантингтон ја аргументира тезата дека националните држави остануваат главни актери во светските збиднувања и нивното однесување денес како и во минатото, ќе го обликува тежнеењето кон моќ и кон материјално богатство, но и културолошките преференции, заеднички нешта и разлики.[28] Според Хантингтон, најважните групирања меѓу државите повеќе не се трите блока од времето на Студената војна, туку седумте или осумте најголеми светски цивилизации.

Идните поделби и судири нема да бидат предизвикани од идеолошка и економска природа, туку од културна/цивилизациска, тврди Хантингтон. Идентификувајќи девет цивилизации: западна, исламска, православна, синајска,

---

проекти се: Медитеранот; Цивилизацијата и капитализмот и незавршениот Идентитет на Франција.

[25] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.95.

[26] Ибид.,

[27] Ибид.,

[28] Фразата „судир на цивилизации“ ја користел Албер Ками во 1946 година, а потоа и Бернард Луис во статијата „Корените на муслимански бес“ во септември 1990 година. Меѓутоа, не постои сомнеж дека во академскиот свет и медиумскиот простор, синтагмата за судир на цивилизациите почнала да се користи од појавата на Хантингтоновиот поглед.

латино-американска, хиндуистичка, јапонска, будистичка и африканска, настанокот на цивилизациските конфликти го гледа помеѓу западните и незападните цивилизации (кои во меѓународните односи од статус на објект, преминуваат во статус на субјект), како и помеѓу самите незападни цивилизации. Незападните општества, особено во Источна Азија, го развиваат своето економско богатство и создаваат основа за зголемена воена сила и политичко влијание. Паралелно со процесот во кој растат нивната моќ и самодоверба, незападните општества сѐ повеќе ќе ги афирмираат сопствените културолошки вредности и ги отфрлуваат вредностите што им ги „наметнува“ Западот.

Согласно темелот на оваа теза, основниот конфликт ќе биде меѓу Западот и остатокот од светот, посебно со исламско-конфучијанскиот свет, при што конфликтите меѓу цивилизациите ќе се одвиваат на две нивоа (микро и макро): вдолж спорните линии меѓу цивилизациите (околу контрола на територии и контролата на едните врз другите) и меѓу државите од различни цивилизации (за своја економска и воена моќ, за контрола на меѓународните институции, за контрола на други држави, контрола врз ресурси итн.).

Од друга страна пак Хенри Кисинџер вели: „Меѓународниот систем на XXI век ќе се состои од најмалку шест големи сили – САД, Европа, Кина, Јапонија, Русија и веројатно Индија – како и од мноштво средни и помали земји.“[29] Шесте големи сили на Кисинџер припаѓаат на пет меѓусебно многу различни цивилизации, а освен ова, постојат и значајни исламски држави, чиишто стратешки локации, големи популации и/или нафтени ресурси, ги прават влијателни во светските збиднувања.

Во овој нов свет, локалната политика е политика на етничката припадност; глобалната политика е политика на цивилизациите, смета Хантингтон. Ривалството меѓу суперсилите се заменува со судир меѓу цивилизациите. Најдоминантните, најзначајни и најопасни конфликти нема да бидат конфликтите меѓу општествените класи, меѓу богатите и сиромашните или меѓу други - економски дефинирани групи, туку меѓу народи што припаѓаат на

[29] Хенри Алфред Кисинџер (1923) е еден од најистакнатите американски политичари и дипломати.

различни културолошки ентитети. Во рамките на самите цивилизации ќе се појавуваат други видови војни и етнички конфликти. Меѓутоа, насилството меѓу држави и меѓу групи од различни цивилизации, со себе носи потенцијал за ескалација зошто другите држави и групи од истите цивилизации се групираат во поддршка на своите "роднински земји."[30] Од тие причини, во југословенските војни, Русија им давала дипломатска поддршка на Србите, додека Саудиска Арабија, Турција, Иран и Либија им организирале финансиски средства и вооружување на Босанците, не од причини поврзани со идеологијата или со политиката на моќ или, пак, со економскиот интерес, туку поради културолошкото сродство. „Културолошките конфликти", забележал Вацлав Хавел, [31] „се во пораст и денес се поопасни одошто кога било порано во историјата", а Жак Делор[32] се согласил дека „идните конфликти ќе се разгоруваат поради културолошки фактори, а не поради економија или поради идеологија."[33] Најопасни културолошки конфликти се конфликтите по раседите меѓу цивилизациите, заклучува Хантингтон.

Централна тема на оваа книга е дека културата и културолошките идентитети, кои, на најшироко ниво, се цивилизациски идентитети, им даваат форма на моделите на кохезија, на дезинтеграција и на конфликт во светот по Студената војна. Оттука, Хантингтон ги дава следните заклучоци: 1) за прв пат во историјата, глобалната политика истовремено е и мултиполарна и мултицивилизациска; модернизацијата се разликува од вестернизацијата и не создава, ниту универзална цивилизација во која било значајна смисла, ниту вестернизација на незападните општества; 2) се менува рамнотежата на моќ меѓу цивилизациите: релативното влијание на Западот опаѓа; азиските цивилизации ја шират својата економска, воена и политичка сила; исламот минува низ демографска експлозија, со дестабилизирачки последици за муслиманските земји

---

[30] Huntington, Samuel P.,1997.pp.26.

[31] Вацлав Хавел (1936-2011), познат чешки писател и дисидент. Тој е предводник на т.н. „Прашка пролет" со која се урива комунистичкиот систем и се воведува демократија во тогашната Чехословачка. Хавел е првиот претседател на Чешката Република.

[32] Жак Делор (1925) е француски политичар и долгогодишен претседател на Европската Комисија.

[33] Ибид.,стр.27.

и за нивните соседи; а, незападните цивилизации општо ја реафирмираат вредноста на сопствените култури; 3) во настанување е светски поредок којшто се темели врз цивилизациите; општествата меѓу кои постојат културолошки сличности соработуваат меѓусебно; неуспешни се обидите, општествата да се префрлат од една во друга цивилизација; а, земјите се групираат околу водечките или основните држави на нивната цивилизација; 4) универзалистичките претензии на Западот сè повеќе го доведуваат во конфликт со другите цивилизации и тоа најсериозно со исламот и со Кина; на локално ниво, војните по раседни линии, најчесто меѓу муслимани и тие што не се муслимани, генерираат „здружувања помеѓу роднински земји", носат закана од поширока ескалација, а со тоа и поттикнуваат напори од страна на главните држави да им стават крај на тие војни и 5) опстанокот на Западот зависи од тоа дали Американците ќе го реафирмираат својот западен идентитет и дали луѓето од Западот ќе ја прифатат својата цивилизација како уникатна, а не како универзална, односно дали ќе се обединат за да ја обноват и да ја сочуваат таа цивилизација од предизвиците од страна на незападните општества.[34] Дали глобална војна меѓу цивилизациите ќе се избегне зависи од тоа дали светските лидери ќе го прифатат и ќе соработуваат со цел да го одржат мултицивилизацискиот карактер на глобалната политика, заклучува Хантингтон.

### 1.2. Теории на геополитика

Историјата на науката покажала дека сите научни концепти, вклучувајќи го и поимот „геополитика" имаат историско и географско потекло.[35] Динамичкиот политички процес кој ја формира оваа врска помеѓу политичките уредувања и условите на физичката околина е една од темите која се анализирала од античките времиња наваму.[36] Сепак, развојот на глобалните геополитички и геостратешки теории бил возможен согласно извесноста на светската географија.

[34] Ибид.,

[35] Чамински, Борче „Геополитичко значење и заштита на енергетската инфраструктура на Република Македонија од асиметрични закани". Скопје: Филозофски факултет/Институт за безбедност, одбрана и мир.2017.стр.24.

[36] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.100.

За геополитиката се смета дека е наука од редот на општествените научни дисциплини која се занимава со проучување на општествените, економските, демографските и политичките процеси на државите, како единки зависни и распоредени во единствен географски простор. Со процесот на глобализација и детериторијализација, геополитиката добива сосема нови размери кои се однесуваат не само на државите туку и на недржавните актери и единки како народи, заедници, општествени движења, религии, цивилизации, групирања, терористички групи и криминални мрежи и организации.

Дефинирањето на поимот геополитика претставува сложен и долготраен процес кој изобилува со голем број разлики во однос на предметот на истражување и главните методолошки принципи на оваа научна дисциплина.[37] Геополитиката се занимава со поимите како што се: власт, политика, стратегија, простор, место, територија, и ги опфаќа сите можни интеракции во рамките на овие различни области.

Рацел ја поставил теоријата на животен простор (Lebensraum) , користејќи ја тезата за органска теорија на еволуцијата на државата развиена под влијание на Дарвин.[38] Оваа теорија била прифатена како основа на политичката географија подоцна од страна на западните колонијални држави таа претставувала научна основа за градење експанзионистичка политика.[39] Според Рацел, кој државата ја набљудувал како жив организам и како таков има потреба за исхрана, тврдел дека исхраната на државата е можна само со присвојување нови територии. Тврдењето дека во иднина, политичката важност на Европа ќе се намали поради ограничениот простор и дека во новата меѓународна конјуктура своето постоење ќе го продолжат само оние земји кои ќе го прошират своето влијание на големи територии надвор од Европа, Рацел поставил насоки на експанзионистичка политика. Тој го мерел растот на државата преку нејзината експанзија и потенцијалот што таа го обезбедува при политичкиот подем. Сметал дека таквите појави се добри по здравјето на државата бидејќи на тој начин таа ја зголемува

---

[37] Чамински, Борче.,2017, стр.26.
[38] Glassner, Martin, Harm J. de Blij.,"Systematic Political Geography, New York:Wiley, 1967, pp.233.
[39] Ибид.,

сопствената сила. Токму поради тоа растот или подемот на државата е нејзина природна особина со која таа би имала тенденција да ги апсорбира помалите и помалку успешните држави.

Со цел да ја објасни поврзаноста помеѓу политиката и географијата, шведскиот политолог Рудолф Кјелен, во 1899 година за прв пат го употребил поимот „геополитика.“[40]

На тој начин Рацел и неговиот наследник Кјелен ја подготвиле теориската основа за подоцна развиените теории на копнена, морска и воздушна геополитика.[41]

Делото на Кјелен, „Државата како еден организам“ (Staten som Liftsform), ги отсликува врските помеѓу формирањето и структурата на државата. Со преводот на германски во 1917 година, ова дело станало важен извор за подоцна развиената германска геополитика.[42]

Оттогаш, терминот геополитика се соочува со долга и разнолика историја во XX век која влијае на суштината на неговото значење и претрпува далеку поразлично толкување од изворното што е дефинирано од Кјелен во 1899 година.[43] Токму поради тоа дефинирањето на поимот геополитика претставува исклучително тешка задача која изискува анализа од аспект на неговиот историски и дискурзивен контекст на употреба.

Ако моќта на државите е детерминирана од доминацијата што ќе ја имаат врз новите простори, прашањата како: „каде се регионите што ќе им овозможат на државите релативна предност во оваа борба?“; „како може на најоптимален начин да се втемели доминацијата во овие региони?“ и „како може да се зачува веќе востановената доминација?“, отвориле пат за развој на копнената, морската и воздушната геополитика како фактори што директно влијаат врз државната политика.[44]

---

[40] Чамински, Борче.,2017, стр.24.
[41] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.101.
[42] Ибид.,
[43] Чамински, Борче.,2017, стр.24.
[44] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.101.

На почетокот на XX век, империјалистичките интелектуалци, меѓу кои и Кјелен, ја сфаќале геополитиката како дел од надворешната политика на западниот империјализам кој се занимава со односот меѓу географскиот простор и политиката.[45] Во тој контекст, Карл Хаусхофер успеал систематски да ја развие и да ја подигне геополитиката до ниво на доктрина во меѓународните односи чија цел била нагласување на просторот, односно геополитичка експанзија, како примарен услов за зајакнување на политичката моќ.[46]

Копнената геополитика, развиена на почетокот на векот од страна на Халфорд Џон Макиндер, за време на Втората светска војна, од страна на Хосхофер била адаптирана на германската геостратегија, а од страна на Николас Спајкман на американската геостратегија.[47]

Несомнено, најзначајниот геополитички концепт, кој всушност самиот по себе претставува и основа на геополитиката со што воедно се одржува со својата релевантност, сè до денешни дни е концептот на Хартленд (или срцевината на светот).[48] Концептот и поимот се создадени од британскиот научник и политичар Халфорд Џон Макиндер. Иако не го употребувал терминот геополитика, Макиндер претставува најистакнатата фигура меѓу геополитичарите и основач на геополитиката како посебна научна дисциплина. Никој друг не ја разбрал подобро важноста на врската помеѓу географијата и светската историја.[49] Како најзначаен геополитички теоретичар, Макиндер воспоставил современа геополитичка визија, створил слика за светот како производ од времето и просторот, ја барал корелацијата меѓу географијата и историјата и се залагал за географската суштина на глобалната политика. Во неговиот концепт, поттикнат од британските империјалистички интереси, Хартленд првично претставен како стожерна област (Pivot Area), е географски сместен во длабоката внатрешност на Евроазија, во

[45] Чамински, Борче.,2017, стр.24.

[46]Александар Дугин.„Основи Геополитике".Зрењанин,Екопресс. Книга 1, Геопопитичка Будућност Русције, прев. Сава и Петар Роси 2004, стр. 69.

[47] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.101.

[48] Mileski, Toni and Sharevski Mario,.„Conceptualization of the Balkan Political Map": Skopje: /Faculty of Philosophy – Skopje/Institute of security, defense and peace, /Vol. 5, No.1, 2014.45-65. pp.48.

[49] Francis P. Sempa.,"Geopolitics: From the Cold War to the 21st Century".New Brunswick and London: Transaction Publishers, New Bronswick,New Jersey. 2002, pp.9.

непристапните копнени предели од каде што е лесно достапно за напад секое место на „Светскиот Остров“, така што со можноста за лесно одбивање на поморските сили како неминовна последица од поседот на оваа област произлегува светска доминација.[50]

Во својата статија наречена: „The Geographical Pivot of History“, објавена во 1904 година, Макиндер го анализирал односот помеѓу географијата и политиката во историски контекст.[51] Тој ја толкувал политичката историја сведувајќи ја на геополитички основи и ги определил приоритетните цели делејќи ја светската географија од аспект на политичка и воена стратегија на централен регион (Хертланд) на начин што ги определил, надворешниот и внатрешниот појас. Затоа, за една стратегија што се потпира на копнена доминација, приоритет е да се зачува доминацијата во централниот регион бранејќи ја од нападите кои би дошле од море, регион којшто се состои од речните басени и кои почнуваат од Источна Европа слевајќи ги своите води во Азиското Поларно Море и средноазиската непроточна дренажна област.

За да се воспостави сигурна светска доминација, според Макиндер, потребна е доминација во Евроазија, за евроазиска доминација потребна е доминација во Хертланд, а за хертландска доминација потребна е доминација во Јужна Европа.[52] Според теоријата на Макиндер, Анадолија е внатре во подрачјето на Источна Европа, а Блискиот Исток во средината на внатрешниот појас на Евроазија, надвор од Хертланд.[53]

Според Александар Дугин, Мекиндеровата статија може да се смета како најзначаен геополитички текст во историјата на самата научна дисциплина бидејќи во него не само што се опишуваат сите претходни линии на развој на политичката географија туку се формулираат и нејзините основни закони.[54] Во

[50] Ибид.,стр.49.
[51] Види повеќе: Halford J.Mackinder,„The Geographical Pivot of History“, Geographical Journal vol. XXII,(1904), стр. 421-444.
[52] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.102.
[53] Ибид.,
[54] Александар Дугин (1962), политички аналитичар, интелектуалец од десницата, кој се појави од ерата на Перестројка во 80-тите години на минатиот век, како еден од главните националисти на Русија. Аргументите на Макиндер беа корисни за Дугин и другите тврдокорни лица кои тврдеа дека конфликтот со Западот е постојан услов за Русија, иако имаа проблеми да објаснат зошто.

него Мекиндер, ја разгледува историјата како борба меѓу копнените и морските сили.

Енциклопедијата „Британика“, геополитиката ја дефинира како анализа на географските влијанија врз релациите на големите сили во меѓународните односи.[55] Креаторот на поимот Кјелен, геополитиката ја нарекува наука за државата како географски организам или појава во просторот, додека Хаусхофер геополитиката ја дефинира како амбициозна наука – новата наука на националната држава. Френсис Семпа,[56] геополитиката ја дефинира како „интеракција помеѓу државите и империите во определен географски простор.“[57]

Како форма на моќ/знаење, геополитиката била родена во ерата на империјалистичкото ривалство во периодот од 1870 до 1945 година кога спротивставените империи (Велика Британија, Русија, Франција, Италија, САД, Германија и Јапонија) се судриле и се бореле во повеќе војни – од кои две светски – кои резултирале со ревизија и менување на линиите на моќта, односно на границите на светската политичка карта.[58]

Германскиот офицер, географ, политичар и водечки поборник за геополитиката, Карл Хаусхофер е најодговорниот империјалистички геополитичар поради кој геополитиката долго време била третирана не само како „псевдонаука“ туку и како „фашистичка теорија“ врз основа на која бил извршен најголемиот геноцид во историјата на човештвото.[59] Хаусхофер, основачот на нацистичката геополитика и учителот на еден од нацистичките лидери Рудолф Хес, ја дефинирал геополитиката како научна област која во себе ги соединува сите природни и хуманистички науки.[60] На тој начин од една страна со развивањето на теоријата за животен простор (Lebensraum) се обидел на

---

Причините за Студената војна навидум испарија со крајот на идеолошката конфронтација, во новата ера на универзална толеранција, демократија и „крај на историјата“.

[55] Deudney, Daniel H.„Geopolitics“.< https://www.britannica.com/topic/geopolitics>. [Пристапено во мај 2021]

[56] Френсис Семпа (1959), адвокат, професор по политички науки и автор на голем број трудови и книги.

[57] Francis P. Sempa., 2002,pp.5.

[58] Чамински, Борче.,2017, стр.27.

[59] Ибид.,стр.32.

[60] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.102.

нацистичката експанзија да ѝ даде научна легална основа, а од друга страна ги определил тактичките и стратешките цели на германската геостратегија пред втората светската војна.[61]

Николас Џон Спајкман[62] ја сметал геополитиката како важен инструмент на меѓународната политика, како аналитички модел што ќе овозможи најдобри и најефективни стратегии.[63] Спајкман промовирал две географски величини во светската политика и тоа Стар и Нов свет.[64] Првиот го сочинуваат Евроазија, Африка, Австралија и помалите острови кои се наоѓаат во близина на споменатите континенти, додека вториот, или Новиот свет, го сочинуваат Америка и западната хемисфера.[65] Според Спајкман, овие два света се испреплетуваат еден со друг преку Атлантскиот и Тихиот Океан. Спајкман ја парафразира познатата фраза на Мекиндер на следниот начин: „Кој го контролира Римланд, тој управува со Евроазија; Кој управува со Евроазија, тој ја определува судбината на светот."[66]

Спајкман ја критикувал тезата на Макиндер поради тоа што му давала премногу значење на Хертланд, тврдел дека вистински потенцијал за доминација е рутата на страничниот појас (Rimland) кој го сочинуваат Западна Европа-Турција-Ирак-Пакистан-Авганистан-Индија-Кина-Кореја-Источен Сибир, и ја развил тезата дека силата што ќе доминира над овој појас ќе доминира и над целиот свет.[67] Спајкман, тргнувајќи од оваа теза, ја советувал американската администрација да не дозволи друга сила да доминира над овој појас, и може да се смета за идеен творец на американската геостратегија која од Втората светска војна наваму се заснова на блокада на централниот копнен блок со помош на пактовите (НАТО - СТО (Светска трговска организација) - СЕАТО (Трговска организација на Југоисточна Азија).

[61] Ибид.,
[62] Николас Џон Спајкман (Niscolas John Spykman) е автор на „Американската стратегија во светската политика" и „Географија на мирот", публикувани во 1942 и 1944 година.
[63] Mileski, Toni and Sharevski Mario.,2014.pp.56.
[64] Ибид.,
[65] Ибид.,
[66] Ибид.,
[67] Niscolas John Spykman, The Geography of the Peace, New York: Harcourt, Brace, 1944, стр.43.

Морската геополитика, која ја развил познатиот стратег Махан, се потпирала на стратешки принцип на доминација кој се развивал од површината кон центарот и од морето кон копното.[68] Тој тврдел дека само една блокада на околните морињa може да се спротивстави на потенцијалот на експанзија на една домининантна сила над централниот регион и нагласил дека Америка, Англија, Германија и Јапонија имаат заеднички интерес во блокирањето на Русија и држењето под контрола на Кина.[69]

Тврдењето на креаторите на надворешна политика, како еден политички маневар, дека „традиционалните теории изгубиле важност со развојот на воздушната геополитика и нуклеарните технологии по педесеттите години од минатиот век", изгледа точно кога ќе се земе предвид тактичката политика која ја воделе двете суперсили за време на Студената војна на Блискиот Исток и во Јужна Азија.[70]

Александар Прокофјев де Северски, кој се смета за предвесник на воздушната геостратегија, сметајќи дека копнената и морската геостратегија ја изгубиле релативната предност во однос на огромниот потенцијал за доминација на воздушната геостратегија, на американската администрација ѝ советувал промена на стратегијата која ќе ги земе предвид новите фактори.[71] Како алтернатива на конвенционалната светска карта на Макиндер и Спајкман, Северски предложил азимутска светска карта и ги утврдил регионите со стратешки и тактички приоритет, кои за основа ја имале воздушната стратегија.[72]

Во текот на Втората светска војна, геополитиката добила примат на „интелектуален отров" во САД. Во тој контекст, Владата на САД во 1940 година ја разгледувала можноста за создавање Геополитички институт и го формирала Геополитичкиот оддел во Воената служба за разузнавање со експлицитна намена за проучување на физичката, економската, политичката и етнолошката

[68] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.103.
[69] Ибид.,
[70] Ибид., стр.104.
[71] Види повеќе: Alexandar P. de Seversky, AirPower: Key to Survival:New York: Simon&Shuster, 1950.
[72] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.104.

географија, а со цел предлагање мерки за национална безбедност и обезбедување континуиран мир во светот по завршувањето на војната.

И покрај силниот притисок и одбивност кај глобалната научна заедница, по завршувањето на Втората светска војна и падот на Нацистичка Германија, геополитиката не исчезнува. Напротив, таа го менува својот облик и останува присутна во поствоените меѓународни односи. Иницијативата на претседателот на САД, Хари Труман за воена и економска помош на Владите на Турција и Грција за справување со комунизмот како глобална закана, во 1948 година го најавил крајот на империјалистичка геополитика и почетокот на геополитиката во периодот на Студената војна.[73]

Во периодот на четириесетгодишната Советско-американска геополитичка и идеолошка конфрнотација, а особено во нејзината прва половина, терминот геополитика бележи многу ретка примена, како во меѓународните односи така и во истражувањата на академската заедница.

Најголема заслуга за враќање на угледот и респектот на геополитиката во седумдесеттите години од XX век, особено во академските кругови и во функција на политиката на САД, ја има еден од најголемите американски стратези, Хенри Кисинџер. На почетокот на седумдесеттите години геополитиката станала метод за експресно истакнување на ривалствата и геостратегиските претензии на големите сили, особено во регионот на Блискиот Исток и Југоисточна Азија. Во овој контекст, Студената војна била типична реализација на геополитичкиот натпревар кој во тоа време се играл на светската шаховска табла. Четири децении двете светски сили постојано ја нагласувале опасноста од меѓусебното загрозување, сè до колапсот на едната од нив, најпрво со Варшавскиот пакт, а потоа и Советскиот сојуз, со што официјално бил означен крајот на геополитичката идеологија во периодот на Студената војна.

Етимолошката анализа на империјализмот и Студената војна, води кон неизбежниот заклучок дека геополитиката вообичаено станува популарна за

---

[73] Види повеќе на: Web page of the Office of the Historian.„The Truman doctrine, 1947". <https://history.state.gov/milestones/1945-1952/truman-doctrine>. [Пристапено во мај 2021]

време на војна, промени и кризни состојби.[74] Тоа несомнено може да го видиме во периодот на распадот на Советскиот сојуз, односно по завршувањето на Студената војна, кога интересот за геополитиката го достигнал истото ниво од периодот меѓу двете светски војни.

Интересот на академската заедница за геополитиката доживеал вистинска ренесанса во периодот по Студената војна, исто како во седумдесеттите години од XX век кога Кисинџер го потсетил светот за одамна заборавената и омаловажена научна дисциплина.

Во овој контекст со забрзаниот процес на глобализацијата, Фукујама[75] и Хантингтон во своите геополитички дела го најавиле крајот на светот, односно почетокот на судирот на цивилизациите. Во меѓувреме, додека Бжежински[76] ги редефинирал старите закони на „Големата шаховска табла“, базирани на Макиндеровата теорија за *hartland-от*, единствената суперсила била во потрага по нов предизвик и нови геополитички теории кои безрезервно би ги поддржале т.н. Нов Светски Поредок.[77]

Во периодот на Студената војна, геополитиката најчесто била употребувана за да го опише глобалниот натпревар помеѓу Советскиот Сојуз и САД за наметнување на сопственото влијание и контрола над државите и светските стратешки ресурси.[78] Со оглед на нејзиниот сеопфатен пристап во однос на визијата за креирање на светската политичка карта, по завршување на Студената војна дошло до глобално зголемување на популарноста и интересот за геополитиката, особено помеѓу политичарите, стратешките аналитичари и научните работници.

Геополитиката добива сè поголема важност паралелно со зголемувањето на односот на поврзаност помеѓу глобалната рамнотежа и регионалните области на

---

[74] Чамински, Борче.,2017, стр.36.
[75] Френсис Фукујама (1952)е познат американски политички филозоф, политичко-економски аналитичар и автор со јапонско потекло.
[76] Збигњев Бжежински (1928-2017) беше познат американски политичар, научник и геостратег со полско потекло. Служел како советник за национална безбедност на САД од 1977 година до 1981 година.
[77]Ибид., стр.36.
[78] Ибид, стр.24.

интеракција.[79] Врските меѓу геополитиката, геоекономијата и геокултурата ја интензивираат моќта на влијание врз меѓународните односи на приодите базирани на нивното меѓусебно влијание.[80]

Денес, геополитиката се фокусира на „големата слика", нуди опции за поврзување на локалните и на регионалните процеси во глобалниот систем како целина и го промовира просторниот начин на размислување кој истовремено вклучува разни актери, елементи и локации на „глобалната шаховска табла."[81]

Како работна верзија во оваа докторска дисертација, ќе се земе дефиницијата на професорот на Универзитетот во Портланд, Ладис Д. Кристоф, кој геополитиката ја третира како проучување на политичките феномени во: 1) нивните просторни односи и 2) нивните врски во однос на зависноста и влијанието на земјата, како што се сите оние културни фактори кои го сочинуваат предметот на проучување на хуманата географија (антропогеографија) во широка смисла на зборот.[82] Исто така, при проучувањата ќе се користи и дефиницијата на Мартин Гласнер кој смета дека геополитиката е изучување на државите во контекст на глобалните просторни феномени во обид да се разбере основата на моќта на државите и интеракцијата на државите во светските и меѓународните односи.[83]

## 1.3. Геополитика на Република Турција

Република Турција е земја што зазема уникатна географска позиција која се протега делумно во Азија и делумно во Европа. Низ својата историја дејствувала и како бариера и како мост помеѓу двата континента.[84] Турција се наоѓа на раскрсницата на Балканот, Кавказот, Средниот Исток и Источниот Медитеран и е

---

[79] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.112.
[80] Ибид.,
[81] Чамински, Борче.,2017, стр.25.
[82] Kristof, K.D., Ladis (1960). "The Origins and Evolution of Geopolitics". The Journal of Conflict Resolution Sage Publications. **1** (4): 34.
[83] Glassner, Martin; Fahrer, Chuck (2004). Political Geography. 3rd. Hoboken: Wiley.
[84] Dewdney, John C._ "Turkey".<https://www.britannica.com/place/Turkey> . [Пристапено во мај 2021]

една од поголемите земји во регионот според територија и население, а нејзината копнена површина е поголема од која било од европските држави.[85]

Турција, од аспект на геополитиката, има централна положба во однос на областите на борба на доминација и премини во насоките исток-запад и север-југ на копнените и поморските центри на сили.[86] Двете важни копнени области на премин (Балкан и Кавказ) и еден морски премин (Босфор), кои го поврзуваат Евроазискиот централен блок со Африка и топлите мориња во правец север-југ, се вкрстуваат во Турција и ги поврзуваат овие области со Блискиот Исток и Каспискиот Регион, области со геоекономски потенцијали.[87] Во правецот исток-запад, Анадолскиот Полуостров е најважната алка во стратешките полуострови кои го опкружуваат Евроазискиот Континент.[88] Исто така, пет од шесте најголеми светски сили - ЕУ, Русија, Индија, Кина и Јапонија - директно се среќаваат во овие региони.[89]

Таквата позиција, за време на Студената војна ѝ овозможила на Турција да заземе улога на статичен фактор, обидувајќи се да го искористи овој геополитички аспект како адут кој ќе ја зголеми нејзината преговарачка моќ. По завршувањето на Втората светска војна и поради сеприсутната советска закана, турската надворешна политика, ја препознала потребата и користа од западниот безбедносен сојуз затоа на секој начин се обидувала да ги актуелизира своите геополитички предности. Стратешката положба, како најважен адут на Турција, била дискутирана, особено во периодите кога САД, а генерално и НАТО, ги занемарувале обврските во врска со овој безбедносен сојуз или во ситуации кога преговарачката моќ на Турција во други области била намалена. Повеќето американски аналитичари за надворешна политика имаат тенденција да ја гледаат Турција или како пасивен мост или како точка нанапред за НАТО и

[85] Ибид.,

[86] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.113.

[87] Ибид.,

[88] Ибид.,

[89] Cohen, Saul B.,„The Geopolitics of Turkey's Accession to the European Union“. Eurasian Geography and Economics, 2004.45:8, 575-582.pp.577.

Западот кон Блискиот Исток, Кавказ и Централна Азија (на пример, Кемп и Харкави).[90]

Стратешката позиција на Турција, наместо да биде параметар за отворање кон светот, била користена како стратегија за зачувување на состојбата на статус-кво. Така на пример во 1953 година бил формиран Балканскиот пакт помеѓу Југославија, Грција и Турција потпишан во Анкара на 28 февруари 1953 година. Договорот требало да претставува брана против советската експанзија на Балканот. Во тоа време Грција и Турција биле членки на НАТО, но комунистичка Југославија не сакала да го стори тоа. Оттука, Договорот бил одлична можност за задржување на состојбата статус-кво .[91]

Во годините што следат Турција го напушта концептот каде што геополитичката положба е средство за зачувување на состојбата статус-кво, како мотив од потребата да се одбранат границите. Турција, ги согледува перспективите каде што на геополитичката позиција е во функција на постепено отворање кон светот и трансформација на регионалното влијание во глобално. Првиот предуслов за претворањето на домашното влијание, кое е засновано на граници, во регионално и глобално влијание е поврзан со користењето на геополитиката во една динамична рамка во економските, политичките и безбедносните односи. По процената на Бжежински дека будењето на исламот е еден процес кој им се заканува на американските интереси, претставата за исламскиот свет како нов спротивен пол кој им се заканува на западните вредности, опишан во есејот на Фукујама под наслов: „Крајот на историјата" објавен во почетокот на деведесеттите години на минатиот век и тврдењето на Хантингтон кон средината на деведесеттите, дека исламскиот свет зазема централно место во судирот на цивилизациите, можат да се сметаат за фактори кои содржат постојаност во сликата на новата геокултурна поларизација.[92] За овој начин на пристап, Ричард Фалк ориентирајќи се кон геополитичка исклучивост со

---

[90] Cohen, Saul B., 2004,pp.577.

[91] David R. Stone, "The Balkan Pact and American Policy, 1950-1955,"East European Quarterly 28.3 (September 1994), pp. 393-407.

[92] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.132.

полно право забележал, дека кон крајот на деведесеттите го изгубил интензитетот заедно со увидувањето, особено по босанската драма, дека исламскиот свет не е причината за новата геокултурна поларизација, туку е оштетената страна во неа.[93]

Во меѓувреме, Блискиот Исток престанува да биде центар на една идеолошка поларизација како во времето на Студената војна и повторно се актуелизираат тенденциите на него да се гледа како на гранична рута на Запад – Исток и ислам – христијанство.[94] Ваквата ситуација се претворила во фактор кој влијае врз надворешните интервенции на регионот, било врз внатрешно регионалните или внатрешно државните равенки, особено во државите со тоталитарни режими. Во понатамошниот период, значењето на Блискиот Исток е неизбежно зголемено, особено во полето на културата, проблемот со припадноста на средноисточната цивилизација и неговото влијание врз целосната геокултурна структура на регионот.

Според Давутоглу за Турција, која има најкоренита историска акумулација во регионот, многу е важно овој проблем да го надмине без внатрешни судири и да влезе во едно ново цивилизациско издигнување не само од аспект на нејзиниот територијален интегритет туку и од аспект на иднината на регионот. Тој смета дека споровите кои се појавија во Турција во последните години се болна манифестација на овој коренит геокултурен проблем. Во оваа рамка, со усвојувањето на еден исклучувачки и борбен стил, се отвора пат кон ризик од загрозување на територијалниот интегритет на државата и проблем на координација на внатрешната и на надворешната политика. Во спротивно, еден период кој дозволува во услови на слободно мислење и средина на меѓуцивилизациска споредба и проценка, може да ја направи Турција една од најживите и најмултикултурни средини на модерните времиња, заклучува Давутоглу.

Хантингтон со својата теза во „Судирот на цивилизациите“, ја дефинира Турција како растргната земја (torn country) која Ататурк започнал со огромен напор да ја модернизира и притоа од едно општество кое било муслиманско по

---

[93] Ибид., стр.133.

[94] Ибид.,

својата религија, наследство, обичаи и институции се потрудил со владејачката елита да ја направи дел од Западот.[95]

Спротивно на неговото позиционирање, припадноста на една вклучувачка и сеопфатна цивилизација ќе ја направи Турција значајна сила, која може заедно со внатрешните различности да го зачува територијалниот интегритет и да ја надмине тенденцијата за геокултурна поларизација во регионот. Еден од најважните придонеси кои Турција, тргнувајќи од своето цивилизациско искуство, може да ги даде за глобалната култура е да ја избегне замката на геокултурна изолација и да се впушти во едно ново цивилизациско издигнување, забележал Давутоглу.

Во периодот на Студената војна се случиле важни промени во геоекономските карактеристики и тежишните полиња на регионот околу Турција. Регионалната геоекономија, која за време на Студената војна се идентификувала преку нафтата и регионалната геополитика, која била водена од нафтената рамнотежа, потпаднале под влијание на нови фактори околу водниот транспорт, земјоделските области и енергетските извори во регионот.

Со завршувањето на Студената војна, регионалната геополитика на Блискиот Исток и значењето на оваа геополитика во мрежата на меѓународни односи претрпеле значајна промена. Дефинирачкиот и легализирачкиот поим на периодот по Студената војна, новиот светски поредок, својата прва примена ја имал токму во овој регион. Со губењето на ефектот на статичните геополитички рути на двополовата структура од глобални размери, начинот на гледање на големите сили на регионот и внатрешно регионалната геополитичка рамнотежа добил еден многу подинамичен карактер.

За разбирање на глобалната политика и процесот на развивање на воените стратегии и поимање на важноста на географската положба на Турција во рамките на овие стратегии, анализата на копнената, морската и воздушната геополитика е многу важна.

---

[95] Huntington, Samuel P. 1997.pp.74.

## 1.4. Геополитика на Балканот

Разгледувањето на Балканот како одделен и специфичен геополитички регион во светот, од гледна точка на геополитичкото и геостратешкото значење неминовно се заснова на две стојалишта: а) физичко-географските граници и структурата на просторот – кои се постојан и поретко променлив чинител и б) политичко географските граници и структура во однос на бројот на држави кои опстојуваат и суштествуваат – што пак е непостојан, нестабилен и често променлив фактор.[96] Физичко-географските граници и територијалниот опфат на Балканот е општоприфатен како најисточен од трите јужни полуострови на европскиот континент, помеѓу Јадранското и Јонското Море на запад, Егејското и Средоземното Море на југ, Црното и Мраморното Море на исток и на север ограничен од течението на реките Дунав и Сава, политичко географскиот состав и разместеност се предмет на чести и постојани промени, спорови и спротивставености.[97]

Од антиката терминот Балкан е познат како Хемус (гр. Αἷμος), односно ороним за планинскиот венец Стара планина.[98] До XIX век Европејците, за европските територии на Османлиите, ги користеле фразите European Turkey, Turkey d'Europe, Turkey in Europe (европска Турција, Турција во Европа), додека, пак, османлиската држава ги претпочитала фразите Avrupa-I Osmani (европски Османлии) и Rumeli-i Sahane (величествена Румелија).[99]

Во тој период, паралелно на политичките настани, имало потреба од нови именувања кои ќе ги избришат турската и муслиманската слика, па така, на овие простори почнале да се користат истовремено две фрази кои ќе бидат еквивалентни со постојана криза: Балкан и Блискиот Исток.

Фразите Балкан и Балканскиот Полуостров, во политичката литература првпат биле употребени од страна на германскиот географ Аугуст Цојне во своето

[96] Mileski, Toni and Sharevski Mario., 2014.pp.46.
[97] Ибид.,стр.47.
[98] Тодорова, Марија„Замислувајќи го Балканот".Скопје:Магор,2001, стр.31.
[99] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.118.

дело „Геа“ од 1808 година.[100] Во средината на XIX век, на Д. Омалинс д'Халлој (1835) не му била доволна фразата Балкан, која според легендите била преземена од хазарските Турци, па претпочитал да ја користи фразата Славогрчки (Slavogreece), додека, пак, К. Ритер овој простор директно го нарекол Грчки Полуостров (Halbinsel Griechenland). Исто така, зборот Балкан е турски и означува „планина“, а на овој полуостров доминира овој вид земјишна форма, особено на запад.[101]

Некои германски научници, како Фишер и Вагнер, ја прошириле фразата Полуостров на Југоисточна Европа (Sudosteuropaische Halbinsel) која за прв пат во 1863 година ја поставил австрискиот конзул Јохан Георг фон Хан и овој полуостров го довеле во директна врска со името Европа, па не е случајно што го направиле тоа, токму во времето кога големите европски држави почнале да се интересираат за овој простор.[102]

Во овој контекст, некои автори важни за академската литература го оценуваат геополитичкото и геостратешкото значење на Балканот во рамките на озлогласената и влијателна „дихотомија“ Исток-Запад. За некои, Балканот е (повеќе или помалку периферен) “дел од Европа”, додека за други автори, истиот регион е “парче од Азија во Европа”, или барем “прва станица на патот кон Исток , како парадигма на заостанатост, суров и груб Балкан.”[103] Покрај тоа, за некои набљудувачи, терминот “Балкан” е товарен со негативни конотации поврзани со историјата на етничката поделба и политичките пресврти во регионот.[104]

При крајот на XIX век, употребата на фразата: „Блиски Исток“, од страна на многу политички научници и патописци, притоа мислејќи на Балканот, покажала дека овој поим не само што не е географски туку содржи културолошки противречности и поделби. Подоцна, фразата Блиски Исток ќе се употребува

---

[100] Тодорова, Марија.,2001, стр.34.
[101] Danforth, Loring.”Balkans“. Encyclopedia Britannica.
<https://www.britannica.com/place/Balkans.>[Пристапено во мај 2021]
[102] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.119.
[103]Diaconu, Florin.,”Geopolitical and geo-strategic status of Serbia on the Danube: The road from geopolitical pivot to geopolitical player (active actor)“: Belgrade: Institute of International Politics and Economics.Danube strategy – strategic significance for Serbia.2012.113-128.pp.114.
[104] Danforth, Loring.,[Пристапено во мај 2021]

паралелно со стеснувањето на просторот каде што владеат муслиманите и ќе стане поим кој ќе има геокултурни особини и ќе ја рефлектира поделбата Исток-Запад и муслимани-христијани.[105]

Балканот имал посебна важност за големите сили кои ги насочувале меѓународните односи, од аспект на ликвидација на османлиската држава во Европа која во очите на западниот колонијализам била политички центар на еден отпор кој сè повеќе и повеќе слабеел. Со Балканските војни османлиската држава се повлекла од териториите на Европа, освен од Источна Тракија, а по Првата светска војна таа била ликвидирана од аспект на меѓународното право и политика.

Балканот во текот на XX век бил главното подрачје на криза во меѓународните односи, при што само со еден испукан куршум на овој простор започнала светска војна со размери дотогаш непознати за човештвото.

Ахмет Давутоглу, креаторот на новиот надворешнополитички курс на Турција, во својата книга „Стратешка длабочина“ во делот посветен за Балканот посочува дека по завршувањето на Студената војна на Балканот настанал геополитички вакуум кој придонел до нов судир помеѓу регионалните и глобалните сили за свое влијание на Балканот, а етничката и верската разноликост на Балканот само дополнително придонеле во тие борби.[106]

Несомнено е дека Балканот поседува геокултурна важност од аспект на област која ги дели Истокот и Западот. Чувствителните геокултурни и геополитички разделни линии во оваа област довеле до тоа, кризата во меѓународните односи директно и на најсуров начин да се рефлектира токму во него.

---

[105] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.119.

[106] Ахмет Давутоглу(1959), дипломирал на Факултетот за економија и политика при Босфорскиот универзитет. На истиот универзитет, при Факултетот за јавна администрација магистрирал и докторирал на отсекот за политички науки и меѓународни односи во периодот 1999-2004 г. На Универзитетот Билкент работел како професор и раководител на отсекот за меѓународни односи, 2002-2009 г бил амбасадор и советник на Премиерот на Република Турција. Од 1 мај, 2009 до 2014 година бил министер за надворешни работи на Р. Турција. Од 27 август 2014 до 2016 година, бил назначен за Премиер на Р. Турција. Давутоглу бил дел од „100-те водечки глобални лидери“ на списанието „ Foreign Policy “ во 2010, 2011 и 2012 година. Автор е на повеќе дела и има напишано трудови од разни области.

Балканскиот Полуостров е карактеристичен по неговата политичка фрагметираност, доколку се земат предвид сите признаени и непризнаени политички територијални единици кои се 13 на број со просечна големина од 40 000 км2.[107]

По пат на демократско гласање на референдуми за независност, на крвави граѓански војни и помали воени судири, но и на интервенции на меѓународната заедница и безбедносни (воени) сојузи на геополитичката карта на Балканот во актуелниот период од 1991 година сè до денес се надополнил со следните држави: Северна Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, како и квази-државните единки со де-факто независен или полунезависен федерален статус како: Косово, Република Српска и Федерацијата Босна и Херцеговина кои не се членки на ОН.[108] Во рамките на геополитичката карта на Балканот во целост влегуваат и териториите на претходно постоечките независни држави Бугарија, Грција, Албанија.[109]

Балканскиот геополитички јазол е составен од: а) народи и држави и нивните односи и врски, б) надворешни држави и организации кои се активни политички, економски и на некои други начини на Балканот.[110]

Различните дефиниции во зависност од појдовното стојалиште, односно од историски, политички, културолошки аспект како дел од Балканот вклучуваат и држави чии помали делови од територијата спаѓаат во физичко-географските граници на Балканскиот Полуостров како што се Турција, Романија, а некои автори ја сметаат како балканска држава дури и Молдавија која во минатото била дел од Отоманската Империја.[111]

Република Турција била формирана по османлиската држава која по Првата светска војна била принудена да се откаже од своите права во блискиот за неа

[107] Ilic, Jovan. „The Balkan geopolitical knot and the Serbian question“. The Serbian Questions in the Balkans. University of Belgrade, Faculty of Geography. <https://www.rastko.rs/istorija/srbi-balkan/jilic-knot.html>.1995.
[108] Mileski, Toni and Sharevski Mario., 2014.pp.48.
[109] Ибид.,стр.48.
[110] Ilic, Jovan.1995.
[111] Mileski, Toni and Sharevski Mario., 2014.pp.48.

копнен басен и да се повлече во Анадолија. Од аспект на меѓународното право, османлиската држава е ликвидирана, меѓутоа геополитичките и геокултурните празнини кои се појавиле како резултат на оваа ликвидација доведоа до појава на нови точки на судир на Балканот. По етничките чистења во Босна и на Косово во деведесеттите години од минатиот век, Турција била првата земја кон која се обратиле бошњачките и албанските елементи, а тоа не значело ништо друго, освен преточување на една историска нужност и одговорност во важен параметар на надворешната политика.[112]

Заедно со ова, основата на политичкото влијание на Турција на Балканот може да ја сочинуваат не само муслиманските заедници на тој простор како оставина на Османлиите туку и на блиските односи формирани со други елементи. Турција се чини дека поседува исклучителни можности на Балканот, благодарение на историската акумулација заснована врз османлиското наследство.

Според Давутоглу, блиските односи кои ќе ги воспостави Турција со Босна и Албанија, каде што муслиманите се во мнозинство, и Бугарија, Грција, Македонија, Србија (Санџак), Косово и Романија, каде што муслиманите се во малцинство, треба да бидат најважниот елемент на политиката на Турција на Балканот. Тој смета дека потребно е Турција во овој регион да спроведува една активна политика во која ќе го брани принципот на еднаквост на сите граѓани кои ќе живеат заедно, а ќе се засновува врз човековите и малцинските права, истовремено таа политика ќе ги има предвид и културолошките и историските фактори. Многу е битно да не се дозволи религиозните и културните разлики да бидат причина за судир, туку овие разлики да станат поле на соработка во рамките на културното богатство. За да не се соочи со уште една катастрофа на Балканот како на почетокот на минатиот век, Турција е обврзана да биде предводник во една активна политика по прашањата поврзани со иднината на муслиманските заедници кои се османлиска оставина, но и да биде предводник во формирањето на еден балкански мировен поредок кој ќе ја спречи поларизацијата, така што

[112] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.120.

активно ќе ги искористи внатрешната рамнотежа во овој регион, но и надворешните фактори. Во рамките на надворешните фактори, од една страна потребно е одблиску да се следи рамнотежата меѓу Русија и Германија, а од друга страна да се следи политиката на урамнотежување на Европа и Русија како поблиски центри на моќ со САД, Јапонија и Кина.[113]

Според него, безбедноста на Балканот сѐ повеќе станува еквивалентна со безбедносните параметри на западните граници на Турција.[114] Безбедносниот појас кој за време на Студената војна бил оформен во Источна Тракија, со мултилатерални и билатерални безбедносни договори на ниво на Балканот, треба одново да се формира, но овој пат позападно. Од овој аспект, многу е важно, заедно со формирањето на безбедносните чадори и внатре во регионот и надвор од него, да се пристапи со една перспектива која ќе гарантира внатрешна безбедност и територијална целовитост на Босна и Херцеговина и на Република Македонија, забележува Давутоглу.

Балканот има прилично ниско ниво на економски развој во споредба со Западна, Централна и Северна Европа и со тоа целиот регион се одликува со прилично слаба и недоволна развиеност.[115] Надвор од политичка димензија, економската основа на надворешната политика на Турција на Балканот е сообраќајот.[116]

Во оваа рамка, потребно е да се создаде една активна координација во копнените и морските врски на Балканот со Блискиот Исток и Азија и овие врски по потреба, да станат елемент и на соработка и на надворешната политика.[117] Според Ив Лакост, влијателен автор во геополитиката, еден од најважните елементи на Балканот е “стратешката оска” Морава-Вардар.[118] Поради тоа, со започнување заеднички проекти кои ќе ги спојат Истанбул со Јадранското Море и

---

[113] Ибид.,
[114] Ибид.,
[115] Ilic, Jovan.1995.
[116] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.121.
[117] Ибид., стр.120.
[118] Diaconu, Florin.,2012.pp.122.

реката Дунав, Турција треба да се постави на централна позиција во внатрешно регионалните економски и политички структури.[119]

[119] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.122.

## ГЛАВА II

# ИСТОРИСКИОТ КОНТИНУИТЕТ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И НЕЈЗИНАТА МЕЃУНАРОДНА ПОЛОЖБА

## 2.1. Историски развој на Отоманската Империја

Во 1453 година, Отоманската Империја ѝ нанела смртоносен удар на Византинската империја со тоа што го заробила капиталот во Цариград. Отоманската Империја била една од најголемите и најдолготрајните империи во историјата. Таа била империја која била инспирирана и одржувана од исламот и исламските институции, при што била замена за Византиската империја како голема сила во Источниот Медитеран.[120]

Во овој контекст, она што несомнено ја обележа светската историја и претставува пример за совршено организирана империја е всушност постоењето на Отоманската Империја, односно Османлиското Царство кое постоело од 1299 до 1923 година.

Турската османлиска држава во текот на својот развој и постоење од крајот на XIII век, односно од почетокот на XIV век, од мала држава близу до Мраморното Море во Мала Азија израснала во голема империја којашто во средината на XVI век се простирала на 6,5 милиони квадратни километри проширувајќи ја својата територија во Европа и Мала Азија, на Блискиот Исток, во Арабија и Северна Африка, за во почетокот на XX век, по неколку векови опаѓање, сè уште се простира на 4 милиони квадратни километри, империја којашто, како што велат Бастиќ и Кризман: „наместо да стане мост, се претворила во бариера меѓу Истокот и Западот.“[121]

Одржувајќи се речиси 600 години, Отоманската Империја не само што била една од најмоќните империи во историјата на Медитеранскиот регион туку исто така придонесувала за заживување исламска уметност, архитектура и литература.

---

[120] BBC ”Ottoman Empire(1301-1922)” <http://www.bbc.co.uk/religion/religions/islam/history/ottomanempire_1.shtml>.9.4.2009.

[121] Поповска, Билјана „Државно-правна историја на Македонија VII – XX век“. Скопје: август, 2010, стр.109.

Ширењето на турската држава најнапред било насочено кон Анадолија, при што престолнина на државата станува Бурса. Освојувајќи ги подрачјата на некогашната Селџучка држава, под нејзино влијание почнале да се наѕираат контурите на османлискиот феудален систем.

Следниот период - раст на империјата (1453 – 1550 година) започнува по освојувањето на Константинопол (подоцна наречен Истанбул) во 1453 година од страна на султанот Мехмед II Фатих (Освојувачот) и исполнувањето на Мухамедовото пророкување дека главниот византиски град ќе биде освоен од муслиманите, а од владеењето на султанот Селим I Јавуз (Силниот) почнуваат да ја носат и титулата калиф, емир ал мукмин (водачи на правоверните) и шејх ул - ислам (регулатори на исламски прашања и чувари на Мека и Медина).[122]

Имено, во XVI и во XVII век Отоманското царство било меѓу најмоќните светски сили, сила која брзо освојувала, а остатокот од светот ја чувствувал загрозеноста. Влијанието на отоманските Турци во XVI век во Европа било далекусежно. Тоа исто така придонело кон "воена револуција", односно ги научило европските армии како да се бранат, а потоа да го поразат непријателот.[123] На овој како и на многу други начини, Турците одиграле значајна улога во обликувањето на европската историја.[124] Исто така, Отоманската Империја го достигнала својот врв во XVI век за време на владеењето на Сулејман Величествениот.[125] Во рамките на својата империја, султанот Сулејман спроведувал верска толеранција спрема христијаните и евреите.

Државната организација во Отоманската Империја била заснована на хиерархија, султанот на врвот, а потоа везирите, па останатите државни службеници кои служеле во име на султанот и за султанот. Овој период го

122 Ѓоршоски, Никола. „Аксиолошката и праксеолошката димензија на политичкиот ислам и неговата (не)компатибилност со демократијата" Скопје: Правен факултет: Докторска дисертација,2020, стр. 95.
123 Woodward, Geoffrey.„The Ottomans in Europe".History Today. <http://www.historytoday.com/geoffrey-woodward/ottomans-europe> Published in History Review, 2001.
124 Ibid.,
125 Szczepanski,Kallie „Turkey-Facts and History".Asian History. <http://asianhistory.about.com/od/turkeyhistoryculture/p/Turkey-Facts-And-History.htm.(пристапено во јануари 2021)>

карактеризираат многу обележја, при што како посебни се издвојуваат дворскиот живот, културата, традицијата и сложениот систем на организација на војската.

Структурата на воената организација на турската држава била резултат на нејзината географска положба и карактеристиките на општествено-економскиот систем, при што биле развиени копнените и поморските воени сили, во комбинација со феудални и регуларни-платенички единици. Во воените едници во кои влегувало христијанско население спаѓале најнапред така наречените „јаничарски единици“[126], а потоа „мартолозите“[127] и „војнуците.“[128]

Од економски аспект, системот на производствени односи во Османлиската империја бил изграден врз феудалните и врз полуфеудалните темели, при што најголемиот дел од руралната популација на Балканот, а особено оној дел кој се наоѓал во рамките на Османлиската империја, функционирал во ситуација на закрепостеност.[129]

Феудалните општествено-економски односи во суштина ја претставувале воено-феудалната Османлиска империја која била директно детерминирана од прашањето за земјата, следствено од него, од земјоделското производство.

Општествено–економската структура на ранофеудалната османлиска држава ја сочинувале следните општествени слоеви: феудалците, феудално зависните селани, номадско-племенските елементи со антифеудални стремежи и аграрните робови како остаток од поранешните општествено-економски односи, чија положба сѐ повеќе се приближувала до положбата на феудално зависните селани.[130] На почетокот во османлиското општество не се поклопувале целосно

---

[126] Јаничарите биле немуслиманско население, припадници на турската пешадиска единица во својство на телохранители на султанот.

[127] Мартолозите се народна милиција која била користена како внатрешна безбедносна сила на Отоманското Царство на територијата на Румелија од XV до XVII век

[128] Војнуците се членови на привилегираната отоманска воена социјална класа која се состоела од немуслиманско население. Види: Ömer Turan (1998). The Turkish minority in Bulgaria, 1878-1908, Türk Tarih Kurumu Basımevi. стр. 26 (пристапено на 10 март 2013)

[129] Додовска, Иванка.„Размена на малцинства меѓу Кралство Грција и Царство Бугарија и процес на национално формирање на Балканските држави“. Скопје :Правен факултет, 2009,стр.6.

[130]Понатаму, кристализирањето на положбата на разните општествени слоеви ќе доведе до формирање два основни слоја: аскери (војници) и раја (во најголем дел феудално зависни селани). Рајата била основниот произведувачки слој во државата, којшто бил двојно врзан и тоа за земјата и за спахијата. Освен тоа имало и муслиманска и немуслиманска раја при што нивните обврски се разликувале.

верските и класните спротивставености, понатаму кога Турција ја зацврстила својата власт на Балканот, сè повеќе се намалувал бројот на христијанските спахии и се преземале мерки за отстранување на немуслиманските елементи од тимарскиот систем.

Посебен општествен слој биле Власите (сточари) коишто биле ослободени од редовните давачки на рајата и кај кои даночна единица биле домаќинството и катунот како заедница на дванаесет домаќинства.[131] Во состав на турската држава имало и робови потчинети на владетелите.

Кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, јасно дошле до израз слабостите на општествено–економскиот систем на Османлиската империја. Тоа можело да се види во натамошното слабеење на централната власт понатаму, натамошната криза на тимарско–спахискиот систем и неговата трансформација во чифлик – сајбиски и општата криза која била резултат на постојаните порази на Османлиската империја во војните во Австрија и Русија.[132]

Во секој случај, значајно е да се напомне дека со конечното напуштање на тимаро–спахискиот систем во 1834 година, Османлиската империја направила чекор со кој се обидела да ја стабилизира големата воено–феудална империја.[133] Овие причини заедно со антифеудалното расположение на народот, довеле до општонародни востанија во европска Турција.

Во овој контекст, самиот прилив на стоковно-паричните односи, увезувањето на луксузните стоки, застојот во освојувањето нови територии, големиот степен на корупција низ целиот државен апарат и следствено на тоа, намалувањето на приходите од трговијата, го начнале и самиот темел на големата империја т.е. го започнале распадот на двата основни столба на воената моќ на Османлиската империја, спахиите и јаничарите. Последното довело до постапно завладување анархија, особено во балканските делови од империјата каде што се

[131] Присутноста на Власите на територијата на Македонија била повремена само како сточари или трговци, при што тие не биле трајно население. Несигурноста и постојаниот терор врз Власите во нивните изворни предели во Јужна Албанија и Тесалија принудил голем број Власи како сточари да ја населат територијата на Македонија.
[132]Тимарско-спахискиот систем бил облик на феудални општествени односи во основната стопанска гранка – земјоделството, но истовремено бил облик на организација на турската коњаничка војска на спахиите. Види: Поповска, Билјана,2010, стр.111.
[133] Додовска, Иванка., 2009, стр.6.

владеело преку тимаро-спахискиот систем. Паралелно со овој процес, т.е. во текот на процесот на пропаѓањето на тимаро-спахиството, државната реформа започнала со етапното воведување на чифлигарскиот аграрен систем.

Слично на тоа, особено од втората половина на XIX век, со голем интензитет се случило и навлегувањето на странските капиталистички влогови со што во рамките на целата империја речиси било уништено и онака слабото и во голема мера, заостанато стопанство.

Кон крајот на XIX век во турското општество се создал еден општествен слој составен од интелигенцијата, од кој понатаму ќе се регрутира младотурското движење коешто од опозиција на султанот сè повеќе ќе се трансформира во револуционерно движење со основни барања за воведување на констутиционализмот во Империјата и реформирање на државата според европскиот модел.[134] Како резултат на настојувањата на овој општествен слој, во годините пред Руско-турската војна, 1877-1878 година, дошло до победа на уставноста во Турција иако, била од краток век поради тоа што новиот султан Абудул Хамид II го суспендирал Уставот и во 1877 година го распуштил првиот турски парламент.[135] Ленин за првите успеси на младотурската револуција напишал: “Тоа е само половина победа.”[136]

Притоа, пред крајот на XIX век, на Балканот биле создадени три нови држави: Грција, Бугарија и Србија. Овој период започнал со т.н. Втора уставна ера, кој придонел за промена на уставот кој бил донесен во 1876 година и создавање на отомански парламент и првите политички партии. Новите држави на Балканот со поткрепа на Руската империја сакале целосно да ја протераат османлиската власт од Албанија, Македонија и Тракија.

На самиот почеток на XIX век иднината на големата Османлиска империја станала неизвесна поради збирот на општествено-економските односи, како и од политичките прилики, кои неповолно се одразиле на процесот на нејзината трансформација во модерна држава. Големата економска зависност од западно-

[134] Поповска, Билјана.,2010, стр.251.
[135] Ибид.,стр.252.
[136] Lutsky B.Vladimir.„The young Turk revolution and the Arab countries“. <http://www.marxists.org/subject/arab-world/lutsky/ch25.htm>(пристапено во јануари 2021)

европскиот капитал, кризата која сè повеќе се продлабочувала на планот на меѓунационалните, а воедно и на меѓуверските релации во османлиското општество, ја предизвикале ерозијата во сите сегменти на општествениот живот во Империјата.[137]

Периодот на реформи на отоманското царство (1827–1908 година) е петтата фаза, односно ерата на конституционализмот, милет-системот и реорганизација (танзимат) за време на султаните Абдулмеџит, Абдулхамид I, Абдулазис и Абдулхамид II (крвавиот султан) под притисок на Источната криза, мировните договори со Русија и младотурската револуција внатре во империјата.[138] Конечно, шестата фаза го означува крајот на ерата на Отоманската Империја, односно дисолуцијата на царството, султанатот (1908 – 1922 година). Последниот султан Мехмед VI умрел во егзил во Сан Ремо, а Абдулмеџид II како последен калиф (избран од страна на Големата турска национална асамблеа) исто така бил прогонет во Франција од страна на републиканското движење на Мустафа Кемал Ататурк.[139]

Периодот од историјата на Отоманската Империја од 1908 до 1922 година е познат како период на распаѓање на империјата. Почетокот на овој период се карактеризира со започнување на Младотурската револуција во 1908 година.[140]

Младотурската револуција влијаела на правците на балканската дипломатија во две насоки: прво, таа ги охрабрила австрискиот и рускиот министер за надворешни работи да ловат во матните води на Балканот, со што ја забрзале босанската криза; и второ, ги поттикнала балканските земји да го формираат Балканскиот сојуз и најпосле, речиси целосно да ги истераат Турците во Европа.[141]

Така, во 1912 година, избувнала т.н. Прва балканска војна, која завршила со потпишување на Лондонскиот мировен договор во 1913 година. Според него,

---

[137] Додовска, Иванка., 2009, стр.8.
[138] Види поопширно за периодот на танзиматот, режимот на Абдулхамид II, како и колапсот на империјата кај Sukru Hanioglu. *A Brief History of the Late Ottoman Empire*. Princeton: Princeton University Press. 2008. Стр. 72 -108 и стр. 150-202.
[139] Ѓоршоски, Никола,2020.,стр.
[140] Види Encyclopaedia Britannica.„The Young Turk Revolution of 1908“ Last Updated.11-18-2020.
[141] Поповска, Билјана.,2010, стр.256

Албанија на 27 декември 1912 била призната за независна држава, а предлогот за Македонија не бил прифатен.

По многу реформи во Царството и борбата за независност (1918-1923), основана била модерната држава Република Турција, откако на 1 ноември 1923 година Отоманскиот султанат бил формално укинат. На 29 октомври 1923 година, Република Турција била прогласена за независна држава со престолнина во Анкара. Мустафа Кемал Ататурк[142] станал прв Претседател на новата секуларна република.[143]

## 2.2. Воспоставување на Отоманската власт на Балканот

Влијанието на турската власт врз сите сектори на Балканското општество било длабоко.[144] Во втората половина на XIV век, тежиштето на освојувањата се пренело на Балканот каде што по победите на Турците над разединетите балкански монархии – битката на Марица 1371 година, на Косово Поле во 1389 година итн., тие постигнале успешни освојувања и тогаш се поставиле основите на турскиот феудален систем т.н. тимарско–спахиски систем.[145] Освен тоа, друга престолнина на државата станала Едрене, во согласност со ширењето на државата.

По смртта на царот Душан во 1355 година, како резултат на слабеењето на централната власт во Српската феудална држава, на самата територија на државата се формирале самостојни феудални држави и кнежества.[146] Исто така, во Македонија се формирале повеќе такви феудални владетели, при што некои од крупните феудалци ковале и свои пари. Најзначајни од нив биле Серската држава на Деспотот Јован Углеша (1365-1371) и Прилепското кралство на неговиот брат Волкашин (1365 -1371) создадени до 1365 година.[147] Во 1371 година двајцата браќа

---

[142] Мустафа Кемал Ататурк бил роден во 1881 година во Солун, бил турски воен офицер, револуционер и основач на Република Турција. Бил првиот Претседател на Република Турција. Починал на 10 ноември 1938 година.

[143] Додека се одвивале сите активности на младотурците надвор од Турција, во самата Турција офицерите на турската војска преземале одлучни чекори, при што еден од првите водачи на тие офицери бил Мустафа Кемал, кој потоа ќе влезе во историјата како основач на Турската република Ибид., стр.253.

[144] Woodward, Geoffrey., 2001.

[145] Поповска, Билјана.,2010, стр.110.

[146] Ибид., стр.118.

[147] Ибид.

им се спротивставиле на Турците османлии на Марица, при што по поразот и загинувањето на двајцата, на Турците османлии им бил отворен патот за завладување со Македонија.[148]

По воспоставувањето на својата непосредна власт над територијата на Македонија и нејзиното зацврстување, Македонија во административен поглед била поделена на повеќе „санџаци“ како администартивно–територијални единици, кои како и другите освоени територии на Балканот влегувале во Румелискиот „беглербеглак“, којшто очигледно својот назив го имал добиено врз основа на врската на Византија со некогашната Римска империја.[149] Најголемиот дел од Македонија, што се однесува на санџаците, како помали административно-територијални единици, влегувал во т.н. Паша санџак, управуван непосредно од румелискиот беглербег.[150] Кон крајот на XIV век бил создаден Ќустендилскиот санџак. Делови од Западна Македонија го сочинувале Охридскиот санџак, а во XVI век се споменуваат и Солунскиот и Скопскиот санџак.[151] Најмала административно–територијална единица била нахијата, така што организацијата на локалната власт не слегувала до селото, со исклучок на некои овластувања на спахијата за одржување на редот и безбедноста.[152] Други привремени облици на локалната организација што биле формирани на територијата на Македонија биле вилаетите, кои по зацврстувањето на власта преминувале во нахии.

По воспоставување на турскиот систем на власт, империјата ги признала православните цркви, најпрво Охридската архиепископија, а потоа и Пеќката патријаршија како автономни верско-политички организации.[153]

По паѓањето на Македонија под турска власт почнале да заживуваат одредени родовско–племенски елементи изразени низ постоењето и функционирањето на семејните задруги, селските заедници и некои влашко-сточарски војнички редови до коишто турската власт не допирала, ниту, пак, имала интерес да дојде до нив. Сите овие процеси се одразувале и во македонското

[148] Ибид.,стр.119.
[149] Ибид., стр.120.
[150] Ибид.
[151] Ибид.
[152] Ибид., стр.121.
[153] Ибид., стр.125.

општество, при што добиле израз во формирањето на македонската чаршија, односно граѓанска класа.

Исто така, стопанскиот развој во Македонија започнат во првите децении на XIX век продолжил и натаму како резултат на настанатите реформи од страна на турските султани и тоа, подобрување на патната мрежа, воспоставување на телеграфските комуникации и пуштањето на железничката линија Солун-Скопје во 1873 година.

Судбината на македонската земја не само што била голем проблем во доцните години од XIX век туку и останала да биде главна точка на поделба помеѓу балканските држави потоа.[154]

Македонското прашање, како едно од најзначајните прашања за опстанокот на Отоманската Империја, во својата суштина претставувала конгломерат на внатрешни и надворешни противречности. Македонија со својата географска поставеност претставувала мошне значајно стратешко подрачје бидејќи низ нејзината територија минувале најкусите патишта што ја поврзуваат Европа со Азија и Африка фактор кој во услови на интензивна империјалистичка борба за пазари и суровини имал големо значење. Од друга страна, благодарение на Вардарската долина имала излез на Средоземното Море.

Од големо значење за оваа област била нејзината стратешка локација. Таа била срцето на полуостровот вклучувајќи ги долините на реките Вардар и Струма.

Понатаму, солунското пристаниште, исто така, било еден од економските центри на Македонија, особено со развојот на железницата во подоцнежниот период. Првата јавна железница во Македонија е изградена и воспоставена под раководство на Турците од компанијата “Compagnie des Chemins de Fer Orientaux” во 1873 година помеѓу Солун и Скопје, која понатаму продолжувала до Косовска Митровица. Во 1891 година била започната и изградбата на пругата Солун –

[154] Jelavich, Barbara.”History of the Balkans (Twentieth Century)”.Cambridge: Cambridge University Press, 1983, Volume II, pp.89.

Вертекоп – Битола чија цел била да се поврзе јадранскиот брег т.е. повторно да се обнови римската магистрала Виа Егнација.[155]

## 2.3. Културолошката димензија и развојот на влијанието на Отоманската Империја врз Балканот

### 2.3.1. Милет-систем

Проучувањето на формирањето на нациите во Отоманската држава бара и проучување на милетскиот систем и тоа не само во смисла на разбирање на дихотомноста помеѓу нациите и државата туку и во смисла на сфаќање на социо-културните карактеристики на националниот систем на Балканот и Средниот Исток, којшто од Кемал Карпат е означен како „Милетски матрикс."[156]

Милет-системот е иновација со која отоманските владетели ги организирале религиозните групи во империјата од освојувањето на Цариград во 1453 година до XIX век којашто во одредени моменти се славела како можеби најуспешен и долготраен пример за нетериторијална автономија.[157]

Конституционалната основа во османлискиот милетски систем била муслиманскиот концепт кој ги сметал немуслиманските монотеистички верници за „народи од книгата" (китабии) и им определил заштита како зимии.[158] Според исламот китабиите имале право на практикување на своите обреди, организација на прашања од интерес на нивната заедница, а за возврат биле обврзани да плаќаат главарина (џизија). Интересно било што не биле обврзани да служат војска во муслиманска власт, а муслиманите откако зимиите ќе им ја плателе џизијата биле обврзани да ги штитат нив.

[155] Веб-страница на Македонски железници. <http://mz-rail.atwebpages.com/history/history.html> (Пристапено во јануари 2021)
[156] Стојановски, Страшко, „Социолошките и политичко-правните аспекти на милетскиот систем во доцноосманлиската империја, со посебен осврт на работата на црковно-училишните општини во Македонија". Докторска дисертација. Скопје: Филозофски факултет(2011),стр.26.
[157] Karen Barkey & George Gavrilis (2016) The Ottoman Millet System: Non-Territorial Autonomy and its Contemporary Legacy, Ethnopolitics, 15:1, 24-42,стр.25.
[158] Dhimmis (или зимии) - членови на милет-заедниците. Braude, B. 1982. "Fondation Myths of the Millet System". In Braude B. & Lewis B. (ed.), Christians and Jews in Ottoman Empire: The Functioning o f a Plural Society. NY : Homes & Meier.стр.69.

Со самото воспоставување на османлиската власт на Балканот, Османлиите, освен муслиманите кои биле полноправни граѓани, како граѓани со ограничени права ги признавале и немуслиманите. Турската држава имала толерантен однос кон верските организации, односно кон следбениците на Мојсеевото и Христовото учење, ваквиот однос таа го темелела на исламските начела за почитување на овие вероисповеди.[159] Според Куранот еден од принципите на исламот е слобода на религијата.[160] Според Исламското право, евреите и христијаните биле прифатени како луѓе од книгата. Немуслиманите, односно „зимиите“ кои живееле во Османлиската империја и имале своја Божја објава (верувале во еден бог и имале свои свети книги) ја уживале заштитата на империјата, која својот легитимитет го црпела од Шеријатот (исламското верско право).[161]

Поимот милет (од арапскиот јазик со значење народ, заедница, нација), во Османлиската империја означувал верска заедница призната од државата.[162] Терминот не бил користен само за верниците кои се муслимани туку за сите други заедници. Но без оглед на тоа, во терминологијата на отоманските историчари, најчесто се употребува да го дефинира немуслиманското население.[163] Луѓето во очите на државата биле гледани не врз основа на етничка припадност и јазик, туку според религијата, од причина што Османлиската империја била исламска држава, односно калифат.

Во овој контекст, немуслиманите во Османлиската империја уживале и други права и привилегии во рамките на милет-систем, типичен за Османлиската империја.[164]

Отоманскиот административен систем бил поделен на два дела и тоа територијални/локални (провинции) и религиозна поделба. Немуслиманските заедници биле организирани според милет-системот кој им давал ограничена моќ

[159] Поповска, Билјана.,2010, стр.125
[160] Öztürk, Fatih.”The Ottoman Millet system“".Güneydoğu Avrupa Araştırmaları Dergisi.2014: 71-86, стр.71.
[161] Билјана, Поповска, Историја на правото, том II, Скопје, 2007. стр.93.
[162] Öztürk, Fatih., 2014, стр.72.
[163] Ибид.
[164] Додовска, Иванка.,2009,стр.4.

на малцинските (верски, етнички, географски) заедници за регулирање на своите работи под целосна превласт на отоманската администрација.[165]

На чело на милетот стоел верски водач, наречен милет-баша, кој се грижел за верските прашања и за моралот на членовите на милетот. Без разлика дали тоа било патријарх или рабин, тие се сметале за претставници на нивната заедница пред државата како политички поглавари. Секој милет ги остварувал правата низ своите верски институции како што биле верските судови и верските училишта. За време на Отоманскиот период, најважни биле религијата и превласта на семејството, односно со други зборови, милет-системот бил во прилог на "фузија на семејството и заедницата."[166] Религијата, јазикот, заедницата, етничката припадност и семејството биле составен дел од социо-културното ткиво на милет системот.[167]

Религијата којашто била извесен систем на верување, функционирала врз основа на хиерархија на авторитетите каде што на врвот на оваа хиерархија бил Патријархот при што имало посебен Патријарх за секој милет, којшто, пак, бил потчинет на главниот владетел - Султанот.[168]

Јазикот служел и како средство за комуникација и како средство за разликување на различните етнички субдивизии во милетот, иако лингвистичките разлики имале ограничено политичко значење сè до крајот на XVIII век, кога грчкиот јазик почнал да се користи во насока на елинизирање на Православниот милет.[169]

Општината (заедницата) била базична организациска единица во милетот и без нејзиното постоење не било возможно тој да опстои. Есенцијално, таа се состоела од луѓе коишто припаѓале на истата вера/религија.[170]

Семејството и родот биле основа на општината, а исто така таа била и главна институција која ја овозможила традицијата во културата.[171] Милетскиот

---

[165] BBC "Ottoman Empire (1301-1922)"
<http://www.bbc.co.uk/religion/religions/islam/history/ottomanempire_1.shtml>.9.4.2009.
[166] Öztürk, Fatih., 2014, стр.72.
[167] Ибид., стр.72
[168] Стојаноски,Страшко., 2011, стр.27.
[169] Ибид.,стр.27.
[170] Ибид.,стр.27.

систем ја фаворизирал фузијата на проширените семејства и општината - при што може да се каже дека општината преставувала едно огромно проширено семејство и дека семејството во XIX век овозможувало создавање цврста база за зајакнување на корените на етничкиот идентитет и обичаите во дадената група.[172]

Тарик Куленовиќ опишувајќи ги традиционалните муслимански општества наведува дека кај градовите во исламските чаршии се сретнувале различни верско–социјални ентитети, а во маалите (градските квартови) живееле изворно припадници на една религија.[173]

Во склоп на империјата постоеле три основни милети: грчката, еврејската и ерменската заедница.[174]

Илустративно претставено, по падот на Византија, султанот Мехмед II (1451-1481) најпрвин го признал милетот Рум (верската заедница на православните христијани), на чие чело стоел цариградскиот патријарх. Милетот Рум ги опфаќал православните христијани и бил најголем и најважен за нив. Патријархот, односно милет-башата, живеел во делот на Истанбул наречен Фенер, каде што воедно се наоѓало и седиштето на раководните органи на Патријаршијата. Благодарение на воспоставениот милет-систем, животот на секоја заедница во Османлиската империја повеќе бил организиран според нејзините наследени традиции и обичаи, отколку според државните закони.

Од една страна, османлискиот милет-систем одиграл позитивна улога во зачувувањето на верскиот и јазичниот идентитет на немуслиманското население. Од друга страна пак, милет-системот во XIX век одиграл негативна улога за самата Османлиска империја, придонесувајќи за нејзиното распаѓање.

Со самото тоа што ја овозможувал поделбата на османлиското општество по верска основа, а подоцна и по етничка, милет-системот станал сериозна пречка на обидите на државата да ги интегрира сите поданици во едно заедничко општество.[175]

---

[171] Ибид.,стр.28.
[172] Ибид.
[173] Ѓоршоски, Никола.,2020.,стр. 319.
[174] Karen Barkey & George Gavrilis., 2016, стр.25.
[175] Додовска, Иванка., 2009, стр.5.

На почетокот на XIX век и продорот на западните идеи за нацијата во османлиското општество, содржината на милет-системот постепено почнал да се менува.[176] Елитите на милетските заедници прифаќајќи ги тие идеи, постепено започнале да ги истакнуваат својот јазик, обичаите и традициите, својствени за нивните групи. Тие започнале да работат во согласност со политичките аспирации на својата етничка или лингвистичка група, обидувајќи се да ги скршат религиските рамки на милетот и да изградат солидарност со луѓето што зборуваат ист јазик и споделуваат иста култура. На тој начин, во православниот милет започнала да се нагласува етничката припадност и посебност. Цариградската Патријашија, која дотогаш претставувала обединувачка институција на православниот милет, оттогаш започнала да се трансформира во политичка институција и да се идентификува со грчкиот народ, преземајќи ја улогата на грчката национална црква. Тоа воедно ги поттикнало и другите народи на Балканот кои му припаѓале на милетот Рум да ја започнат својата борба за национално осамостојување.

Со основањето на Република Турција во 1923 година, милет-системот бил укинат. Договорот од Лозана потпишан во 1923 година содржел членови за заштита на религиозните малцинства кои служеле во армиите на сојузничките сили (на Велика Британија, Франција, Италија и Грција) против Турците.[177]

И ден денес, милет системот е интересен за истражување откако голем број светски лидери бараат излез од сегашната криза во државите каде што има повеќе етнички заедници. Носталгичниот третман што го препознава милет-системот денес не е изненадувачки со оглед на тоа дека има голем број неуспеси каде што нациите-држави претендираат да им дадат доволно права на малцинствата на територијална основа. Според Барки, милет-системот бил добра функционална форма на нетериторијална автономија, но исто така бил производ на своето време и затоа не можел лесно да се имитира за да ги реши неуспесите на денешните модерни држави. Концептот на Кимлика за мултикултурно граѓанство има корени

[176] BBC.”OttomanEmpire(1301-1922)“ <http://www.bbc.co.uk/religion/religions/islam/history/ottomanempire_1.shtml>. Пристапено на 9.1.2021.
[177] Öztürk, Fatih., 2014,стр.84.

во милет-системот на Османската империја. Тој го наведува милет-системот како успешна форма на толеранција заснована на групни права отколку на индивидуални.[178] Според Кимлика, милет-системот на Османската империја се нуди како историски пример за плурализам за групни права, според кој муслиманите, христијаните и евреите биле признати како самоуправни единици (или “милети“) во рамките на Империјата, и се тврдело дека на многу начини овој систем, бил многу успешна форма на групен соживот и веројатно ја спасил Османската империја од религиозни војни што се случиле во Западна Европа.[179]

Отоманските владетели ја препознале различноста на религиозните и етничките заедници што ја сочинувала империјата. Тие сфатиле дека оваа огромна разновидност не можела да се асимилира и дека таму немало друг остварлив начин да им се додели на групите територијално засновани права.[180]

Во овој контекст, тезата „Судирот на цивилизациите“, презентирана од Хантингтон, предизвикала низа одговори на историчари и социјални научници кои ја истражувале империјата, со намера да го покаже контрааргументот дека во овие империи постоеле многу различни религиозни групи и културен систем.[181]

Милет-системот функционирал релативно добро во спречувањето големи спротивставувања кон државата, и тоа од неколку различни причини: 1) државата им доделила на нејзините посредници одговорност да создадат мир и ред; 2) милет-системот вклучувал многу заедници со различно регионално и географско потекло под истиот религиозен чадор, со целокупен ефект на спречување на консолидацијата на големи територијални движења против државата.[182] Покрај тоа, отоманските владетели на моменти стратешки вршеле разместување на населението, процес познат како *su¨rgu¨n*.[183] Овој процес често вклучувал трансфер на Сунитските муслимани до области со големи концентрации на

---

[178] Bessone, Magali.”*Beyond liberal multicultural toleration: A critical approach to groups' essentialism". European Journal of Political Theory, 12(3),2013,271–287.pp.275.*
[179] Modood, Tariq.” Kymlicka on British Muslims”. Analyse & Kritik 15, S. 1993.87-91.pp.87.
[180] Karen Barkey & George Gavrilis.,2016, стр.25.
[181] Ибид., стр.29.
[182] Ибид., стр.26.
[183] Пренесеното население честопати се состоело од номади, војници и дервишки колонизатори.

христијанско население.[184] Оваа политика, иако е непријатна, стратешки ги промени регионалните демографски структури на освоените региони, но исто така ги принудила муслиманите и христијаните да живеат рамо до рамо.

### 2.3.2. Шеријатско право

Законодавно–правниот систем на Отоманската Империја бил изграден врз начелата и постулатите на шеријатското право. Истиот бил формално реформиран во текот на XIX век по наличје на француското право, иако во суштина си останал непроменет и комплетно неделотворен.[185]

Шеријатот го покривал целото поле на религиозни верувања, но и на практиката, политиката, правото, културата и на принципите и начелата коишто владееле во општеството. Затоа исламот не е само религија туку е и начин на живот – цивилизација, односно за исламот не е важно само верувањето (ортодоксијата), туку и практикувањето (ортопраксијата). Во исламот има категории мукмини (оние луѓе кои веруваат во акаидски прашања – Бог, ангели (мелеци), друг свет – ахирет, суден ден итн.) и муслимани (луѓе кои ги следат правните – фикхиските прашања на шеријатското право – клањање намаз, конзумирање дозволена (халал) храна, негрупирање со луѓе од различен пол итн.

Бидејќи шеријатското право не можело да се приспособи на немуслиманските народи, ним им било дозволено регулирање на меѓусебните односи, согласно нивното право и традиција. Ова било само за прашањата кои се однесувале на нивниот персонален статус, но затоа, пак, им било забрането правото да вршат јавни функции. Од овие причини отоманското општество го чинеле две општествени групи: муслимани и немуслимани. Во првата група спаѓале: Арапите, Турците и Албанците, а во втората христијаните и евреите.

---

[184] Karen Barkey & George Gavrilis.,2016,стр.26

[185]Историја на македонскиот народ, група автори. Скопје. 1966.,стр.5. „На 3 ноември 1839 година Портата го објави Гилханскиот хатишериф. Овој акт за централната власт претставувал највисок дострел во спроведуваните реформи. Истиот бил инспириран од идеите на големата француска револуција од 1789 година. Гилханскиот хатишериф се обидел, но само формално, да направи инклузија на целото цивилно општество и ги прокламирал начелата за еднаквост на сите граѓани во Османската империја пред законите, без оглед на нивната верска, национална и општествена положба. Со јасно прокламираните либералистички идеи со него се направил обид за реформирање на сите области на општествениот живот во империјата".

Шеријатското право кое било основата на ваквата општествена поделба исто така извршило огромно влијание во формирањето на Отоманските меѓународни односи.[186]

Една од основните должности на Султанот била да го чува верскиот и цивилниот закон. Со оглед на тоа дека социјалната правда и рамнотежа претставувале теориската основа на османлискиот систем, законите и нивното спроведување биле од примарно значење.

Во сила биле два основни законски акти. Прв според значењето бил шеријатот, или верскиот закон на исламот, втемелен врз верските ракописи.[187] Се сметало дека во Куранот, кој претставувал основен извор, се забележани зборовите на Господ. Верниците биле убедени дека тој содржи сѐ она што еден поединец треба да го знае за сопствениот живот и оние што управуваат со него.

Шеријатот можел да се применува само за муслиманите. За да се дополни овој верски закон, што не можел да ги опфати сите детали на менливиот политички живот на државата, Султанот можел по своја волја да формулира закони, или кануни.[188] Во практика тие биле формулирани од неговите помошници, а потоа одобрувани од Султанот. Потоа биле објавувани во вид на царски декрети, односно фермани. По своето стапување на власт, секој Султан бил обврзан да ги потврди чекорите кои ги презел неговиот претходник.[189]

Во ноември 1839 година[190] пред европските дипломатски претставници и пред османлиската највисока политичка и верска елита официјално бил прочитан Ѓулханскиот хатишериф (султанскиот декрет од Ѓулхане).[191]Неговото јавно презентирање значело преземање обврски од страна на Отоманската Империја за гарантирање на правата на немуслиманските поданици во државата да бидат вработувани во администрацијата, да бидат рамноправни во судските процеси

[186] Стојаноски,Страшко.,2011,стр.36.
[187] Ибид.,стр.53.
[188] Кануни се традиционални усни закони. Најпознат е канунот на Лек Дукаѓини.
[189] Јелавич, Б. 1999: Историја на Балканот, том први. Скопје: НИК Лист. Стр.47.
[190] Реформите што ги започнала Отоманската Империја во 1839 година бавно и мачно стигнувале до пониските слоеви на отоманското општество, но сепак економската, трговската и стопанската активност на немуслиманското население на Балканот во наведениот период забележително се зголемува. Ѓорѓиев, Драги.„Танзиматот и немуслиманите во Македонија“.Скопје: Институт за национална историја: Македонска академија на науките и уметностите, 2019.стр.8.
[191] Ибид.,стр.7.

како и да имаат право да се запишуваат во воените и во цивилните државни училишта.

Понатаму, во 1876 година бил објавен првиот османлиски устав, со што во Османлиската Империја била прогласена уставна монархија.[192] Овој устав бил суспендиран по само една година од страна на султанот Абдулхамид II (1876-1909), но истиот навестил нова ера во развојот на мултиетничкото отоманско општество, а со тоа и во натамошното подобрување на политичкиот и социјално-економскиот статус на немуслиманското население.

1839 и 1876 година претставуваат хронолошки граници на неколку извонредно важни децении во кои се одвивале големите танзиматски реформи во Отоманската Империја.[193]

Во ерата на Танзиматот биле донесени низа реформски правни прописи во Империјата, со кои се направил еден крупен, иако во суштина само формален обид да се подобри сликата за декаденцијата во која сѐ повеќе тонела.[194]

Илустративно претставено, во 1840 година стапил на сила Кривичниот законик, во 1850 година е донесен Трговскиот законик, по завршетокот на Кримската војна во 1856 година објавен е Хатихумајунот,[195] во 1858 година донесен е Земјишниот законик, а во 1868 година донесен е Законот за трговска постапка, како и Законот за таксите.[196] Со нив, Централната власт се обидела да направи радикален пресврт во односите помеѓу берајата и рајата[197] во империјата

---

[192] Ибид.
[193] Ибид.,стр.7.
[194] По периодот на 19 век, во ерата на Танзиматот биле направени извесни измени во принципите на пристап кај правниот систем во Империјата, при што биле имплементирани закони усвоени под влијание на Западот, со значајни измени во Исламското право. Josepf, von Hammer, Historija turskog/osmanskog/carstva, tom 3, Zagreb, 1979. стр.337-410.
[195]Ибид.,стр.334 „Хатихумајунот бил објавен на 18 февруари 1856 година и со него се прокламирала верска и национална рамноправност, слобода на мислата и на вероисповеста, се афирмирале мешаните судови, им се дозволувало на христијанските поданици да стапуваат на државни должности и воопшто се прокламирало подигнувањето на нивото на управување со империјата со што се отвориле можностите за реорганизацијата на државниот апарат“.
[196] Димитар Поп–Гергиев, Сопственоста врз чифлиците и чифлигарските аграрно–правни односи во Македонија до Балканската војна 1912, ИНИ, Скопје, 1956. стр.14.
[197] Според Димитар Поп–Гергиев „...Целото население на Отоманската држава било поделено на две основни групи: на бераја и на раја. Берајата и рајата, меѓутоа не претставувале затворени сословија, туку претставувале такви општествени групи, при кои бил можен и споредбен лек преминот од едната група во другата... Во градовите, исто така, постоел слој градско население кој не припаѓал ни кон класата на феудалците, ни кон класата на зависните селани, ни на некои од

и да ги изедначи на општествено-политички план. Така настанала колизија помеѓу намерата на високите управни кругови за модернизација на мумифицираната феудална држава и фактичката неподготвеност на теренот, тие да бидат имплементирани во пракса.

## 2.4. Почеток на падот на империјалните поредоци: трансформација на Империјата во модерна турска држава

Падот на Османлиската Империја се совпаѓа со времето на индустриската револуција во Европа од која таа останува надвор. Причините за падот на Османлиската Империја се повеќеслојни и можат да се поделат во неколку целини и тоа, внатрешни и надворешни, економски, политички, религиозни и оние кои вклучуваат етничка содржина.

Од надворешните причини, пред сè треба да се посочат: создавањето на централизираните национални држави во Европа; развитокот на националните економии во тие држави и појавата на трговска и индустриска буржоазија во нив; развојот на демократијата во европските држави по Англиската револуција (XVII век) и Француската револуција (XVIII век); работничката класа, што се раѓала заедно со индустриската револуција, и нејзиното влијание врз натамошната демократизација на економскиот и општествено политичкиот живот.[198] Сето тоа се претвора во многу важен фактор за распадот на Османлиската Империја, за разорување на нејзината економија и за нејзино претворање во пазар на индустриски стоки на европските држави.

Друг надворешен фактор е влијанието на Француската револуција врз развојот на националната свест на различните етничко-религиозни заедници во Османлиската Империја. Како последица на тоа, се засилува национално ослободителното движење на нетурско-муслиманските заедници за создавање национални држави на Балканот и на Блискиот Исток. Големите сили ја поддржуваат независноста на христијанските народи во империјата, а за

---

меѓукласните слоеви, туку претставувал одделна општествена група луѓе што делумно влегувала во состав на берајата, делумно во состав на рајата...“ Ibid. стр. 14 и стр. 17.

[198] Хаков, Џенгиз.„Историја на современа Турција“./Џенгиз Хаков;превод и коментари Драги Ѓорѓиев.-Скопје:Институт за национална историја, 2010,стр.9.

муслиманските арапски народи го претпочитаат мандатниот систем на полунезависност, што ги претвора во нивни полуколонии.

Надворешните причини се испреплетуваат со внатрешните, чие заемно дејство го забрзува распаѓањето на Османлиската Империја. Како најважни од нив можат да се посочат: уништувањето на земјишното устројство и неможноста да се премине кон индустријализацијата; опаѓањето на целата економија под влијание на капитулациите и претворањето на државата во суровинска база за пазар за индустриски развиените европски држави; поразите во војните и намалувањето на државните приходи; зголемувањето на даноците и општото незадоволство од тоа; тешкиот товар на надворешниот долг и сѐ подлабоката финансиска зависност од западните држави; слабеењето на централната власт и зацврстувањето на самостојноста на локалните властодршци; религиозниот фанатизам кој се спротивставува на секој обид за воведување новини во османлиското општество и во управувањето на државата.[199]

Во XVI век, во времето на својата најголема моќ, Османлиската империја се претвора во војнички најсилна држава во тој период. Затоа нејзиното распаѓање најмногу се одразува врз армијата којашто трпи сѐ повеќе порази на бојното поле.

Првите обиди за модернизација (европеизација) на Турција се прават уште за време на османлискиот период од нејзината историја. Општ одраз на тие обиди се Танзиматските реформи од крајот на 30-тите и почетокот на 40-тите години на XIX век. Но, тие реформи се покажуваат како недоволни за модернизацијата (европеизацијата) и за спречувањето на опаѓањето на Османлиската Империја. Во втората половина на XIX век се појавуваат различни идејнополитички струи како: османизам, исламизам, туркизам, прозападна струја (вестернизација).[200] И покрај разликите меѓу нив, овие струи се единствените во главната цел – спасување на Османлиската Империја и враќање на нејзината мината моќ и големина.

Во 60-тите години на XIX век се појавува движењето на Новите Османлии, кое заедно со приврзаниците на прозападната струја, се залага за ограничување на прерогативите на султанот и за прифаќање на западноевропските политички

[199] Ибид.,стр.9.
[200] Види., Ибид.,12-13.

институции.[201] Ова движење својот најголем успех го постигнува со прогласување на уставот од 1876 година. Меѓутоа ограничената социјална база на движењето, слабоста и политичкото неискуство на националната буржоазија, се причини тоа да биде уништено од султанот Абдулхамид II.

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век Младотурското движење зајакнува поставувајќи за цел, промена на султанскиот режим со уставно уредување. Младотурците ја извршуваат првата, во историјата на Турција, буржоаска револуција во 1908 година. Меѓутоа, недоследната и неефикасна управа, како и авантуристичката надворешна политика на младотурците, доведува до конечно распаѓање на Османлиската Империја.

Револуцијата, како излезна тенденција од целосната криза на империјата, судбински ги засегнала и тогашните историски интереси и на македонскиот народ, поради што неговото ослободително движење се нашло не на периферијата, туку во самата матица на најважните општествено-политички случувања во Турција.[202]

Значајно е да се напомене улогата на младотурците во македонско – турските односи на почетокот на XIX век. Кон крајот на 1907 година, младотурците на платформата за поврзување во борбата со другите народно ослободителни движења во империјата, одржале нов Конгрес, при што биле поканети и претставници на внатрешната македонско-одринска револуционерна организација - ВМОРО.

По Младотурската револуција од 1908 година и соборувањето на султанот Абдулхамид II, новите младотурски раководители прават обиди да изградат договорни сојузнички односи и со другите големи сили. Во 1911 година Турција ѝ предлага на Англија склучување сојузнички договор, но таа се откажува затоа што не сака да се занимава со нејзините проблеми и да ја навлече Русија против себе. Ист предлог се упатува до Франција, но и таа се откажува поради истите причини како Англија. Одбивањето на големите сили да влезат во сојузнички договорни

[201] Ибид., стр.13.
[202] Пандевски, Манол., „Младотурската револуција – испит за организираните македонски политички сили“, МАНУ, Скопје, 1979, стр.9.

односи со Турција се објаснува со тоа што по Балканските војни (1912-1913), тие веќе не ја гледаат Турција како респектабилна воена сила.[203]

## 2.5. Раѓањето на модерната турска држава

Република Турција, создадена врз урнатините на Османлиската Империја, е сразмерно мала држава со приближно 16 милиони жители. Без оглед на тоа, таа го зачувува своето стратешко место кое ѝ налага да води реална, избалансирана надворешна политика за да може да ги заштити своите национални интереси.

По Првата светска војна, Република Турција била принудена да се откаже од своите дотогаш стекнати права и да се повлече во Анадолија. Во март 1921 година избувна грчко–турската војна, под водство на Ататурк, со барање за поврат на целосната независност на државата и заштитата на националните интереси на турскиот народ на сопствената државна територија. Воените дејствија беа прекинати со склучувањето на договорот од Лозана, од 24 јули 1923 година, со којшто европските сили признале целосно суверена Република Турција.[204] Како резултат на војната за независност, на 29 октомври 1923 година била прогласена Република Турција, со што всушност и официјално се укинала империјата. Овој Договор предвидувал еден политички идентитет кој се разликувал во внатрешната и во надворешната политика.[205] Со тоа раководителите на Републиката се

[203] Хаков, Ценгиз., 2010,стр.16.

[204] Лозанскиот Мировен договор бил потпишан на 24 јули во градот Лозана (Швајцарија) помеѓу Турција и коалицијата на Антантата. Во Лозана присуствувале претставниците на Големото национално собрание на Турција, на Британската Империја, Француската Република, Кралството Италија, Јапонската Империја, Кралството Грција, Романија и Кралството Југославија при што договорот е потпишан во палатата Бео-Риваж на брегот на езерото Леман. Со потпишувањето на договорот биле извршени и територијални промени при што на Турција ѝ била вратена Источна Тракија со Едрене, како и Анадолија со Измир). Со потпишување на договорот Турција ги добила денешните територијални граници. Останатите острови кои се наоѓале на Егејското Море ѝ биле препуштени на Грција. Велика Британија го одобри договорот на 16 јули 1924 година, додека договорот стапи на сила на 6 август 1924 година, откако документите што ги одобрија сите страни беа официјално испратени во Париз. Види повеќе: „Odluke Konferencije u Lozani (1922-1923)“ <https://hr.sodiummedia.com/4098610-decisions-of-the-lausanne-conference-1922-1923>.

[205]Напуштајќи ги исламскиот идентитет и политика во надворешната политика, кои се мислело дека ќе доведат до распаѓање на државата, затоа што порано биле причина за зголемување на противречностите меѓу османлиската и западните колонијални империи, во внатрешната

откажале од политичките идеали на османлиската држава и се насочиле кон оформување нова политичка култура која ќе одговара на меѓународната положба.

На 13 октомври 1923 година, големото народно собрание на Турција ја прогласува Анкара за престолнина на новата турска држава. Во тој момент, Анкара претставува еден провинциски град со околу 60 000 жители.[206] Новата турска влада оттаму ја спроведува својата надворешна политика, чии основни насоки се сведуваат на запазување на состојбата статус-кво, воспоставена по Лозанскиот мировен договор, создавање систем на колективна безбедност околу своите граници и употреба на мирни средства за решавање на сите конфликтни меѓународни прашања.

Новиот претседател Мустафа Кемал од историската сцена ги укинал институциите Султанат и Калифат, и на нејзино место се создала Република Турција.

Имено, откако е формирана како република во 1923 година, Турција развила долга традиција на секуларност, при што бил поттикнат развојот на неверски основни училишта за девојчиња и момчиња. Уставот бил највисок правен акт во државата, кој ги вбројувал основните правила на владеење на државата и нејзините органи.[207]

Од 1926 година, Претседателот Мустафа Кемал ги укинал исламските судови и воспоставил секуларно граѓанско право во Турција.[208] Исто така сите промени кои ги извршил и идеалите кои ги втемелил во новата Турска Република издржано се формулирани во заедничкиот термин - Кемализам.[209]

Според Никола Ѓоршоски, укинувањето на султанатот, укинување на медресите (исламските верски училишта), укинување на калифатот,

---

политика во новата држава статус на малцинство добиле само немуслиманите, и конструктивните елементи на државата засновани на мнозинство биле дефинирани преку исламски идентитет.

[206] Хаков, Ценгиз.,2010.стр.114.

[207] Извршната власт е водена од Премиерот на Турција и Советот на Министри кои ја сочинуваат владата на Турција. Премиерот е избран од парламентот на Турција преку гласање доверба, а најчесто Премиерот е лидерот на владејачката партија.

[208] Szczepanski,Kallie.”Mustafa Kemal Ataturk“. <http://asianhistory.about.com/od/turkeyhistoryculture/p/Ataturk-Biography-of-Mustafa-Kemal.htm>.(пристапено на 5.1.2021)

[209] Marinković, „Šta to beše kemalizam?“. <https://demostat.rs/sr/vesti/analize/sta-to-bese-kemalizam/97> 4.5.2017. (пристапено јануари 2021).

официјализација на латинското писмо наместо арапското писмо, забрана на фесот и турбанот како општествена „реакциска декаденција", прогласување на неделата како неработен ден наместо петок (џума), аграрната реформа, како и укинување на полигамијата и законска рамноправност, проследено со избирачко право на жените итн., се серија чекори кои го детерминира патоказот кон вестернизација и раскрстување со традиционалниот ориентализам.[210] Иако неговата револуција не успеала докрај да ги реформира аграрните прашања, нејзиното дејствување претставувало огромен чекор напред во споредба со османлискиот период. Со самото тоа и можноста за идните перспективи на модерната турска држава, несомнено го ставаат турското национално движење и таткото на модерната турска држава - Мустафа Кемал Ататурк, на пиедесталот на современиот развој на односите кои се развија во текот на XX век.

Надворешната политика за време на Републиката се развивала во правец на пресекот на потребите кои ги наложила меѓународната конјуктура со рефлекси произлезени од историското наследство кои оставиле печат врз последните векови на османлиската држава. Новиот пристап на Ататурк, кој бил изразен во принципот „мир во земјата, мир во светот", изразувал една линија на идеални меѓународни односи чиј приоритет бил мирот. Ататурк, имајќи ја предвид меѓународната конјуктура каде што колонијалните сили стигнале на врвот, на преден план промовира еден став на реална надворешна политика на избегнување судир со силите на колонијалниот систем.[211]

Република Турција станува член на Друштвото на народите во 1932 година, при што воспоставува дипломатски односи со близу 40 држави, од кои со 26 од нив склучува договори за пријателство.[212]

Од 1930 година, Република Турција водела активна и мирољубива надворешна политика за што придонеле голем број како билатерални, така и мултилатерални договори што ги склучувала. Најголем придонес за тоа несомнено има турскиот претседател Ататурк, чии квалитети како талентиран

[210] Никола Ѓоршоски, оп. цит. стр. 234.
[211] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.67.
[212] Yücel Güçlü, Turkey's entrance into the League of Nations, Middle Eastern Studies, Volume 39, 2003 - Issue 1, Pages 186-206

војсководец, голем државник и политичар, добиваат општо признание. Поради тоа, смртта на претседателот Мустафа Кемал Ататурк во ноември 1938 година се дочекува како незаменлива загуба како за турскиот народ, така и за пријателските земји.[213]

Развојот на меѓународните односи во 30-тите години, формирањето нови воено-политички групи меѓу државите, зборуваат за приближувањето на нова светска војна. Историјата ги потврди претскажувањата на Ататурк за Втората светска војна и последиците од неа. Новите раководители на Турција, останувајќи верни на Ататурк, успеваат да не земат активно учество во неа.[214]

Во периодот по завршување на Втората светска војна, Турција бележи тренд на зголемена политичка и економска меѓународна активност и го нагласува своето учество во меѓународни организации со што демонстрира определба за важноста на мултилатералната дипломатија. Како резултат на ова, Турција станува значаен фактор во постојаните мисии на меѓународните организации.[215]

## 2.6. Балканскиот пакт од 1934 година

Турската надворешна политика на Балканот по Лозанската мировна конференција од 1923 година се базира на зачувување на состојбата статус-кво и се спроведува со склучување билатерални и мултилатерални договори со балканските држави. Кон крајот на 20-тите и почетокот на 30-тите години на минатиот век Турција има потпишано билатерални договори со Албанија,

---

[213]Неговото име станува симбол на нова Турција, единствена лаичка држава во муслиманскиот свет. Оценувајќи ги заслугите на Ататурк за турскиот народ, познатиот бугарски историчар Петар Мутафчиев, на својот турски колега Енвер З. Карај, во Софија, во 1937 година, му изјавува: *Вие, Турците, не можете да го оцените тоа што Ататурк го направи за турскиот народ. Тоа ќе го направат следните поколенија, затоа што тој не стоеше со една глава, туку со цел раст над својот народ.* Хаков, Ценгиз.,2010.стр.155.

[214] Пред својот лекар, д-р Решат Белгер, изјавува: *Не по многу време во Европа ќе избувне вистинска бура. Тој страотен вртлог ќе го опфати светот од сите страни и човештвото уште еднаш ќе се соочи со ужасите на нова светска војна. Во таа крвава несреќа за нас од животно значење ќе биде да не учествуваме во војната и да го спроведеме државниот брод преку бурата, без да го удриме со некоја пречка.*Ибид.

[215] Турција е член на голем број меѓународни организации (ОЕЦД, Совет на Европа, ОБСЕ, Светска трговска организација и др.), што ја прави западно – ориентирана држава, а истовремено е член на НАТО и земја кандидат за прием во Европската Унија.

Бугарија, Југославија, Грција и Романија.[216] Овие договори станувaат основа за потпишување договор за повеќестрана соработка на Балканот.

Кон тоа придонесува и развојот на меѓународните односи во тоа време, особено сè посилното влијание на Германија и Италија на Балканот. Од друга страна Англија и Франција вршат притисок врз балканските држави да ги регулираат своите односи во духот на заемно разбирање и соработка, со цел да ги држат во сферата на своето влијание.

Движењето за балканско разбирање според англо-француската дипломатија треба да ги дистанцира балканските држави од германско-италијанското проникнување во нив.

На светскиот конгрес за мир во Атина во октомври 1929 година видниот грчки државник и поранешен премиер Папанастасиу предлага балканско обединување. Предлогот се прифаќа од учесниците на конгресот и се пристапува кон подготовка за свикување на балканска конференција.[217]

На 5 октомври 1930 година, во Атина се одржува првата балканска конференција на која присуствуваат претставници на Албанија, Бугарија, Грција, Романија, Турција и Југославија. На таа конференција се донесуваат следниве решенија: 1) секоја година да се одржуваат средби меѓу министрите на балканските држави; 2) да се подготви создавање на Балкански пакт, кој ќе ги забрани војните помеѓу неговите членки, спорните прашања ќе ги решава со мирни средства и ќе ја дава неопходната помош во случај на агресија; 3) да се создаде постојана организација, која ќе го олесни создавањето на Балканскиот пакт преку економско, социјално, културно и политичко приближување помеѓу балканските народи.[218]

Понатаму следи одржување на втора, трета и четврта балканска конференција каде што се дискутирало за создавањето на Балканскиот пакт и неговото значење за зачувување на мирот на Балканскиот Полуостров. Илустративно гледано, втората балканска конференција се одржува во октомври

[216] Хаков, Џенгиз.,2010.стр.143.
[217] Александрос Папанастасиу е грчки адвокат, социолог и политичар кој бил во два наврати Премиер во меѓувоениот период и бил основоположник на Втората Хеленска Република.
[218] Хаков, Џенгиз.,2010.стр.144.

1931 година во Истанбул, третата во октомври 1932 година во Букурешт, а четвртата во ноември 1933 година во Солун. Како прв практичен чекор кон создавањето на Балканскиот пакт, Турција и Грција на 14 септември 1933 година во Анкара потпишуваат акт за гарантирање на неприкосновеност на границите помеѓу двете земји, согласно позициите на меѓународните конференции.[219]

И во наредниот период Турција продолжила да дејствува во правец на создавање Балкански пакт, при што потпишувала билатерални договори со потенцијалните членки на пактот. Во контекст на ова, на 17 октомври 1933 година во Анкара е потпишан турско-романски договор за пријателство, ненапаѓање, мир и правна соработка.[220] Понатаму, на 22 ноември 1933 година во Белград е потпишан турско-југословенски договор за пријателство, ненапаѓање, регулирање на заемните односи, мир и правна соработка. На тој начин Турција, Грција, Романија и Југославија заемно се обврзуваат со договори за пријателство и ненапаѓање. Како резултат на веќе потпишаните меѓусебни договори, сите овие држави решаваат да создадат Балкански пакт.

Во јануари 1934 година, грчкиот министер за надворешни работи М. Максимос оди во посета на Лондон, Париз и Рим, за да ги објасни целите на Балканскиот пакт, којшто треба да биде потпишан. Додека Англија и Франција целосно го поддржуваат идниот пакт, Италија се воздржува да заземе одреден став кон него.

Така, во февруари 1934 година во Белград се состануваат министрите за надворешни работи на Турција, Грција, Романија и Југославија за да го изработат проектот за Балканскиот пакт.

Официјалното потпишување на Балканскиот пакт се случува во Атина на 9 февруари 1934 година.[221] Бугарија останува надвор од пактот по сопствен избор, а Албанија воопшто не е поканета поради нејзините односи со Италија.

[219] Türkeş Mustafa, The Balkan Pact and Its Immediate Implications for the Balkan States, 1930-34, Middle Eastern Studies Vol. 30, No. 1 (Jan., 1994), pp. 123-144

[220] Özapler Mehmet, Turkey's 17 October 1933 Treaty of Turkey-Romania Friendship, Non-Agression, Justicehip and Reconciliation on the Basis of Regional Peace Initiatives, Journal of History School (JOHS), February 2019, Year 12, Issue XXXVIII, pp.433-458.

[221]Ататурк е иницијатор за градење регионални системи за безбедност и соработка на Балканот, и таа негова иницијатива ја наоѓа својата реализација во создавањето на Балканскиот пакт.

Во преамбулата на договорот за Балканскиот пакт се наведува дека договорените страни се цврсто решени да го гарантираат почитувањето на постоечките договорени задолженија и поддржувањето на територијалниот ред, воспоставен на Балканот.

Основната содржина на пактот се сведува на следното: Турција, Југославија, Грција и Романија заемно ја гарантираат безбедноста на своите балкански граници (чл. 1). Четирите држави се обврзуваат да не учествуваат, без претходни меѓусебни консултации, во никакви политички комбинации против која било балканска земја и без да се добие согласност од другите договорени страни (чл. 2). Балканскиот пакт влегува во сила од моментот на неговото потпишување и тој ќе биде отворен за вклучување на секоја друга балканска земја, чие приклучување ќе биде благовремено проучено од договорените страни (чл. 3).[222]

Во дополнителниот протокол кон пактот се наведува дека за агресор ќе се смета секоја земја која ќе прибегне кон агресивни дејствија дефинирани како такви во член 2 на Лондонската конвенција.

Целта на пактот се определува како гаранција на балканските граници против секаква агресија преземена од балканска земја. Притоа се потенцира дека пактот не е насочен против која било балканска држава. Ако една од договорените земји биде нападната од небалканска држава и некоја од балканските држави се приклучи кон таа агресија, Балканскиот пакт ќе реагира во однос на таа балканска држава.

Балканскиот пакт и дополнителниот протокол кон него подразбира создавање заштита на балканските граници на четирите балкански држави. Бугарија е таа која има територијални претензии кон некои од своите соседи, од што произлегува дека Балканскиот пакт, всушност, е насочен против неа. Турција, која игра многу активна улога во создавањето на Балканскиот пакт, би сакала пактот да ги заштитува не само балканските граници на членките туку и да штити од евентуална агресија од држава надвор од Балканот.

Балканскиот пакт развива извесна политичка активност, кога во 1935 година се приклучува кон економските санкции на Друштвото на народите кон

[222] Хаков, Ценгиз.,2010.стр.146.

Италија по нејзината агресија врз Етиопија. Потоа ја поддржува позицијата на Турција на конференцијата во Монтре во 1936 година за промена на конвенцијата на премините Босфор и Дарданели, ги поддржува Англија и Франција во врска со италијанско-германската интервенција во граѓанската војна во Шпанија.[223]

Таа политичка активност не може да ја компензира слабоста на Балканскиот пакт во воената сфера. Затоа тој не може да се спротистави на засилувањето на економската и политичката пенетрација на Германија и Италија на Балканскиот Полуостров. Како резултат на тоа членките на Балканскиот пакт една по една се приближуваат кон Германија и Италија.

Тежок удар на Балканскиот пакт му нанесува Пактот за вечно пријателство меѓу Бугарија и Југославија, членка на Балканскиот пакт, склучен на 24 јануари 1937 година.[224]

Независно од тоа, Турција со поддршка на Англија, презема некои чекори за зачувување и засилување на Балканскиот пакт како барикада против евентуалната агресија на Германија и Италија врз Балканскиот Полуостров. Во октомври 1937 година е потпишана турско-грчка воена конвенција со која уште повеќе се продлабочуваат сојузничките односи меѓу Турција и Грција.

Во јануари 1938 година на заседанието на постојаниот совет на Балканскиот пакт во Анкара, турскиот министер за надворешни работи Тевфик Рушту Арас предлага укинување на воените клаузули во Нејскиот договор за Бугарија, која добива можност да го легализира своето вооружување. Романија се обидува да протестира против вооружувањето на Бугарија, но под притисок на Англија ги повлекува своите протести. Сите тие активности имаат за цел да ја привлечат Бугарија во Балканскиот пакт. На 31 јули 1938 година во Солун е потпишана спогодба меѓу државите од Балканскиот пакт и Бугарија, со која државите се воздржуваат да употребат сила во меѓусебните односи; се укинуваат воените, морските и воено воздушните клаузули од Нејскиот договор, а, исто така, и

---

[223] Convention regarding the regime of the straits (1936), Види: <https://cil.nus.edu.sg/wp-content/uploads/formidable/18/1936-Convention-Regarding-the-Regime-of-the-Straits.pdf > (пристапено на 12.1.2021)

[224] Југословенско-бугарски договор за пријателство (1937), Види: <www.macedonism.org/Македонска-Енциклопедија/југословенско-бугарски-договор-за-пријателство> (пристапено на 12.1.2021)

клаузулите на Лозанскиот мировен договор за демилитаризирана зона во Тракија.[225]

И покрај преземените чекори, идното распаѓање на Балканскиот пакт под германско-италијански притисок станува неминовно. Во февруари 1940 година во Белград се одржува последното заседание на Балканскиот пакт.

## 2.7. Турско-југословенската конвенција од 1938 година и континуитетот на иселување на муслиманите во 50-те години на XX век

Интересот на османлиско-турската надворешна политика за Балканот, по повлекувањето од него, бил ограничен само на имиграцијата на населението при што тоа претставувало типичен показател на нивното целосно напуштање на оваа територија. Имено, Процесот на групно иселување кој бил во полн ек уште пред Втората светска војна бил само привремено прекинат во текот на воениот период за потоа повторно да продолжи.

Турција во 1934 година го донела законот за колонизација со кој се предвидувало населувањето на муслиманите од балканските држави. Во текот на втората половина на 30-тите години од XX век се интензивирале дипломатските контакти помеѓу Кралството Југославија и Република Турција за склучување на Конвенцијата за иселување.[226]Во 1938 година биле одржани преговори помеѓу претставниците на Турција и Југославија за начинот на раселување на муслиманското население. Како резултат на тие преговори била донесена Конвенцијата за иселување на муслиманското население на 11 јули 1938 година.[227] Иселувањето било можно од 38 срезови (околии) од Македонија и Косово, додека Босна и Санџак не биле опфатени со иселувањето.[228]Помеѓу раселените имало и

[225] Хаков, Ценгиз., 2010.стр.147.

[226] Авдић, Авдија, „Југословенско-турски преговори о исељавању муслиманског становништва у периоду између два светска рата“, Новопазарски зборник, Нови Пазар, 1991, стр.123.

[227] Ристовски, Блаже, ed. (2009). „Иселување на Турците од Македонија“. Македонска енциклопедија. Книга I (А-Љ). Скопје: МАНУ. Стр. 619.

[228] Bandžović, S., Iseljenička politika balkanskih država i pitanje muslimana (1878-1941), Almanah, br. 29-30, god. 2005, 231.

од населението кое било доселено неодамна во Македонија од други околии, но и од староседелците муслимани.[229]

Пред потпишувањето на конвенцијата мешовитата комисија за иселување се состанала осум пати, при што биле разгледани можностите за иселување.[230] Со потпишувањето на конвенцијата било опфатено југословенското муслиманско население „кое зборува турски јазик и има турска култура."[231] Официјалната југословенска политика сосема тивко ја проследила информацијата до јавноста. Во белградска „Политика", во неколку редови се наведувало дека „Конвенцијата за иселување на Турците од Југославија била парафирана во Анкара."[232]Иселениците претходно требало да дадат писмена изјава за откажување од југословенското државјанство. Организираното иселување требало да започне во 1939 година. Договорената отштета која Југославија се обврзала да ѝ ја исплати на Турција изнесувала 500 турски лири по семејство. Членовите на семејствата кои би биле на листите за иселување требало да бидат ослободени од воената обврска.[233]

Турците и најголемиот дел од муслиманското население како во Македонија, така и во Југославија било активно вклучено во Втората светска војна во одбрана на земјата од окупаторот. По војната муслиманите не се чувствувале како граѓани од прв ред со оглед на тоа што одредени права им биле ускратувани со воведувањето на комунизмот.

ФНРЈ и Турција потпишале два протокола на 5 јануари 1850 година[234] и 31 јули 1954 година, како и Договор (13 јули 1956 година) со Протокол за обештетување на имотите на иселените Турци.[235] Посетата на Тито на Анкара на 13 април 1954 година се смета за клучна за иселувањето на муслиманите од

---

[229] Мехмедовиќ, Неџад. „Миграционите движења и политиката кон Бошњаците од крајот на XIX до крајот на XX век".Скопје: Правен факултет, 2013, стр. 26

[230] Илиевски, Б., Влијанието на миграциите врз етничката и демографската структура на населението во вардарскиот дел на Македонија (1912–1941), Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 67, Скопје, 2014, стр.46.

[231] Ибид.,

[232] Илиевски, Б., Политиката на Кралството СХС/Југославија кон миграционите движења на турското и муслиманското населени е од вардарскиот дел на Македонија 1918-1941 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 62, Скопје, 2009, стр.315.

[233] Ибид., стр.316.

[234] Протокол за обештетување.

[235] Ристовски, Блаже, ed. (2009). „Иселување на Турците од Македонија". Македонска енциклопедија. Книга I (А-Љ). Скопје: МАНУ. Стр. 619.

Југославија во Турција. По оваа посета биле одредени рамките поврзани со иселувањето на поедините државјани на ФНРЈ од турска народност заради спојување со семејствата кои веќе се во Турција. [236]

По завршувањето на Втората светска војна во рамките на општите процеси за намалување на улогата на религијата во јавниот живот комунистичките власти започнале со акции кои имале за цел да го отфрлат носењето на зарот и фереџето со кои се покривало лицето на муслиманската жена.[237] Од таа причина, во 50-тите години од XX век југословенските комунисти усвојуваат републички закони со кои на муслиманската жена ѝ било забрането да носи зар, односно фереџе.[238]

Така, во Народна Република Македонија, со донесувањето на законот за забрана за носење зар и фереџе од 12 јануари 1951 година незадоволството помеѓу муслиманите кулминирало и тој бил прифатен како навреда на честа и достоинството.[239] Законот требало да го забрза процесот на еманципација на муслиманската жена во Социјалистичка Македонија, но предизвикало отпор од страна на муслиманската популација и бил сфатен како насилнички акт против семејниот и личниот интегритет на муслиманската жена. Првиот член од законот гласи: „По сеопшто барање на широките народни маси да се отстрани вековниот знак на потчинетоста и културната заостанатост на жената-муслиманка и да се обезбеди полна рамноправност и широко учество во општествениот, културниот и стопанскиот живот на земјата, се забранува носење зар и фереџе и секакво покривање на лицето на жените.“[240] За секое непочитување на овој закон било предвидено лишување од слобода до три месеци или парична казна до 20 000

---

[236] Pezo, Edvin, „Komparativna analiza Jugoslovensko-Turske konvencije iz 1938. i „Džentlmenskog sporazuma“ iz 1953. Pregovori oko iseljavanja muslimana iz Jugoslavije u Tursku“,Beograd:Токови историје, бр 2.стр. 97-120., 2013. стр. 116-117.

[237] Каракамишева-Јовановска, Тања; Спасеновски, Александар. „Право и религија“. Скопје: Фондација Конрад Аденауер Скопје и Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје. 2020.стр.145.

[238] Законите на Републиките со кои била регулирана оваа материја биле истоветни. Социјалистичка Босна и Херцеговина усвоила закон во септември 1950 година. Ибид.,стр.146.

[239] Плетварска, Г. „Бошњаците во Македонија во педесетите години на дваесеттиот век (во рамките на партиската политика во однос на малцинствата во ДФМ – НРМ)“.Скопје: Реклам ЕН-ЕС Зборник, Бошњаците на Балканот, 2003, стр. 145.

[240] Закон за забрана да се носи зар и фереџе, Службен весник на Народна Република Македонија, бр. 1, Скопје,12 јануари 1951,стр.1.

динари, при што ваквата мерка секако влијаела врз отстранувањето на фереџето и зарот.[241]

Сепак, повеќето истражувачи наведуваат повеќе причини за иселувањето на муслиманското население, како што се: „новото народно-социјалистичко уредување на земјата, мерките што биле преземени на тој план, наводната верска и интелектуална заостанатост на муслиманското население, роднинските врски, верските побуди, односно ограничувањето на верските слободи, влијанието на „реакцијата“, укинувањето на приватната сопственост, аграрната политика и сл.“[242]

Како резултат на сето тоа, процесот на интензивно отселување од Македонија започнал по 1954 година со одлуката на Лазар Колишевски да го олесни процесот на отселување на муслиманите. Во следните години од Македонија се отселиле вкупно 200 000 Турци.[243] Според други извори од ФНРЈ Југославија/СФР Југославија се иселиле вкупно 400 000 муслимани, од кои од Македонија вкупно 250 илјади муслимани. Тие биле доведени во состојба да ги напуштат своите огништа и да заминат во непознатото во мирнодопски услови и без никаква објективна причина.[244] Според Хофман бројот на Турци кои емигрирале во 50-тите години претставува половина од вкупното турско население на територијата на Југославија.[245] Во рамките на оваа бројка, покрај етнички Турци имало и значителен број од останатите муслимани кои живееле во земјата, пред сè Албанци, Торбеши, Македонци Муслимани, Бошњаци и други. Големата пропаганда на властите во Југославија поткрепена со помошта од нивните претставници во Македонија вродила со плод, при што голем број Турци секојдневно ја напуштале земјата, а притоа голем дел од нив ги оставале своите куќи без да ги продадат, додека друг дел ги продавале за многу мали средства.

---

[241] Мустафа, Букурие. „Трансформацијата на етничката и верската функција на народната носија на Албанците во Македонија во периодот на социјализмот“, ЕтноАнтропоЗум, бр.20, 2020, 223.
[242] Ќерими Кадри Салим., „По повод 66-годишнината од масовното иселување на турското населени од НР Македонија во Република Турција“, Гласник на ИНИ, г. 63, бр. 1-2, 2019, стр. 166.
[243] Лазаров, Л., „Општествено – економски развој на НРМ 1944-1957“.Скопје:ИНИ,1988, стр.184.
[244] Ќерими Кадри Салим.2019, стр. 166.
[245] Hoffman, George W., (1977), “The Evolution of the Ethnographic Map of Yugoslavia: A Historical Geographic Interpratation” *An Historical Geography of the Balkans* (iç.), Francis W. Carter (ed.), London: Academic Press Inc., 440-464.

Македонија била транзитна земја и за останатите Турци и муслимани во Југославија кои само во Македонија можеле да добијат потврда дека се Турци, со која можеле да се иселат во Турција.

Како што може да се заклучи од погореизнесеното, со отселувањата на Турците во педесеттите години оваа популација во Македонија остана десеткувана, додека во многу делови од Југославија веќе и не живееле Турци и муслимани. Според Ендрјус, анализирајќи еден поголем период, од 1923 до 1960 година бројот на регистрирани имигранти во Турција е 1 милион 204 илјади, од кои уделот на имигрантите Југославија-Македонија е 269 илјади(22,4%).[246]

На прагот на шеесеттите години, според пописот во 1961 година во Македонија живееле 131 484 Турци (9.35%), што претставувало 70 000 помалку од претходниот попис во 1953 година пред масовните иселувања. Во периодот од 1961 година, па сѐ до осамостојувањето, од деценија во деценија бројот на Турците се намалува, за на прагот на деведесеттите двојно да се намали на 4% од целокупното население на Република Македонија.[247]

## 2.8. Балканскиот пакт од 1954 година и обновување на Југословенско – турското сојузништво

Пред и во екот на масовните иселувања на муслиманите од Југославија во Турција, двете држави биле во постојан контакт и соработка во областа на надворешната политика.

Додека Турција заедно со Грција официјално е примена во НАТО на 28 февруари 1952 година, Југославија останува неутрална и својата надворешна политика продолжува да ја гради надвор од сојузот.[248] Целта на Турција при влезот во НАТО била, пред сѐ да ја обезбеди својата безбедност и можните влијанија од Советскиот сојуз, но имало и очекувања да добие и дополнителна

[246] Andrews, Peter Alford., Ethnic Groups in the Republic of Turkey, Wiesbaden: Dr.Ludwig Reichert Verlag, 1989, pp.659.
[247] Види повеќе на: Веб-страницата на Државен завод за статистика.www.stat.gov.mk.(пристапено во јануари 2021)
[248] Види повеќе: Web page of NATO.”Greece and Turkey accede to the North Atlantic Treaty Organization“.<https://www.nato.int/multi/photos/1952/m520218a.htm. >[Пристпено во мај 2021]

помош при развивање на сопствената економија и модернизација на армијата.[249] Од друга страна Југославија по прекинот на односите со СССР во 1948 година и судирот со Информбирото во екот на Студената војна настојувала да склучува политички и одбранбени договори со земјите од Западот.

Балканскиот пакт во суштина претставува договор или сојуз на збир од повеќе трилатерални договори помеѓу Југославија, Грција и Турција од 1953 до 1955 година.[250] Тројната соработка најпрвин била иницирана од бројните билатерални контакти на воените делегации на највисоко ниво.[251] Воените делегации на Југославија и Турција ги одржале првите состаноци во Белград на 20, 24 и 27 декември 1952 година.[252]

Договорот за пријателство и соработка помеѓу ФНР Југославија, Кралството Грција и Република Турција е склучен во Анкара на 28 февруари 1953 година.[253] Со договорот се потврдува дека договорените страни ја потврдуваат својата верба во начелата на Повелбата на ООН.[254] На барање на пратениците во Турција договорот бил одобрен во турското собрание пред да стапи на сила.

По потпишувањето на Анкарскиот договор се спровеле заемни посети на државниците од трите земји. Според договорот било предвидено министрите за надворешни работи да се среќаваат најмалку еднаш годишно.[255] Најпрвин во Атина во јули 1953 се сретнале министрите за надворешни работи, во ноември истата година во Белград, како и во март 1954 година во Анкара се сретнале воените претставници на трите држави кои постигнале широка согласност во областа на воената соработка. Во февруари 1954 година во Белград се сретнувале претставниците на трите земји кои одлучиле да се формира Постојан секретаријат на Балканскиот пакт. При позитивна атмосфера помеѓу трите страни, Јосип Броз -

[249] Хаков, Ценгиз, 2010. стр.212;
[250] Мирков, Жељко, Спољна политика Југославије 1948-1956. и питање „Балканског пакта“, Београд:[Ж.Ж. Мирков], 2018, 152.
[251] Bogetić, Dragan., Jugoslavija i zapad 1952-1955, jugoslovensko približavanje NATO-u. Službeni list SRJ, 2000.str. 37.
[252] Ибид., стр.43.
[253] Dağcı, Gül Tuba and Diyarbakırlıoğlu, Kaan,."Turkish Foreign Policy during Adnan Menderes Period". Alternatives Turkish Journal of International Relations.Vol. 12, No. 1, 2013, pp.23.
[254] Мирков Жељко.,2018, str.160.
[255] Soysal, Ismail., Türkiye'nin Siyasal Bağıtları II (1945-1990), Ankara TTK yayınları, 1991, s.471-472.

Тито во 1954 година заминал во посета на Анкара и Атина каде што при водењето на преговорите се дошло до заклучок за неопходноста Анкарскиот договор од 1953 година да прерасне во Сојуз помеѓу трите држави.[256]

По посетата на Тито на двете престолнини се формирала комисија од претставниците на трите земји која имала за задача да го подготви проектот за сојузнички договор. Подготвениот проект пред усвојувањето најпрвин бил на одобрување пред Советот на НАТО во јули 1954 година.[257]

На заседанието на министрите за надворешни работи на трите земји во Титовата вила во Блед од 6 до 9 август 1954 година, како и разговорот на воените експерти на 7 и 8 август, се финализирал договорот помеѓу сојузниците.[258] Она што следело по сите претходни дипломатски контакти, разговори и посети на 9 август 1954 година на Блед било склучувањето Договор за сојуз, политичка соработка и заемна помош помеѓу трите држави со што и формално се склучил военополитичкиот сојуз.[259] Основните одредби на овој договор биле идентични со оние од Анкарскиот договор од 1953 година.

Со Балканскиот пакт се предвидува: ако една од страните стане објект на агресија, тоа ќе се прифати како агресија и кон другите членки на пактот; воената помош на жртвата на агресија ќе се укаже преку користење на правото на индивидуална и колективна заштита во рамките на ООН; продолжување на воената соработка предвидена со Анкарскиот договор; создавање постојан совет на пактот составен од министрите за надворешни работи и други претставници на трите држави; учеството на Грција и Турција во Балканскиот пакт во никој случај не може да го спречи исполнувањето на нивните обврски кон НАТО.[260] Балканскиот пакт се склучува за период од 20 години и е отворен за други земји под еднакви услови и со одобрување од другите негови членови.[261] Разликата

[256] Gönlü bol, Mehmet, Olaylarla Türk Dış Politikası l 9 l 9- 1945, 9. Baskı, Ankara, Siyasal Kitapevi, 1996.
[257] Спорот на Италија со Југославија по прашањето на „Трст" била една од главните дилеми за сојузот, со оглед на тоа што Турција и Грција биле сојузници со Италија во НАТО.
[258] Terzić, Milan (pr.). Balkanski pakt 1953-1954, Zbornik dokumenata. Beograd: Vojnoistorijski Institut, 2005.t. str. 726.
[259] Stojković, Momir (pr.), Balkanski ugovorni odnosi, JP Službeni list SRJ, 1998., op. cit. str. 258-262.
[260] Хаков, Ценгиз, 2010. стр.215.
[261] Со овој член на Договорот, Пактот испраќал порака, пред сѐ до Албанија и Бугарија. Види: Soysal Ismail., 1991, s.471-472.

помеѓу Балканскиот пакт и НАТО била во тоа што доколку член на НАТО стане објект на агресија, тогаш останатите негови членови автоматски ќе му пријдат на помош, додека во ист таков случај помош на жртвата на агресија од Балканскиот пакт, ќе ѝ биде укажана во согласност со статутот на ООН.[262]

По потпишувањето на Балканскиот пакт продолжиле средбите на високо ниво помеѓу Турција и Југославија. Најпрвин турскиот претседател Целал Бајарнаправил официјална посета на Белград, возвраќајќи ја на тој начин посетата на претседателот Тито на Анкара.[263] На почетокот на март 1955 година во Анкара заседавал Постојаниот совет на Балканскиот пакт. Во мај 1955 година турскиот премиер Аднан Мендерес и министерот за надворешни работи Фатин Рушту Зорлу официјално го посетиле Белград.[264]

По едногодишното функционирање Балкански пакт од 1954 година, склучен на 20 години, во суштина бил замрзнат, односно престанал да функционира, но правно продолжил да постои до јуни 1960 година, кога и официјално бил анулиран.[265] Од геополитички аспект кон крајот на 60-тите години започнале тензии помеѓу Грција и Турција, додека Југославија сè повеќе се утврдувала кон движењето на неврзаните, кое се формирало во 1961 година, при што практично го изгубила интересот за Балкански пакт.

---

[262] Хаков, Ценгиз, 2010. стр.215.
[263] Трет претседател на Република Турција кој бил на функција во периодот од 1950 до 1960 година. Види: Web page:Britannica.“Celâl Bayar - president of Turkey” <https://www.britannica.com/biography/Celal-Bayar>. (пристапено во јануари 2021).
[264] Gönlübol, Mehmet,1996.
[265] Хаков, Ценгиз, 2010. стр.217.

## ГЛАВА III

# БИЛАТЕРАЛНИ ОДНОСИ ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА ОД 1991 ГОДИНА ДО 2019 ГОДИНА

## 3.1. Геостратешка положба на Турција по Студената војна и политиката кон Балканот

Регионот на Балканот по 1989 година поминал низ неколку тектонски промени од кои секоја во себе носела доволно потенцијал да ја измени самата суштина на општествениот систем карактеристичен за балканските земји до тој период.[266] Во овој контекст, со распаѓањето на биполарната структура од времето на Студената војна, се појавиле сериозни стратешки и геополитички празнини кои ги ослабиле регионалните елементи на стабилност во евроазискиот простор каде што овие половини се конфронтирале.

По завршувањето на студената војна, Турција во извесна смисла го губи претходното важно воено-стратешко значење во глобалното спротвиставување меѓу Истокот и Западот. Од друга страна, нејзината улога како регионална сила растела во регион исклучително значаен од аспект на природни ресурси воедно исклучително нестабилен со непредвидлива политика на нејзините соседи, Блискиот Исток и источното Средоземно Море.

Надворешната политика на Турција во 90-тите години е усогласена со промените што настанале во меѓународните односи кон крајот на студената војна и распаѓањето на социјалистичкиот блок со Варшавскиот договор за соработка и за заемна помош. Со тоа доаѓа крајот на двете национални социјалистички држави – Советскиот сојуз и Југославија и на нивно место, формирање нови држави на Балканот, Задкавказието и Средна Азија. Внатре во Турција, со надворешна поддршка се засилило влијанието на политичкиот ислам, кој се стреми да ја преориентира прозападната надворешна политика на Турција во происточна исламска политика.[267] Кон крајот на студената војна Турција се наоѓа

[266] Ѓуровски, Марјан.„Реформи на безбедносниот систем на Република Македонија“ Скопје: Фондацијата Конрад Аденауер, Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола и ААБ Универзитет-Приштина, Република Косово.2018.стр.15-30.стр.17.
[267] Хаков, Ценгиз.,2010.стр.374.

на страна на западните земји, победници во таа војна, на чело со сега единствената суперсила, САД.[268]

Тоа од една страна оди во прилог на турската надворешна политика, но од друга страна ја исправа пред сериозен испит во новосоздадената сложена меѓународна ситуација и пред сè во рамките на географскиот регион при што е принудена да ги преразгледа основните насоки на својата надворешна политика во Задкавказието и Средна Азија, на Балканот и Блискиот Исток.

Центарот на оската Драва-Сава се наоѓа во Босна и Херцеговина, која се наоѓа меѓу Хрватска и Србија, додека, пак, центарот на оската Морава-Вардар се наоѓа во Косово, а самата оска им припаѓа на Србија, Македонија, Бугарија и делумно на Грција.[269] Врз овие две основни оски се потпира балканската геополитика.[270]

Овие две оски, како основни потпорни елементи на Втората светска војна и на Студената војна во балканската геополитика, истовремено биле и линии на интензивна геокултурна конфронтација. Ваквата состојба придонела за пораст на вниманието на глобалните и на регионалните актери врз стратешкиот јазол наречен Балкан.[271]

Случувањата кои го обележале крајот на XX и почетокот на XXI век битно ја измениле суштината на безбедносните закани во регионот и Европа и докажале дека заканите по уставните вредности на Балканот сè уште имаат етнички предзнак. [272]

Во почетокот на 90–тите години со распаѓањето на Југославија и формирањето на независни држави, вооружените судири меѓу Србија и останатите држави претставувале закана за мирот и за безбедноста на Балканот. Балканското прашање по периодот на Студената војна го достигнало својот врв со етничкото чистење во Босна и Херцеговина и се стекнало со нови димензии со конфликтите

[268] Ибид.,
[269] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.278.
[270]Ибид.,
[271]Ибид.,
[272] Ѓуровски, Марјан.,2018.стр.16.

во текот на Косовската криза. Овие настани оставиле безбедносни, економски, социјални, психолошки и други последици, а надминувањето на меѓуетничките тензии и конфликти останале најбитен предизвик за претставниците на власта во земјите.

Во најголемиот дел од европското минато Балканот не претставувал кохерентен регион, напротив, и самиот бил поделен во многу од најважните поделби во историјата на континентот од кои некои дури и денес влијаат врз политиката на регионот.[273] Во последната деценија на XX век Балканот од страна на меѓународната заедница бил третиран како слаб и пропаднат регион што предизвикало реакции на одредени држави и организации насочени кон негово стабилизирање.[274] По падот на комунизмот бил формално промовиран новиот политичко-економски систем и процедурите на демократијата, а разделувањето на СФРЈ и етаблирањето на пет наместо на претходната една држава темелно ја изменило геополитиката на регионот и односот на САД и Европската Унија кон него.[275]

Од тие причини настанале суштествени промени во политиката на големите сили, како и на политиката на Турција, која има историски, како и културно-религиозни врски со балканските народи. Од друга страна, Балканскиот Полуостров е од големо значење за Турција, како директна сувоземна врска со земјите на Европската Унија.

Новата балканска политика на Турција во 90-тите години имала поддршка од повеќето земји од ЕУ и НАТО, а пред сѐ од САД. Основната особина по која Турција се разликува од другите балкански земји и ѝ дава важна стратешка предност, е во тоа што Турција истовремено е земја и на Блискиот Исток, на Кавказот и на Источен Медитеран. Ниедна друга балканска држава не поседува вакви можности за многустрана политика.

Како последица на етно-религиозните чистки спроведувани од српска страна, илјадници турско-муслимански бегалци од Балканот се насочуваат кон

---

[273] Ибид.,стр.17.
[274] Ибид.,
[275] Пендаровски Стево, „Меѓународна безбедност", Скопје, 2009 година, стр: 203.

Турција, каде што наоѓаат топол прием, како од свои роднини, така и од страна на турската држава. Се смета дека неколку милиони жители на денешна Турција се со балканско потекло.[276]

Балканското прашање постепено излегло од рамките на еден регионален судир и станало одредница на судбината на меѓународниот систем, но и на силите во центарот на овој систем. Во оваа рамка, Балканот бил област на дејствување на меѓународните организации кои се појавиле по Втората светска војна, за постепено да стане област на дејствување на центрите на моќ од поновиот период, па сè до денес.

Тезите кои се поставени во врска со подрачјата на судир и поредокот по Студената војна, содржат компоненти кои ги легитимизираат и ги насочуваат настаните во оваа област. Според тезата „Судирот на цивилизациите", на Хантингтон, одговорноста за нова криза на Балканот ја имаат цивилизациите надвор, односно од Запад.[277] Според Давутоглу, оваа теза содржела пристап на покривање на злосторствата на српската армија и полиција, но и на двојниот стандард на западните земји поради нивната поддршка на овие злосторства.

Турската политика во почетокот на промените на Балканот се карактеризира со извесна воздржаност и исчекување, таа продолжува да ја поддржува територијалната целовитост на Југославија. По прогласувањето на независноста на Словенија и на Хрватска во 1991 година, Србија се спротивставува со вооружена сила. И покрај тоа, во септември истата година, Македонија и Босна Херцеговина, исто така прогласуваат независност. Со тоа сè повеќе станува актуелно признавањето на новите балкански држави. Меѓутоа, Турција чека прво тоа да го направат земјите од ЕУ и САД. Во 1992 година, ЕУ по иницијатива на Германија, ја признава независноста на Словенија и на Хрватска. Потоа следниот чекор во однос на тоа го прави Бугарија, која ја признава истовремено независноста на четирите држави. Исто така, во февруари 1992 година, Турција истовремено ја признава независноста на четирите држави, со што се става крај на

---

[276] Emin, Emin."Is there a Balkan Diaspora in Turkey?", <https://insamer.com/en/is-there-a-balkan-diaspora-in-turkey_3445.html.03.11.2020>. (пристапено на 12.1.2021).
[277] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.280.

дотогашната турска политика на чекање и поддржување на територијалната целовитост на Југославија.

Новата балканска политика на Турција се карактеризира со помагање на турско-муслиманското население во Босна и Херцеговина, Македонија, Косово и областа Санџак.[278]

Според Давутоглу, постои една заемна врска меѓу овие подрачја каде што Турција е единствената земја која со една флексибилна надворешна политика, најдобро може да ги искористи овие врски за да го зголеми својот маневарски простор. Во политиката насочена кон Балканот треба да се развие една дипломатија благодарение на која ќе се следи и рамнотежата внатре во регионите. Според него, не треба да се заборави дека судбината на османлиската држава била зацртана на Балканот.

Понатаму Давутоглу укажува на фактот дека постојат две струи и средства кои Турција во оваа точка може да ги искористи од кои едното е системско, а другото алтернативно. Системското средство во кое се наоѓа Турција е НАТО.[279] Држењето на НАТО во игра поради кризата и доведувањето на улогата на Турција во НАТО повеќе со Балканот, отколку со Источна Европа значи многу за политиката на Турција на Балканот. Второто средство надвор од системската улога во НАТО е положбата на Турција во ОИК (Организацијата на Исламска Конференција) која делумно е ставена надвор од системот.[280] Турција е обврзана ефективно да ги пренесе кризите на Балканот на платформата на ОИК и да го актуализира зачувувањето на исламско-османлискиот идентитет во регионот, заклучува Давутоглу.

На иницијатива на Турција во јуни 1992 година се одржува заседание на муслиманските држави во Организацијата на Исламската конференција.[281] Во ноември истата година пак, во Истанбул се одржува средба на министрите за

---

[278] Санџак е историски геополитички регион помеѓу Србија и Црна Гора населен со мнозинство Бошњаци.
[279] Давутоглу, Ахмет.,2008, стр.304.
[280] Ибид.,
[281] Web page of Ministry of Foreign Affair of Reublic of Turkey.” Organization of the Islamic Cooperation”. <https://www.mfa.gov.tr/OIC_en.en.mfa>. Пристапено на: 10.3.2021.

надворешни работи на балканските и соседните држави. На тие конференции се разгледува новата ситуација на Балканскиот Полуостров и помошта која може да им се даде на новите балкански држави. Сите учесници на тие конференции повикуваат да се уважи територијалната целост на новите држави и да се формираат заштитни зони под закрилата на ООН, во кои муслиманското население ќе најде спас од прогоните на српските вооружени сили.

### 3.2. Независноста и процесот на признавање на Република Македонија во меѓународните односи

Република Македонија, како и целата југословенска заедница, во текот на 1990 година преживуваше силни политички процеси, кои го најавуваа распаѓањето на дотогашната Социјалистичка Федеративна Република Југославија.[282] Како резултат на тоа, Република Македонија стана самостојна и суверена држава во процесот на дисолуција на педесетгодишната југословенска федерација, каде што Македонија по 1945 година, станува република во рамките на Југословенската федерација, процес, кој траел 14 месеци, од декември 1990 година до февруари 1992 година.[283] Имено, на 8 септември 1991 година, по референдумот на граѓаните, Република Македонија станува суверена и независна држава.

Во овој контекст, Република Македонија стана нов субјект на меѓународните односи и се најде пред голем број предизвици како на внатрешен така и на меѓународен план во процесот на остварување на своето осамостојување. Процедурата за осамостојување на Република Македонија, формално правно, траеше единаесет месеци, од јануари до ноември 1991 година.[284] Овој процес започнал со донесување на Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија, а завршил со донесувањето на Уставот на Република

[282] Тунтев, Ахил.„Република Македонија – прва декада(1990 - 1999).Скопје:Книгоиздателство МИ-АН,2005, стр.9.
[283] Докмановиќ, Мишо.„Осамостојување на Република Македонија“.Скопје: Правен факултет, Извадок од магистерски труд, 2006, стр, 374.
[284] Ибид.,

Македонија кој беше усвоен на 17 ноември 1991 година од страна на првиот повеќепартиски парламент.[285]

Притоа, со завршувањето на внатрешните процеси поврзани со осамостојувањето на Република Македонија, се наметнала и потребата да дојде и до меѓународна потврда на тие процеси во облик на меѓународно признавање. Процесот на признавање на Република Македонија започна во 1992 година.

Имено, на 2 декември 1991 година, претседателот на републиката, Глигоров, упатува писмо до сите шефови на влади во светот за признавање на Република Македонија.[286] Во ова писмо Претседателот ја нагласува огромната важност на прашањето за процесот на признавање на Македонија како независна држава што ја опфаќа територијата и народите во рамките на границите на она што одамна и досега беше познато како Република Македонија, поради војната што го загрозувала целиот регион и се заканувала да се прошири и на другите делови од Балканот. Од тие причини, Претседателот нагласи: „Практично, Македонија е независна во смисла на тоа што управува со своите сопствени работи и се грижи за безбедноста и доброто на својот народ. Меѓутоа, независноста на нашата држава не може да биде целосна или обезбедена без нејзино признавање од други држави, каква што претставувате Вие."[287] Главната цел на Македонија е да се формира како суверена и независна граѓанска и демократска држава и да создаде институционална рамка за развој на парламентарната демократија во којашто ќе се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и национална еднаквост.

Слично на тоа, Претседателот укажа: „Ние ја сметаме државата Македонија како стабилизирачки фактор на Балканот и Европа. Ние сме подготвени да докажеме дека демократијата е можна преку мирен соживот со припадниците на другите националности во Македонија."[288]

---

[285] Илиевски, Зоран., Интегративниот модел на делење на моќта и случајот на Македонија, Скопје, Македонски информативен центар, 2011, стр. 169.
[286] Писмо на претседателот Киро Глигоров до сите шефови на држави и влади во светот за признавање на Република Македонија, Скопје, 2 декември 1991 година. /Документи за Република Македонија: 1990 – 2005/избор редакција и забелешки Сашо Георгиевски и Сашо Додевски.- Скопје: Правен факултет„Јустинијан Први", (Едиција Документи за Македонија),книга III, 2008, стр.290.
[287] Ибид.,стр.291.
[288] Ибид.,

Исто така, министерот за односи со странство Денко Малески на 2 декември 1991 година упати писмо до министрите за надворешни работи на сите држави во светот за признавање на Република Македонија каде што ја повтори силната поддршка која Македонија ѝ ја дава на политиката на мир и соработка и одговорноста којашто ќе се преземе кон Конференцијата во Хаг, како и на обврските што произлегуваат од одлуките на Обединетите нации, министерот нагласи: „Тоа ќе го сториме на начин на којшто правевме и досега – во духот на толеранција, заемно почитување и почитување на позицијата на другите.“[289]

Понатаму, Европската заедница на 15-16 декември 1991 година ќе ги донесе двата акта поврзани со критериумите за признавање на земјите од Централна и Источна Европа, Насоки за признавање на новите држави во Источна Европа и Советскиот Сојуз и Декларација на Европската заедница за условите на признавање на новите држави.[290]

Како резултат на поставените критериуми, Собранието на Република Македонија на 19 декември 1991 година, донесе Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија тргнувајќи од принципите на Повелбата на ООН, Завршниот акт на КЕБС од Хелсинки и Париската повелба. Со оваа Декларација, Република Македонија побара да биде меѓународно призната како суверена и независна држава, со тоа што ги прифаќа критериумите донесени од страна на Советот на министрите на Европската заедница, дека го прифаќа Нацртот на документот на Конференцијата на Југославија во Хаг и дека ги поддржува напорите на ООН за мирен расплет на југословенската криза. За таа цел на 20 декември 1991 година, министерот Денко Малески, го извести претседавачот со Министерскиот совет на Европската заедница, Ханс Ван ден Брук за донесената Декларација.[291]

Со Декларацијата на Европската заедница за Југославија од 16 декември 1991 година, Европската заедница ги повика југословенските републики кои изјавиле желба да бидат независни републики и да бидат меѓународно признати,

[289] Писмо на Министерот за односи со странство д-р Денко Малески до министрите за надворешни работи во светот за признавање на Република Македонија Скопје, 2 декември 1991. Ибид., стр.294.
[290]Докмановиќ, Мишо.,2006, стр.375.
[291] Ибид., стр.375.

до 23 декември 1991 година да поднесат барање за меѓународно признавање. По истекот на рокот за поднесување на барањата на југословенските републики, на 24 декември 1991 година, Арбитражната комисија испрати прашалник до заинтересираните републики, каде што побара од Македонија дополнителни информации, односно изјава дека Република Македонија ќе се воздржи од каква било непријателска пропаганда насочена против една соседна земја, членка на Европската заедница. Притоа, Собранието усвоило по забрзана постапка два уставни амандмани.[292] Оваа одредба била дополнета со формулацијата дека „Републиката притоа нема да се меша во суверените права на други држави и во нивните внатрешни работи.“[293]

Арбитражната комисија за Република Македонија на 11 јануари 1991 година го објави Мислењето бр.6 за признавање на Социјалистичка Република Македонија од страна на Европската заедница и нејзините членки.[294] Мислењето на Арбитражната комисија го разгледувало исполнувањето на поставените критериуми за признавање преку доставените акти, гаранции и одговори на прашањата.

Согласно со тоа, Арбитражната комисија одлучила дека:

Република Македонија ги задоволува условите предвидени во насоките кои се однесуваат на признавањето на новите држави од Источна Европа и Советскиот Сојуз, како и Декларацијата за Југославија која Министерскиот совет на Европската заедница ја усвои на 16 декември 1991 година.[295]

Освен тоа, Арбитражната комисија сметала дека Република Македонија се откажува од какви било територијални претензии и со самото тоа, употребата на

---

[292] Првиот амандман нормираше дека Република Македонија нема територијални претензии кон соседите и дека границата на Република Македонија може да се менува само во согласност со Уставот, а врз принципите на доброволност и во согласност со општоприфатените меѓународни норми. Вториот амадман на Уставот го дополни членот 49, став 1 кој предвидуаше дека „Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и иселеници од Македонија, го помага нивниот културен развој и ги унапредува врските со нив“. Ибид., стр.376.

[293] Ибид., стр.376.

[294] Мислење бр.6 на Арбитражната(Бадинтерова)комисија за Република Македонија Париз, 11 јануари 1992. Документи за Република Македонија: 1990 – 2005/избор редакција и забелешки Сашо Георгиевски и Сашо Додевски. 2008.,стр.312.

[295] Ибид., стр.316.

името „Македонија“ не би требало да подразбира никакви територијални претензии на сметка на некоја друга држава.[296]

И покрај тоа, Претседателството на Европската заедница на 15 јануари 1992 година донесе политичка одлука да ги признае само Словенија и Хрватска, а што се однесува до другите две земји кои изразиле желба за стекнување независност, Европската заедница зазеде став дека сè уште „постојат значајни работи да се разгледаат, пред заедницата да преземе сличен чекор.“[297] Политичката одлука на Европската заедница за пролонгирање на меѓународното признавање на Македонија отвори долг, повеќемесечен процес во кој Европската заедница, под притисок на Грција, надвор од сите норми, се обидела да издејствува признавање на републиката без употреба на терминот „Македонија.“

По овој настан, Република Македонија имала поголем број дипломатски активности со цел да издејствува признавање на Македонија на следниот состанок на заедницата. Суштината на проблемот на признавањето беше и остана спротивставувањето на Грција. Како дел од тие активности министерот Денко Малески на 14 февруари 1992 година, упатил писмо до министрите за надворешни работи на Европската заедница во кои јасно порача дека: „Ние немаме резервно име, освен Македонија.“[298] Во почетокот на април 1992 година, на Македонија ѝ бил предложен т.н. „пакет Пињеиро“каде што активно била вклучена Португалија како претседавач со Европската заедница.[299]

Покрај тоа, на состанокот на Европската заедница во Луксембург на 6 април 1992 година единствено е призната независноста на Босна и Херцеговина каде што имало уште една можност за колективно меѓународно признавање на Македонија. Следниот ден со меѓународното признавање на Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина се огласиле и САД во однос на признавањето на Македонија, при што изјавиле дека ќе продолжат „интензивно да работат со Европската заедница и

[296] Ибид.,стр.316.
[297] Докмановиќ, Мишо.,2006, стр.377.
[298] Ибид.,стр.377.
[299] Овој „пакет“ вклучувал одредби за менување на македонскиот Устав во делот на преамбулата, менувањето на државните граници, како и грижата за македонското малцинство, но и промена на името со терминот „Нова Македонија“. Но овој пакет не поминал поради грчкиот ултиматум, односно тоа дека во името на државата не смее да стои терминот „Македонија“.Ибид.,стр.378.

нејзините земји членки со цел експедитивно да ги разрешат проблемите помеѓу Грција и Република Македонија, кои оневозможуваат САД и формално да ја признаат независноста на оваа република.“[300]

Меѓутоа, на следниот вонреден министерски состанок на Европската заедница кој се одржал на 1 и 2 мај 1992 година во Гимараеш, Португалија, за прв пат била користена формулацијата „поранешна југословенска република Македонија.“[301] Во Декларацијата од овој состанок била изразена подготвеноста на членките на Европската заедница да ја признаат земјата како суверена и независна држава во постојните граници и под име прифатливо за сите заинтересирани страни. Повторно, за прашањето на признавањето на Македонија било расправано и на Министерскиот совет на Европската заедница одржан на 11 мај 1992 година во Брисел каде што данскиот министер за надворешни работи Уфе Елеман Јенсен побара Европската заедница веднаш да ја признае Македонија, но и таа иницијатива се покажала како безуспешна.

На Лисабонскиот самит на Европската заедница кој се одржал на 27 јуни 1992 година, каде што завршило и претседавањето на Португалија со Европската заедница, на Македонија ѝ е зададен најтешкиот удар во процесот на стекнување на меѓународно признавање.[302] Оваа декларација предизвикала изненаденост на целата македонска јавност, при што претседателот на Републиката, Глигоров, во изјавата по повод декларацијата на Европската заедница во Лисабон, рекол дека се работи за „невиден преседан.“[303] Од друга страна револтот на граѓаните на Република Македонија е изразен со голем митинг одржан на 12 јули 1992 година, под мотото: „Да, Република Македонија, да.“[304]

Понатаму, во јули 1992 година, во рамките на дипломатските активности на Република Македонија фокусот бил ставен на две главни прашања од кои,

---

[300] Во овој контекст, претседателот на САД, Џорџ Буш упатил писмо до Претседателот Глигоров каде што повикал на итно разрешување на преостанатите прашања меѓу Грција и Република Македонија што ќе овозможи САД да ја признаат Македонија. Ибид.,стр.378.
[301] Ибид.,стр379.
[302] Европската заедница со лисабонската декларација ја изразила својата подготвеност да ја признае поранешната југословенска република Македонија во постојните граници под име кое нема да го содржи терминот Македонија.
[303] Ибид.,стр.380.
[304] Ибид.,

започнување на процедура за прием на Република Македонија во членство на ООН и второ, да се издејствува повторно ставање на дневен ред на признавањето на Македонија на Лондонската конференција за Југославија закажана за крајот на август 1992 година.[305]

За таа цел, претседателот Глигоров испратил барање за членство за прием на Република Македонија во ООН каде што е нагласено дека Македонија ги прифаќа општоприфатените норми на меѓународно право и смета дека приемот во членство на ООН ќе претставува значаен чекор кон миројубиво разрешување на кризата на територијата на поранешна Југославија. Имено, во прилог на барањето за членство во ООН е доставена и Декларација за прифаќање на обврските содржани во Повелбата на ООН. Сепак, македонското барање за членство во ООН не било ставено во процедура до крајот на годината.[306]

Слично на тоа, ставањето на прашањето за признавање на Македонија на дневниот ред на Лондонската конференција не било разгледано и било пролонгирано за следниот самит на Европската заедница, кој се одржал на 11 – 12 декември 1992 година во Единбург кој не донел ништо ново на планот на меѓународно признавање на Македонија. Во текот на 1992 година, Република Македонија воспостави дипломатски односи само со три земји и тоа: Турција, Хрватска и Словенија.[307]

Во овој контекст, во Истанбул на 25 ноември 1992 година бил одржан состанок на министрите за надворешни работи на земјите од Балканот и регионот каде што била усвоена заедничка декларација, во која била повикана меѓународната заедница да ја разгледа неопходноста од признавање на Република

---

[305] Ибид.,стр.380.
[306] Случајот на постапката за прием на Република Македонија во членство во ООН е своевиден преседан во историјата на таа организација. Во постапката за прием низ телата на ООН, Советот за безбедност, Генералното собрание на ОН, во случајот на Македонија, не доминираа правните и поопштите политички аргументи, туку се наметна како тема и пречка политичкото оспорување на една земја членка (Грција), која повикувајќи се на одредбите на Повелбата за зачувување на мирот и избегнување на создавање кризни зони во светот, своите политички ставови кон Македонија ги претстави како можна закана за мирот што всушност претставуваше издигнување на еден билатерален спор на ниво на „процедурална пречка" во ООН.
[307] Дипломатските односи со Словенија се воспоставија на 17 март 1992, со Хрватска на 30 март 1992 и со Турција на 26 август 1992.

Македонија и нејзиниот прием во ООН и КЕБС.[308] Во оваа декларација било користено уставното име на Македонија.

По Единбуршкиот самит, Македонија, на почетокот на 1993 година повторно ќе го обнови барањето за членство во ООН, при што автоматски грчката влада ќе достави Меморандум во кој ќе ги изрази ставовите и позицијата на Грција во врска со барањето на Република Македонија за прием во ООН. Имено, и покрај интензивните активности кои се случуваа последователно, Република Македонија не успеа да ги придобие клучните земји во Советот за безбедност на своја страна. Сепак, како резултат на согласноста на Грција да ја прими државата која за сите потреби на државата во Организацијата ќе биде привремено именувана како „Поранешна Југословенска Република Македонија“, до решавање на разликите што се јавија околу името на државата. Советот на Безбедност ја усвои Резолуцијата 817/93 со која му препорача на Генералното собрание да ја прими во членство на ООН.[309]

Врз основа на препораката на Советот на безбедност од 7 април 1993 година, Генералното собрание на ООН на 8 април 1993 година ја донесува Резолуцијата 47/225 со која Република Македонија е примена за 181 членка на ООН.[310],[311]. На денот на приемот на Република Македонија во Светската организација како 181-ва држава-членка, Глигоров станува првиот македонски претседател кој се обраќа пред Генералното собрание на Обединетите нации, каде што изјавува дека; „со овој чин се круниса повеќевековниот стремеж на македонскиот народ и неговата 130-годишна борба за слобода и независна држава.“[312]

[308] Ибид.,стр383.

[309] Прифатената практика на ООН е дека: „Отворање процедура за прием на нова членка – држава начелно значи признавање на таа држава. Оние земји кои не сакаат да ја признаат новата држава и ги игнорираат нејзините основни права, ризикуваат реакција на нивните одлуки пред органите и телата на ОН“.

[310] UN General Assembly Resolution 47/225.<http://www.un.org/documents/ga/res/47/a47r225.htm>

[311] Според предлогот на СБ(Резолуција на СБ 817/93), во документите на ООН земјата ќе се ословува со „Бивша Југословенска Република Македонија“ (...this State being provisionally referred to for all purposes within the United Nations”The Former Yugoslav Republic of Macedonia“ pending settlement of the difference that has arisen the name of the State). Тунтев, Ахил.2005,стр.160.

[312] Mehmedovic, Nedzad & Salifoska, Fatima. “Twenty-five years at the United Nations: the Macedonian journey“. Institute for Public Policy, Skopje, 2021,pp.10.

Со приемот на Република Македонија во членство на ООН се акцелерира процесот на меѓународно признавање на Република Македонија.[313] Според Ахил Тунтев, приемот на Македонија во Обединетите нации, без оглед на тоа што не беа исполнети сите очекувања на македонскиот народ, особено во врска со името на земјата, претставува чин од огромно значење за современата македонска историја.[314] Со тоа се отвори простор за широко признавање на Република Македонија од одделни земји и нејзин прием во меѓународните организации. Приемот на Република Македонија во ООН имаше и соодветни реперкусии и на зачленувањето во другите мултилатерални меѓународни организации. Зачленувањето на Република Македонија во светската организација, несомнено претставува највисок (и не само формално) чин на меѓународна верификација на актот на стекнување на независноста и самостојноста на земјава.[315]

Европската опција претставува една од трајните компоненти на надворешно-политичката стратегија на Република Македонија. Во таа смисла Македонија, своето асоцирање во меѓународната заедница, односно своето меѓународно признавање, најнепосредно го поврзува со развојот на односите со европските земји и нивните асоцијации, пред сè со Европската Унија.[316]

## 3.3. Воспоставување дипломатски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција и нејзината поддршка во меѓународно признавање на Република Македонија

Признавањето на државите нема директна врска со воспоставувањето дипломатски односи.[317] Имено, може да се случи државата да биде признаена, но

[313]Приемот на Република Македонија во ОН, беше дополнето со уште еден преседан, имено, освен со решение според кое Република Македонија се прима во членство во ОН под привремена „ознака“, како Поранешна Југословенска Република Македонија“, и тоа со привремено неистакнување на нејзиното официјално знаме пред зградата и во телата на ОН.

[314] Тунтев, Ахил.2005.,стр.31.

[315] Ибид.,стр.152.

[316] Ибид.,стр.179

[317] Признавањето на држави е актуелно при создавање нови држави и нивно стапување во меѓународните односи, како резултат на оргинално создавање на државата, распаѓањето на сложени држави и создавањето нови итн. Правно гледано актот на „признавањето“ на државата е правно – формален акт и нема директно влијание врз суштинската независност и постоењето на

со неа да не бидат воспоставени дипломатски односи (обратното не е можно). По правило, воспоставувањето на дипломатските односи се надоврзува на целосното и официјалното признавање на државата.

Основата на односите помеѓу Република Македонија и Република Турција била воспоставена уште од осамостојувањето на Република Македонија преку силна поддршка од нејзина страна.

Република Турција официјално ја призна Република Македонија на 6 февруари 1992 година, со одлука на Владата на Република Турција да ја признае независноста на Република Македонија.[318] Во писмото упатено од претседателот на Владата на Република Турција, Сулејман Демирел до претседателот Глигоров на 8 февруари 1992 година било нагласено дека Турција се радува на натамошно зајакнување на добрососедските односи помеѓу Турција и Република Македонија на сите полиња во заемна корист на двете земји. Исто така, претседателот на Владата, Демирел ја изразил оваа историска можност да ги пренесе „братските и најдобри желби на турскиот народ за добросостојба и просперитет на народот на Македонија.“[319]

Како што може да се види, турската одлука за признавање е во рамки на почитување на правото на самоопределување на народот на Македонија и неговата независност и суверенитет, и во согласност со желбата на Турција да ги промовира мирот, стабилноста и соработката во регионот како што било истакнато во самото писмо.

Заложбите за меѓународно признавање на Република Македонија, како од страна на Турција, така и со помош на Турција од страна на другите држави најдобро е прикажано во сеќавањата на Стојан Андов за 1992 година.[320] На

државата, но често изостанувањето на признавањето од една или повеќе земји може да создаде сериозни тешкотии за новата држава и нејзиното нормално вклучување во меѓународните односи.

[318] Писмо на Претседателот на Владата на Република Турција, Сулејман Демирел до претседателот Киро Глигоров за признавање на независноста на Република Македонија од Република Турција Анкара, 8 февруари 1992., Документи за Република Македонија: 1990 – 2005/избор редакција и забелешки Сашо Георгиевски и Сашо Додевски. 2008,стр.319

[319] Ибид.,стр.319.

[320] Стојан Андов е прв претседател на повеќепартиското собрание на Република Македонија, функција која ја извршувал во три мандати. По атентатот на претседателот на Македонија Киро Глигоров на 3 октомври 1995 година, извесен период ја врши и функцијата претседател на

Светскиот економски форум во Давос од 31 јануари до 2 февруари 1992 година, делегацијата на Република Македонија била предводена од претседателот на Собранието Стојан Андов. Во рамките на форумот претседателот Андов се сретнал со турскиот претседател Сулејман Демирел,[321] при чија средба запишал: „Го прашав Демирел кога точно ќе ја признаат Македонија, а тој ми одговори дека тоа ќе го направат веднаш штом тој ќе се врати од Давос.“[322] Андонов понатаму се присетува: „Инаку, непосредно по враќањето од Давос, на 6 февруари, Турција ја призна Република Македонија како независна држава. Со тоа се покажа дека Демирел бил искрен кога во Давос ми ветуваше дека Турција ќе ја признае Македонија веднаш штом тој ќе се врати од Светскиот економски форум.”[323] Според Андов, најавата за признавање на Демирел беше еден од алармите за Грција дека ја очекува силен меѓународен притисок за признавање на Македонија.[324] Според сеќавањето на Андов, на форумот Демирел се сретнал со министерот за надворешни работи на Грција, Константин Мицотакис, за време на средбата, според Андов, му порачал дека: „Турција наскоро ќе ја признае Македонија и го замолил Мицотакис тоа да не го сфати како лош гест за Грција. Македонија за Турција е соседна земја која тукушто станала независна, а особено е за почитување фактот што земјата тоа го постигна по мирен пат. Демирел на Мицотакис му рекол дека е корисно и за регионот и за Турција ако и таа ја признае Република Македонија како независна држава.“[325] Исто така, Трајан Петровски во својот дипломатски летопис забележува за истата средба која премиерот Демирел ја имал со грчкиот премиер Мицотакис во Давос во 1992 година. Според него

Република Македонија (5 октомври 1995 - 10 јануари 1996). Види повеќе: Веб-страница на Собрание на Република Северна Македонија. <https://www.sobranie.mk/biografii-na-pratenici-ns_article-stojan-andov.nspx.>[Пристапено во април 2021]

[321] Сулејман Демирел бил претседател на Турција од 1993 до 2000 година. Претходно во неколку навратил бил пратеник и премиер на Турција. Види повеќе: <https://balkans.aljazeera.net/news/world/2015/6/17/preminuo-bivsi-predsjednik-turske-suleyman-demirel.> [Пристапено во април 2021]

[322] Ибид.,стр. 64

[323] Ибид.,стр. 81

[324] Ибид.,стр. 94

[325] Ибид.,стр. 63

првата реченица која му ја рекол била: „Вие, Грците, треба први да ја признаете Македонија. Тоа е од ваш интерес!."[326]

Имено, протоколот за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција бил потпишан на 26 август 1992 година во Лондон, за време на одржувањето на Лондонската конференција за поранешна Југославија, од страна на министрите за надворешни работи на Република Македонија и Република Турција, Денко Малески и Хикмет Четин.[327] При потпишувањето на овој протокол двете земји се раководени од начелата содржани во Повелбата на Обединетите нации, Хелсиншкиот завршен документ, Париската повелба за Нова Европа и другите документи на Конгресот за европска безбедност и соработка (КЕБС), при што било истакнато нивното залагање за универзалните начела на суверена еднаквост, неповредливост на границите, територијалниот интегритет на сите држави, како и почитување на човековите права и слободи. Во овој протокол, двете страни биле одлучни да ги одржуваат историските трајни традиции на пријателство, соработка и добрососедство меѓу две земји со желба регионот на Балканот да биде зона на мир и стабилност. Понатаму била истакната огромната стопанска можност која ја нудат балканските земји доколку има зголемена соработка.

Како резултат на тоа, откако Владата на Република Македонија на 20 октомври 1992 година, донела одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу двете држави на ниво на амбасади, на 7 мај 1993 година, Претседателот на Република Македонија, ги прими акредитивните писма на амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, Суха Нојан којшто бил првиот амбасадор акредитиран во Република Македонија.[328] Така, на 6 мај 1993 година, Република Турција ја отворила амбасадата во Скопје, како прва странска амбасада отворена во главниот град на Република Македонија.[329]

---

[326] Петровски,Трајан.,2008, стр.257.
[327] Протокол за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција Лондон, 26 август 1992 година. стр.,346.
[328] Турско-македонски врски и односи, Види: <www.macedonism.org/Македонска-Енциклопедија/турско-македонски-врски-и-односи/> (пристапено на 21.1.2021 година)
[329] Протокол за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција Лондон, 26 август 1992 година. стр.347.

Слично на тоа, на 20 октомври 1992 година Владата на Република Македонија донела одлука да отвори дипломатско претставништво во Република Македонија на ниво на амбасада со седиште во Анкара.[330] Имено, Трајан Петровски,[331] работник во Министерството за односи со странство бил поставен со указ, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Турција на 3 јуни 1993 година.[332]

Оттогаш, па сè досега, односите помеѓу двете земји континуирано се развиваат и тоа на различни области и интереси, особено во доменот на економските, политичките и воените прашања. Турција и Македонија одржуваат силни врски на пријателство врз основа на заеднички историски и културни корени и заеднички вредности, од почетокот на независноста на Македонија. Турција го поддржува зачувувањето на мултиетничкото и мултикултурното ткиво на Македонија, нејзината унитарна државна структура, како и целосна интеграција на Македонија во евроатланските структури.

Изолирана, ставена во многу тешка ситуација поради односите со другите соседи, кои страдаа од недостаток од меѓународно признавање, ослабена од тешката економска транзиција и евидентната територијална поделба по етнички состав, Република Македонија ја поздравуваше јавната поддршка од страна на Турција за нејзината независност и нејзиниот територијален интегритет. Во тој момент Турција изгледаше како единствена регионална земја одговорна и подготвена да соработува со Скопје.[333]

По посетата на Бугарија и Македонија во февруари 1993 година, претседателот на Република Турција Озал од Албанија побарал признавање на Република Македонија искажувајќи дека признавањето на оваа држава е многу важно за понатамошна стабилност на оваа нова држава. Пред властите во

[330] Службен весник на РМ, 1992,бр.64.
[331] Југословенскиот амбасадор во Анкара, Трајан Петровски бил отповикан на 31 јануари 1992 година, со Указ на Претседателството на СФРЈ, неколку дена откако Турција го најавила претстојното признавање на поранешните југословенски држави.
[332] Службен весник на РМ,1993,бр. 39.
[333] Бугарија е првата земја којашто ја признава независноста на Македонија во јануари 1992 година, но не ја признава македонската нација. Од друга страна преку одржување тесна соработка со Турција Македонските лидери се обидоа да направат противтежа против непријателскиот сојуз помеѓу Грција и Србија.

Албанија тој истакнал дека: „односите помеѓу Македонија и Албанија ќе биде добро да се нормализираат што поскоро.“[334] Во таа насока за време на посетата на Македонија во 1993 година, министерот Хикмет Четин понудил во Турција да ги пречекаат двете страни (Македонија и Албанија) за да бидат разгледани меѓусебните проблеми. Притоа тој истакнал: „Јас им кажав на албанските раководители дека сум подготвен да направам сè, овие односи меѓу Албанија и Македонија да се развиваат.“[335]

Имено, за време на Состанокот на министрите за надворешни работи на исламските земји во Карачи (Пакистан) од 24 до 29 април 1993 година, Македонија учествувала со свои претставници со статус на гости, каде што Турција на чело со министерот за надворешни работи Хикмет Четин, особено се заложил за признавањето на Македонија под уставното име.[336] Тоа прашање било изнесено и на пленарното заседание на Конференцијата, со забелешка дека членките на Организацијата на исламските држави не смеат да заостануваат во признавање на Македонија од другите.

Турција ја поддржуваше независноста на Република Македонија и дејствуваше во сите меѓународни сфери за поддршка на нејзината независност и територијалниот интегритет. Турција беше единствената членка на НАТО којашто ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име, а не како ПЈРМ, поради што е причина за појава на познатата фуснота во сите официјални документи на НАТО „Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име.“

Меѓутоа, самопрогласениот адвокат на Македонија, како што Турција беше препознаена од страна на грчките медиуми и нејзината навремена и постојана поддршка на независноста и признавањето под уставното име, донесе значителен углед и доверба како кај политичките лидери, така и кај населението во Македонија. На самитот на НАТО во Букурешт во април 2008 година, Турција го

---

[334] Dhimgjoka, Merita.”Turkish President asks Macedonia Recognition“. Associated Press: <http://www.apnewsarchive.com/1993/Turkish-President-Asks-Macedonia-Recognition-BY-MERITA-DHIMGJOKA/id-37a01f6f49ee044bf994f8887afcbdcd>.19.02.1993.

[335] Петровски, Трајан.,2008, стр.364.

[336] Делигацијата според одлуката на Владата ја сочинувале Бекир Жута, потпретседател на владата, Трајан Петровски и Јошко Станковиќ. Ибид.,стр.297.

поддржа членството на Македонија во НАТО, заедно со Албанија и Хрватска. На барање на Македонија, документ насловен како: „Стратегија за зајакнување на билатералните односи меѓу Република Македонија и Република Турција“ кој имал за цел зголемување на соработката во секоја област, бил потпишан од страна на министрите за надворешни работи на двете земји во ноември 2008 година за време на официјалната посета на Анкара од страна на министерот за надворешни работи Антонио Милошевски.[337]

Освен тоа, блиските односи на парламентарно ниво продолжуваат во рамките на работата на интерпарламентарната група за пријателство и соработка во меѓународните платформи како што се ОБСЕ и Европскиот совет. За време на средбата на 12 мај 2008 година, помеѓу претседателот Вељаноски со претседателот на Големото национално собрание на Република Турција, Џемил Чичек, посебно бил истакнат придонесот на Република Македонија во стабилноста на регионот. Чичек притоа нагласил дека Република Македонија веќе одамна ги има исполнето условите за полноправно членство во НАТО со посебен осврт на нејзиниот активен придонес во мировните мисии во Ирак, Авганистан и други земји.

„Затоа Турција уште на Самитот во Букурешт, а и понатаму, најинтензивно работиме и ќе ве поддржуваме за полноправно членство во НАТО алијансата“,- истакнал претседателот Џемил Чичек.[338]

Претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов во писмото што му го испратил на претседателот на Република Турција, Абдула Ѓул по повод 20 години од дипломатските односи помеѓу двете земји, особено ја нагласил високата почит и благодарност за силната поддршка која Република Македонија безрезервно ја добива од пријателска Турција во реализација на стратешките цели на земјата, членството во НАТО, ЕУ и изградбата на Република Македонија во една модерна демократија во која соживотот, дијалогот и почитувањето на различностите се реалност. Притоа, претседателот Иванов се навратил во периодот кога се воспоставувале дипломатските односи помеѓу двете земји и

---

337 Салифоска, Фатима.„Билатерални односи помеѓу Република Македонија и Република Турција во период од 1990 до 2013 година“.Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први“,2014.стр.33.

338 Вебстраница на Собрание на Република Македонија. <http://www.sobranie.mk/?ItemID=84FF02719C17274794536C06BEE5CD37>.17.5.2012.

истакнал: „Воспоставувањето на дипломатските односи меѓу нашите две пријателски земји се случи во турбулентно време, во период кога новата реалност на Балканот, штотуку осамостоената држава Република Македонија беше проблематизирана, оспорувана и негирана. Навраќајќи се две децении наназад, свесни сме дека значењето на ваквиот чекор од страна на Вашата земја, кој го олесни процесот на меѓународно признавање на државноста, самостојноста и поширока афирмација на Република Македонија во меѓународната заедница."[339]Иванов понатаму заклучил дека двете пријателски земји цели 20 години континуирано и успешно ги градат, унапредуваат и продлабочуваат меѓусебните односи и соработката.

Денес, нив ги карактеризира исклучителна меѓусебна почит и разбирање на високополитичко ниво, развиена соработка во голем број области, изградена правна рамка на билатерални документи, дух на пријателство, како и споделени економски интереси чие зацврстување е заеднички императив.

## 3.4. Посети на високо ниво помеѓу Република Македонија и Република Турција во периодот од 1991 до 2019 година

Посетите на високо ниво се значаен фактор за добрите и пријателските односи помеѓу двете земји. По осамостојувањето на Република Македонија посетите на високо ниво помеѓу двете земји се зголемуваат, воедно за време на кои биле потпишани голем број билатерални договори. Турција е особено значајна поради нејзината многувековна балканска историја и значајната стратешка позиција што ја има во регионот.

Пред распадот на Југославија, Турција имаше важна улога во поддршката којашто ѝ беше потребна на Македонија за независноста и сувереноста, иако официјална Анкара се залагала за политика по мирен пат, но не и распаѓање. Поддршката од Турција за македонскиот суверенитет имала суштинско значење, особено во период на осамостојувањето на нашата држава.

---

339 Писмо до Претседателот Ѓул по повод 20 години дипломатски односи меѓу Македонија и Турција.<http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-41-54/1579.html.> 26.9.2012.

Прва официјална посета на друга држава од страна на претседателот Глигоров во време кога се случувале сите дезинтеграциони процеси во Југославија, била во Република Турција од 9 до 11 јули 1991 година и всушност претставувала прва посета на такво ниво.[340]

Според Трајан Петровски оваа посета имала историска димензија, не само поради фактот што била прва туку поради исходот кој произлегол од неа. [341] Оваа посета се случила во време кога било потребно да се обезбеди поддршка од Турција за самостојноста на Македонија во мигот кога тоа ќе биде неопходно. Всушност, на таа посета биле поставени основите за признавање и понатамошната поддршка од страна на Турција на Македонија. Таа посета била крајно успешна како што било нагласено во писмото за признавање на независноста на Македонија од страна на Турција, испратено од претседателот на Владата на Турција, Сулејман Демирел до претседателот Киро Глигоров.[342] Во рамките на оваа посета, биле утврдени темелите за подобри идни перспективи за односите помеѓу двете земји.

Слично на тоа, претседателот на Турција, Тургут Озал бил првиот странски шеф на држава што имал официјална посета на Македонија во февруари 1993 година, при што била искажана целосна поддршка на ставовите на Македонија за независност како и понуди за економска и воена соработка.[343]

Во декември 1993 година, министерот за надворешни работи на Турција Хикмет Четин бил во официјална посета на Република Македонија каде што имал

[340] Претседателот Глигоров за време на оваа посета имал средби со потпретседателот на владата Екрем Пакдемирели, министерот за надворешни работи Сафа Гирај, понатаму средби и разговори со Премиерот Месут Јилмаз како и претседателот на Република Турција Тургут Озал. Петровски, Трајан. „Бев амбасадор на две држави(Анадолски дипломатски летопис)“.Скопје:Макавеј,2008, стр.132.

[341] Амбасадор на СФРЈ во период од 1989 до 1992 година, исто така прв именуван амбасадор на Република Македонија во Република Турција од 1992 до 1999 година. Ибид., стр.132.

[342] Писмо на Претседателот на Владата на Република Турција, Сулејман Демирел до Претседателот Киро Глигоров за признавање на независноста на Република Македонија од Република Турција Анкара, 8 февруари 1992., Документи за Република Македонија: 1990 – 2005/избор редакција и забелешки Сашо Георгиевски и Сашо Додевски. 2008, стр.319.

[343] Петровски, Трајан.,2008, стр.291.

средби со претставниците на државниот врв на нашата земја.[344] На оваа посета односите помеѓу двете земји се оценети како успешни и добри со значајни резултати во кои е особено истакнат придонесот на амбасадите. Четин го нагласил фактот дека Турција е прва земја што воспоставила дипломатски односи и испратила свој амбасадор. Во таа насока, укажал дека „Употребата на името е прашање на самиот народ во Македонија" и предложил интензивирање на соработката меѓу Албанија, Македонија, Бугарија и Турција преку проектот Исток – Запад.[345] Во контекст на ова, Четин укажува на рамковните спогодби кои треба да се потпишат (за трговска и економска соработка, за избегнување двојно оданочување, за инвестиции и сл.) и ја дава поддршката за членство на Македонија во Светската банка како и поддршка за Македонија да стане член на Црноморската соработка, заедно со другите поранешни југословенски држави.[346] Особено, мора да се нагласи фактот дека во заедничките обраќања од страна на Четин и Глигоров, постојано биле истакнувани заедничката култура и традиција. Исто така, при оваа посета бил потпишан протокол за соработка.

Понатаму, меѓусебните посети се одржуваа на значајно ниво. Притоа, од 2 до 4 август 1994 година, спикерот на Големото народно собрание, Хусаметин Циндорук кој бил во посета на Македонија,[347] додека на 21 април 1995 година Стојан Андов остварил посета на Анкара, а поводот бил 75-годишнината на Големото народно собрание[348] каде водел разговори со Хусаметин Циндорук.

1995 година била, исто така, многу значајна и може да се идентификува како период кога односите постигнале голем успех. Така, на 16 и 17 јуни 1995 година, претседателот на Владата Бранко Црвенковски, остварил официјална посета во Турција, како прва официјална посета на македонски премиер од осамостојувањето на Република Македонија, којашто била многу значајна во тој

[344] Средби со Министерот на Турција Хикмет Четин имале Министерот за надворешни работи на Република Македонија, Стево Црвенкоски, премиерот на Република Македонија, Бранко Црвенкоски и Претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров. Ибид.,стр. 364.
[345] Ибид.,стр.365.
[346] Доколку се постави прашањето за членство на Македонија одвоено, Грција ќе се спротистави.Ибид., стр.365.
[347] Ибид.,стр.418.
[348] Меџлисот. Ибид.,стр.451.

поглед.[349] На оваа посета, приоритет бил ставен на економската соработка и во таа насока бил потпишан „Договорот за спречување на двојното оданочување.“ Оваа посета била реализирана во рамките на очекувањата за развој на односите и соработката врз рамноправна основа со целосна поддршка од страна на Република Турција.

Слично на тоа, за време на посетата од страна на претседателот на Република Турција, Сулејман Демирел на 13 и 14 јули 1995 година бил потпишан „Договор за пријателство и соработка“ со претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров со што се комплетирала законската основа за соработката помеѓу двете земји. Овој договор претставувал силна потврда пред меѓународната заедница за турско–македонското пријателство. При оваа посета, претседателот Демирел одржал говор во Собранието на Република Македонија. За време на неговото излагање тој истакнал: „Турција и Македонија се поврзани со врски на искрено пријателство што потекнуваат од заедничкото минато и заедничките вредности. Вредностите што заеднички ги делиме и врските на љубов и почитување што постојат меѓу нашите два народа, се од особена важност за билатералните односи. И македонските Турци, лојални државјани на Македонија, преку мостот на пријателството што го формираат меѓу нашите две земји, даваат свој придонес кон овие вредности кон нашите меѓусебни односи.“[350] Особено бил нагласен фактот дека по независноста на Македонија, односите меѓу двете земји забележуваат особено брз и константен развој, со што постои решителност тие да продолжат да се развиваат, пред сè на економски и културен план во насока на доближување еден кон друг, во контекст на заедничките интереси и вредности.

Во 1996 година официјална посета на високо ниво во Турција имал само претседателот Глигоров од 27 до 30 јуни.[351] За време на оваа посета имало успешни разговори од кои посебно се водела елаборација на нашите односи со соседите, односно за Албанија и Косово.

---

[349]Премиерот Црвенковски имал средби со турскиот премиер Тансу Чилер, преседателот Сулејман Демирел и со министерот за надворешни работи, Ердал Инени. Ибид.,стр.458.

[350]Архива на Собрание на Република Македонија: Стенографски белешки од дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, Скопје, 14 јули 1995 година.

[351] За време на оваа посета на претседателот Глигоров му била доделена титулата почесен доктор за меѓународни односи на Истанбулскиот универзитет. Петровски, Трајан.,2008, стр.490.

Исто така, во 1997 година се реализирале две посети помеѓу двете држави и тоа: посета на Делегација на Комисијата за надворешна политика на Собранието на Република Македонија во Анкара во мај 1997 година[352] и официјална посета на Република Македонија на министерот за надворешни работи на Турција Исмаил Џем од 27-28 октомври 1997 година.[353]

Имено, на 19 април 1998 година се реализирала првата официјална посета на министерот за надворешни работи Ханџиски како прва посета на македонски Министер за надворешни работи на Република Турција, каде што од негова страна повторно бил нагласен фактот дека Турција со гордост ја призна Република Македонија меѓу првите. [354]

Последователно на тоа, во јули 1998 година официјална посета на Македонија остварил турскиот премиер, Месут Јилмаз кога била укажана поддршката за Македонија во поглед на косовската криза.[355]

Слично на тоа, на 2 и 3 октомври истата година, претседателот Сулејман Демирел имал официјална посета на Република Македонија.[356] Претседателот допатувал со бројна делегација со над 140 члена при што уште еднаш се потврдил големиот интерес за добри односи со Македонија. Главни теми на разговор биле Косово и хаосот којшто владеел во Албанија. Посети се одржале во Штип и Битола во знакот на Ататурк и прославата на 75-годишнината од Турската република. Оваа посета била окарактеризирана како доста успешна поради заложбите за мир во регионот.

Во периодот на 1999–2000 година турскиот министер за надворешни работи Исмаил Џем имал две посети на Македонија и тоа, првата официјална посета, по покана од македонскиот министер за надворешни работи Александар Димитров во ноември 1999 година, каде што биле разменети мислења за

---

[352] Оваа делегација била предводена од Илинка Митрева. Се оствариле приеми кај претседателот на Парламентот Мустафа Калемли и кај шефот на државата Сулејман Демирел. Ибид., стр.519.
[353] Ибид., стр.534.
[354] Прва официјална посета на македонски министер за надворешни работи во Република Турција. Министерот Китановски остварил прием кај претседателот Демирел, премиерот Јилмаз и претседателот на Парламентот ,Четин. Ибид., стр.549-550.
[355] Ибид., стр.560.
[356] Претседателот Сулејман Демирел имал средби со претседателот Глигоров, Тито Петковски и Бранко Црвенковски. Ибид.,стр.570.

билатералните и регионалните прашања, а другата во рамките на Четвртата министерска средба на Процесот за соработка на Југоисточна Европа којашто се одржала на 14 јули 2000 година.[357]

Во февруари 2001 година, министерот за надворешни работи на Турција Исмаил Џем бил во официјална еднодневна посета на Македонија кај министерот за надворешни работи на Република Македонија, Срѓан Керим. [358] На оваа средба било потврдено дека особено е значаен развојот на економските односи и враќање на некои стари проекти, при што било нагласено дека економските односи меѓу Македонија и Турција главно зависат од приватниот сектор и од неговите активности, додека министерствата можат да имаат само координативна улога.[359] Џем истакнал дека Македонија и Турција се стратешки партнери што соработуваат на унапредувањето на регионалната соработка во Југоисточна Европа.

За време на оваа посета, турскиот министер го нагласил фактот дека Турција има посебна улога за стабилноста на балканскиот регион и затоа ќе продолжи да ги поддржува сите обиди со кои може да се подобри стабилноста во регионот. Според него: „Турците во Македонија и Македонците во Турција се извонреден мост меѓу нашите народи и моќен извор што ги доближува нашите две земји поблиску една до друга.“[360]

Слично на тоа, македонскиот шеф на дипломатијата Срѓан Керим на тоа возвратил со: „Турција има интерес, Македонија да стане член на НАТО. Турското малцинство во земјава е пример како една националност не треба да се гледа како проблем туку како предност за унапредување на односите.“[361] Поддршката од страна на Турција за членство во НАТО била потврдена, а во врска со Европската Унија, Џем рекол дека би било корисно Македонија да упати барање за членство.

---

[357]Web page of Ministry of foreign Affairs of Republic of Turkey.<http://www.mfa.gov.tr/the-foreign-minister-of-the-republic-of-turkey_-mr-ismail-cem_s-travel-to-ohri_br_no_120--_july-12_-2000.en.mfa>.12.7.2000.

[358] Салифоска, Фатима.2014.стр.40.

[359]За време на еднодневната официјална посета на Македонија, турскиот министер за надворешни работи вчера, освен со Керим, се сретна и со премиерот Георгиевски и со претседателот на Собранието Андов, а попладне ги прими лидерите на Демократската партија на Турците и Партијата за движење на Турците во Македонија.

[360] Салифоска, Фатима.2014.стр.40.

[361] Ибид.,стр.41.

Следниот месец македонскиот министер за надворешни работи, Срѓан Керим, остварил посета на Анкара на 17 март 2001 година која била во рамките на иницијативите на Турција да се стави крај на инцидентите во северниот дел на прекуграничниот регион на Македонија, при што имал средба со турскиот министер за надворешни работи Исмаил Џем.[362]

Во контекст на ова, турскиот министер за надворешни работи Исмаил Џем на 19 јули 2001 година имал еднодневна посета на Македонија.[363] За време на неговата посета, Џем повторно укажал на поддршката од страна на Турција за територијалниот интегритет на Македонија.[364]

Како резултат на сите случувања изминатиот период, во август 2001 година македонски министер за надворешни работи, Илинка Митрева, имала дводневна посета на Турција.[365] За време на оваа посета, бил даден посебен осврт на мировниот договор кој бил постигнат меѓу албанските и македонските политички партии во Македонија, последните случувања во регионот како и функционирањето на силите на НАТО. Анкара го искажала своето задоволство за рамковниот договор кој бил постигнат помеѓу двете страни, искажувајќи ги своите ставови дека Рамковниот договор треба да претставува основа за решение на хаосот во регионот. Од друга страна, Анкара дала соодветна порака за реализација на овој договор, ставајќи акцент на секоја од страните кои живеат во Македонија, вклучувајќи го и турското малцинство.[366]

Претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски во март 2002 година бил во прва официјална посета на Турција. Посетата требало да се реализира во 2001 година, но била одложена поради безбедносната состојба во Република Македонија.[367] На разговорите со неговиот домаќин, Ахмет Неждет

---

362 Anadoly agency.<http://www.hri.org/news/turkey/anadolu/2001/01-03-17.anadolu.html#08>.17.3.2001.

363 За време на неговата посета имал средби со министерот за надворешни работи на Република Македонија Илинка Митрева, претседателот на Република Македонија Борис Трајковски и премиерот Љупчо Георгиевски.

364 Салифоска, Фатима.2014.стр.41.

365 За време на оваа посета Митрева имала средби со турскиот министер за надворешни работи Исмал Џем, претседателот Ахмет Неџдет Сезер и премиерот Булент Еџевит.

366 Ибид.,стр.42.

367 Види повеќе: Дневник.<http://star.dnevnik.com.mk/?pBroj=1811&stID=667>.[Пристапено во април 2020]

Сезер, Трајковски добил уверување дека пред одржувањето на состанокот на Алијансата во Прага, „Турција ќе ѝ даде силна поддршка на Македонија." Претседателите на двете држави по средбата, истакнаа дека односите меѓу двете држави се засновани врз заемно разбирање и дека не постојат отворени проблеми. На планот на одбраната, било договорено да продолжи помошта што Турција во вид на обука и директна помош која Турција ѝ ја нуди на Македонија. Разговорите во четири очи, тие ги оценија како многу корисни и конструктивни, што според нив, ќе претставува нов импулс во меѓународните односи. На средбата особено станало збор за развојот на економско-трговските односи со можност за нивно унапредување. Двајцата лидери заклучиле дека се потребни дополнителни активности за унапредување на економската соработка и директното присуство на турските бизнисмени во Македонија.

Во јули 2003 година, Турскиот претседател Сезер, на покана од претседателот Трајковски, бил во тридневна официјална посета на Република Македонија. По средбата, претседателот Сезер изразил надеж дека приватниот сектор од неговата земја ќе го зголеми инвестирањето во Македонија и во блиска иднина ќе се видат конкретни резултати од тие инвестиции. И покрај тоа, претседателот Трајковски ја повторил оценката дека е неопходно да се вложат нови напори за да се надмине економскиот застој од последните години и во блиска иднина да се видат конкретни резултати. Притоа, претседателот Сезер побарал ист третман на Турција во трговијата со Македонија по потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Претседателот Трајковски ги нагласил „силните меѓусебни врски" меѓу двете земји, оформени низ вековното заедничко живеење. Турција ѝ е најблизок пријател на Македонија во регионот и таа ја потврди поддршката во најтешките денови за Македонија, кога меѓу првите ја призна под нејзиното уставно име. Освен тоа, претседателот Трајковски ѝ се заблагодарил на Турција за нејзината целосна поддршка за членството на Македонија во НАТО и членството на двете земји во ЕУ како заеднички интерес.[368]

[368] Салифоска, Фатима.2014.стр.43.

Двајцата Претседатели за време на оваа средба се заложиле за регионална соработка во борбата против тероризмот и организираниот криминал, а гостинот од Турција изразил задоволство од мирниот и просперитетниот живот на Турците во Македонија. Исто така, биле потпишани две спогодби во областа на соработката на стратешките и дипломатските студии.[369]

Понатаму, на 21 јули 2005 година, шефот на македонската дипломатија Илинка Митрева била во официјална посета на Турција.[370] Разговорите за време на оваа посета биле фокусирани главно врз зајакнувањето на економските релации меѓу двете земји.[371] Исто така, во оваа прилика претседателот Сезер ја потенцирал поддршката за Македонија за членство во Алијансата и изразил очекување дека двете земји набргу ќе се приклучат кон европското семејство.

Првата официјална посета на македонскиот претседател Бранко Црвенкоски одржана од 13 до 15 ноември 2006 година, доаѓа три години по посетата на покојниот претседател Борис Трајкоски и претставува континуитет во традиционално добрите односи меѓу двете земји.[372] Главен акцент на оваа средба со турскиот претседател Ахмет Нецдет Сезер, бил ставен на продолжувањето на одличната соработка меѓу двете земји, понатамошното конкретно продолжување на соработката во делот на одбраната и безбедноста како што е борбата против тероризмот и недозволените трговии и особено можностите за поттикнување на економската соработка и инвестирањето во Македонија.[373]

На покана на неговиот македонски колега, Антонио Милошоски, Министерот за надворешни работи на Република Турција Абдула Ѓул, престојувал

---

[369] Дневник.„Скопје и Анкара бараат посилна економска врска“. <http://star.dnevnik.com.mk/?pBroj=2190&stID=20041>.

[370] За време на оваа посета имала средби со претседателот Ахмед Нецат Сезер и со министерот за надворешни работи Абдула Ѓул како и со претседателот на Унијата на стопански комори на Турција, Зафер Чалајан.

[371] Радио Слободна Европа.„Анкара:Посета на македоскиот министер за надворешни работи“. <http://www.makdenes.org/archive/news/20050721/428/428.html?id=1477490>.21.07.2005.

[372] Салифоска, Фатима.2014.стр.44.

[373] За време на оваа посета претседателот Црвенкоски, освен со претседателот на Турција имал средби со премиерот на Турција, Реџеп Таип Ердоган, со министерот за надворешни работи, Абдула Ѓул и со спикерот на турскиот парламент,БулентАринч. Ибид.,стр.44.

во официјална посета на Република Македонија на 21 март 2007 година.[374] За време на оваа посета било разговарано за политичките, економските и трговските односи, како и регионалните и меѓународните настани од заемен интерес. По повод посетата, турско-македонскиот бизнис-совет исто така, остварил средба со цел да се стимулираат комерцијалните и економски врски меѓу двете земји.[375] Во текот на посетата, бил потпишан меморандум за соработка за обука на дипломати и соработка за заштитата на животната средина.

На 2 и 3 мај 2008 година, од страна на македонскиот претседател Бранко Црвенкоски, во прва официјална посета на Република Македонија, бил поканет претседателот на Република Турција, Абдула Ѓул, кој бил почесен гостин на 15-от состанок на шефовите на држави од Централна Европа - Охридски самит 2008. При оваа посета, двајцата претседатели потпишале договор за соработка меѓу Република Македонија и Република Турција, во делот спречување, ограничување и олеснување на последиците од непогоди. Претседателот Ѓул изјавил: „Ги поддржуваме напорите на Македонија за членство во НАТО. Иако таа ги исполни сите критериуми, не доби позитивна одлука. Убеден сум дека за кратко време ќе се најде решение и Република Македонија ќе стане членка на НАТО.“ Претседателот Црвенковски истакнал дека односите со пријателска Турција се од огромно значење и од највисок приоритет.[376] Било договорено зајакнување на економската соработка со поголем број инвестиции на турската бизнис-заедница.

Најважниот развој во билатералните односи помеѓу двете земји бил за време на официјална посета на Турција на министерот за надворешни работи на Република Македонија, Антонио Милошески во ноември 2008 година.[377] На оваа

---

374 Министерот Ѓул ќе биде придружуван од делегација составена од членови на турската Големо Национално Собрание и бизнисмени. Исто така тој имал средби со премиерот на Република Македонија Никола Груевски и претседателот на Република Македонија Бранко Црвенкоски.

375Web page of Ministry of foreign Affairs of Republic of Turkey. <http://www.mfa.gov.tr/_p_no_49---20-march-2007_-press-release-regarding-the-visit-of-minister-of-foreign-affairs-of-the-republic-of-turkey-mr_-abdullah-gul-to-the-republic-of-macedonia-on-21-march-2007-_unofficial-translation_-__p_.en.mfa>.20.3.2007.

376 Салифоска, Фатима.2014.стр.45.

377 Министерот за надворешни работи имал средби со турскиот министер за надворешни работи Али Бабаџан, претседателот на Турција Абдула Ѓул и со претседателот на Парламентот Ќоксал Топтан. Радио Слободна Европа. <http://www.makdenes.org/content/news/1489444.html>.11.11.2008.

средба била потпишана Стратегијата за зајакнување на билатералните односи.[378] Според министерот Милошоски оваа стратегија има долгорочно значење и е темелен документ кој ги врамува досегашните богати односи меѓу двете земји, воедно им дава долгорочна перспектива која ќе биде полезна за промоција на Македонија и на билатерален план во Турција, но и на заеднички настап на меѓународен план, кога станува збор за заеднички иницијативи. Оваа Стратегија е патоказ за зацврстување на соработката меѓу Македонија и Турција во областа на безбедноста, одбраната, царината, економијата, трговијата и културата. Акцентот на оваа средба бил ставен на аспирациите на двете земји за интеграција во ЕУ и поддршката на Турција за членството на Македонија во НАТО.

Истата година, во тридневна официјална посета од 20-23 декември, бил претседателот на Големото национално собрание на Република Турција, Ќоксал Топтан по покана на претседателот на собранието Трајко Вељановски.[379] За време на оваа посета било истакнато заемното задоволство од постигнатото високо ниво на севкупните билатерални односи, како и за можностите за нивно понатамошно продлабочување и интензивирање во сите сфери. Притоа било поздравено потпишувањето на Стратегијата за зајакнувањето на билатералните односи меѓу Република Македонија и Република Турција.

Претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов, во октомври 2009 година ја реализирал првата официјална посета на Турција со којашто придонел да се зајакне македонско-турското пријателство.[380] Претседателот Иванов за време на таа посета потенцирал дека граѓаните на Македонија никогаш нема да заборават колку доследна и конструктивна поддршка добиваат од Турција, нема да ја заборават солидарноста на Република Турција уште од првите денови на независноста на Македонија. Принципиелната употреба на уставното име, поддршката на сувереноста и територијалниот интегритет, отворената и силна поддршка за интеграција на НАТО. Ваква поддршка се добива само од држава –

---

[378] Ваков договор Македонија има склучено само со САД во 2008 година.
[379] За време на оваа посета Топтан имал средби со претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски и премерот Никола Груевски.
[380] Лутовска,Клаудија.„Претседателот Ѓорге Иванов, плени со својата искреност и дипломатски став“.<http://www.mn.mk/aktuelno/632-Pretsedatelot-Gorge-Ivanov-pleni-so-svojata-iskrenost-i-diplomatski-stav?format=pdf>. 19.10.2009.

искрен пријател на Република Македонија. Од друга страна, турскиот претседател Абдула Ѓул ја потврдил поддршката за Македонија и притоа нагласил: „Турција ќе продолжи, како и досега, да ги брани интересите и позициите на Република Македонија во НАТО, заради стабилноста и безбедноста, како на Балканот, така и во Европа. Од големо значење за двете држави се билатералните односи, кои се на повеќе од задоволувачко ниво."

Како заклучок од оваа средба била утврдена потребата од натамошното унапредување на економските и трговските односи, преку охрабрување на бизнисмените од Турција кои се заинтересирани за инвестирање во Македонија, како и зајакнување на силните врски во областа на културата и образованието.[381]

Министерот за надворешни работи на Турција Ахмет Давутоглу, во март 2010 година престојувал во дводневна официјална посета на Македонија.[382] Министерот Давутоглу изјавил дека секој успех на Република Македонија го смета и за успех на Република Турција. Исто така, Давутоглу нагласил дека освен геополитички, Република Македонија е исклучително значајна земја и на геокултурен план. Така, Република Македонија претставува пример не само за регионот туку и пошироко, поради тоа што има модел на интеграција кој треба да претставува пример не само за регионот туку и пошироко.[383]

Турскиот премиер Реџеп Таип Ердоган во 28-29 септември 2011 година, имал дводневна официјална посета на Македонија.[384] Длабоката соработка на двете држави која е проследена со редовните средби на највисоко ниво, било

---

381 Ибид.,стр.2.

382 За време на оваа посета министерот Давутоглу имал средби со министерот за надворешни работи Антонио Милошоски, претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов, претседателот на Владата Никола Груевски и од претседателот на Собранието Трајко Велјановски. Во рамките на оваа посета на министерот Давутоглу му била врачена плакета на УКИМ од страна на проф.д-р Велимир Стојковски, ректорот на Универзитетот„Св.Кирил и Методиј" во Скопје за неговиот придонес во афирмацијата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" и на Република Македонија во странство, како и за зајакнување на македонско-турското пријателство. Универзитетски весник.Скопје:Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", бр.104.03.2010, стр.5.

383 Веб-страница на Претседателот на Република Македонија „Средба со Министерот на Турција д-р Ахмет Давутоглу. <http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-41-54/87.html>.26.3.2010.

384 премиерот Ердоган, за време на оваа посета остварил средби со премиерот Никола Груевски, претседателот Ѓорѓе Иванов, претседателот на Собранието Трајко Вељаноски и лидерот на Демократската унија за интеграција Али Ахмети.

заклучено дека можат да послужат како пример за позитивна соработка меѓу земјите од регионот. Премиерот Ердоган, нагласил дека Република Македонија секогаш може да смета на безусловна поддршка од Република Турција. Понатаму, било истакнато дека посебно внимание се посветува на натамошното интензивирање на економската соработка помеѓу двете земји и било констатирано дека економските односи помеѓу двете земји напредуваат кон посакуваното ниво.[385] Како и да е, при оваа посета бил даден нов импулс на пријателските односи, со заложба за зголемување на турските инвестиции во Македонија.[386]

Значајна за споменување е средбата на претседателот на Македонија, Ѓорге Иванов која тој ја остварил со заменик-претседателот на Владата на Република Турција, Булент Аринч во октомври 2011 година. Аринч престојувал во Македонија по повод одржување на седмиот Меѓународен конгрес за Ататурк кој за прв пат се одржувал надвор од Република Турција што несомнено, претставувало потврда за вниманието и односот на Република Турција кон Република Македонија.[387]

Во текот на 2012 година имало значајно ниво на меѓусебни посети поради одбележување на дваесет години од вкупните односи помеѓу двете земји и воспоставувањето дипломатски односи.

Најпрво, во јануари 2012 година, премиерот Никола Груевски беше во официјална посета на Анкара, каде што имаше средба со премиерот на Република Турција, Реџеп Таип Ердоган каде што централна тема на разговор, беше интеграцијата на Република Македонија во НАТО и поддршката која Турција ќе ѝ ја даде на Самитот во Чикаго како и економска поддршка од Турција за Македонија.[388]

Понатаму, на 12 мај 2012 година, претседателот на Големото национално собрание на Република Турција, Џемил Чичек бил во официјална посета на

[385]Веб-страница на Претседателот на Република Македонија.„Средба со премиерот на Република Турција, Реџеп Таип Ердоган“. <http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-41-54/701.html>.5.10.2011.
[386] Веб-страница на Влада на Република Македонија.<http://arhiva.vlada.mk/?q=node/7143>. (Пристапено на 29.10.2011 година)
[387] Веб-страница на Претседателот на Република Македонија. <http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-41-54/865.html>. 18.10.2011.
[388] Веб-страница на Влада на Република Македонија <https://vlada.mk/node/1716>.31.1.2012.

Република Македонија.[389] Претседателот Иванов, за време на средбата со Чичек, истакнал дека односот меѓу двете земји во повеќе сегменти достигнува степен на стратешко партнерство, а честите средби на највисоко ниво се само потврда и сигнал за натамошно унапредување на пријателските релации.[390]

Понатаму, министерот за надворешни работи на Република Македонија, Никола Поповски, од 14 до 16 мај остварил посета во Турција на официјална покана на министерот за Надворешни работи на оваа земја, Ахмет Даутоглу. Двајцата министри дискутирале за сите аспекти на билатералните односи помеѓу двете земји, при што се усогласиле околу зголемување на билатералната трговска размена. За време на таа посета била потпишана „Спогодбата меѓу Владата на Република Турција и Република Македонија за условите за патување за граѓаните меѓу двете земји", со што на граѓаните на двете земји им е овозможено да патуваат без виза слободно не повеќе од 90 дена.

При оваа посета, министерот Поповски имал средба со турскиот претседател Абдулах Ѓул. Претседателот Ѓул на оваа средба, дал особен осврт на претстојниот самит на НАТО во Чикаго, истакнувајќи ја целосната поддршка што Република Турција ја има кон интеграцијата на Република Македонија во НАТО и го повтори решителниот став дека Македонија треба да стане полноправен член на НАТО што поскоро, за што лично ќе се заложи и на претстојниот самит во Чикаго.[391]

На 12 август 2012 година, претседателот Иванов имал средба со премиерот на Република Турција, Реџеп Таип Ердоган на Ифтар-вечера во Истанбул, по повод големиот муслимански празник Рамазан.

На крајот, по повод 20-годишнината од воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Турција и Македонија како и Националниот ден на турскиот јазик во образованието, на 21 декември, министерот за надворешни работи на Република Турција, Ахмет Давутоглу престојувал во официјална посета на нашата земја од 20 до 21 декември 2012 година на покана на неговиот македонски колега

---

[389] За време на посетата, претседателот Чичек имал средби со претседателот на Собранието Трајко Вељаноски и имал свое обраќање пред македонските пратеници.
[390] Салифоска, Фатима.2014.стр.48.
[391] Веб-страница на Влада на Република Македонија.<https://vlada.mk/node/3157>.16.5.2012.

Никола Поповски.[392] По тој повод министерот Поповски, на 21 декември 2012 година во Скопје во дипломатскиот речник напишал: „Разговори со Ахмет на 20 години од воспоставување на дипломатските односи. Турција ќе ја поддржува Македонија до крајот на светот.“[393]

Во овој контекст, министерот Давутоглу за време на оваа посета изјавил „Ве уверувам дека турската Влада, Премиерот, Претседателот и 75 милиони Турци ги имате за свои пријатели и тоа пријателство ќе продолжи вечно. Моето присуство во Скопје денес е уште една потврда дека ние ќе продолжиме да ја поддржуваме Македонија секогаш и секаде, засекогаш. Стабилноста, просперитетот и безбедноста на Македонија е важна за нас како и нашата стабилност и безбедност.“[394]

За време на оваа средба двајцата министри се осврнале на дотогашните успешни билатерални односи меѓу двете земји кои биле засновани на блиска соработка, традиционално пријателство и стратешко партнерство потврдено и со Стратегијата за зајакнување на билатералните односи меѓу Република Македонија и Република Турција од 2008 година. Понатаму, министрите Поповски и Давутоглу, разговарале за можностите за натамошен развој на односите, особено со посебен акцент на интензивирање на економската соработка, при што било констатирано дека билатералните односи на двете земји се на високо ниво.

Посебен акцент на оваа средба бил ставен на заедничките напори на двете земји за полноправно членство во Европската Унија. Министерот Попоски се заблагодарил за активностите на Република Турција во нејзиното постојано реафирмирање на заложбите за македонското членство во НАТО, особено истакнувајќи ја поддршката на оваа пријателска земја во употребата на уставното име на Република Македонија на билатерален и на меѓународен план.

---

[392] За време на оваа посета министерот Давутоглу остварил средби со претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, претседателот на Собранието на Република Македонија, Трајко Вељаноски и претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски.

[393] Веб-страница на Министерство за надворешни работи на Република Македонија „ Официјална посета на МНР на Република Турција, Ахмет Давутоглу на Република Македонија“ <http://www.mfa.gov.mk/?q=node/1880>.21.12.2012.

[394] Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.„Давутоглу: Македонија и Турција ќе бидат вечни пријатели, партнери и сојузници“. <https://vlada.mk/node/5396>. (Пристапено на 21.12.2012 година)

Во текот на следните години забележани се исто така голем број значајни средби во кои постојано се изнесуваат добрите односи помеѓу двете држави, особено поддршката која Република Турција ѝ ја даваше на Република Македонија кон евроатланската интеграција на земјава.

Така во јуни 2014 година, претседателот на Собранието на Република Македонија, Трајко Вељаноски беше во дводневна официјална посета на Република Турција, каде што се сретна со својот колега, претседателот на Големото национално собрание на Република Турција, Џемил Чичек.[395]

Од нивна страна беше изразено задоволство од добрите односи на двете држави и добро поставената соработка меѓу двата Парламенти, што се одвива на ниво на Претседатели, и на ниво на комисии и пратенички групи за соработка. Претседателот Вељаноски изрази благодарност за принципиелната поддршка која државата ја добива од Република Турција на Евроатланскиот интегративен пат.[396] Притоа, Вељаноски го истакна значењето на регионалната соработката, особено во процесот за соработка во Југоисточна Европа. На средбата, стана збор за можностите за економска соработка и значењето на странските инвестиции во насока на градење просперитетно и постабилно општество и регион, како и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните.[397]

Понатаму, во август 2014 година, претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов беше во посета на Република Турција по повод инаугурацијата на новоизбраниот турски претседател Реџеп Таип Ердоган. Во рамките на оваа посета

---

[395] Освен тоа при оваа посета, делегацијата оствари средба и со потпретседателот на Владата на Република Турција, г. Булент Аринч. Господин Аринч искажа задоволство што Република Турција е меѓу првите држави кои ја признаа Република Македонија под нејзиното уставно име, додавајќи надеж дека и понатаму ќе продолжи одличната соработка меѓу двете земји.[395] Тој исто така посочи дека Република Македонија иако нема добиено формално-правно членство во НАТО, останува посветена во извршувањето на обврските кон Алијансата како да е нејзин член, бидејќи знаеме дека Македонија претставува значаен фактор на стабилноста во Регионот. На средбата двајцата соговорници се согласија дека во вкупните односи помеѓу нашите држави значајно место има и економската соработка. Беше изразено задоволство од досегашниот развој на економските односи меѓу двете земји и истакнат интерес за продлабочување на трговската и економската соработка.

[396] Веб-страница на Собрание на Република Северна Македонија.<https://sobranie.mk/aktivnosti-old-ns_article-pretsedatelot-veljanoski-vo-oficijalna-poseta-na-republika-turcija.nspx> (Пристапено на 27.6.2014 година)

[397] Ибид.,

претседателот присуствуваше на бизнис–форум во индустриската зона Остим во Анкара, која е една од најголемите во Турција со 5 000 компании и преку 50 000 вработени во 17 различни сектори.[398] Претседателот Иванов ги повика турските бизнисмени да ја посетат Македонија и да ги искористат нејзините предности и капацитети во реализацијата на нивните бизнис-планови. Во своето обраќање, тој ги потенцираше условите за странски инвестиции во Република Македонија и ги запозна турските бизнисмени со сето она што Македонија го правеше изминативе години на економски план.[399]

Веќе следниот месец, претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски во Анкара, оствари средба со претседателот на Владата на Република Турција, Ахмет Давутоглу, средба, која беше важна за него поради тоа што е прва официјална посета од друга држава откако беше именуван за премиер за Република Турција. Двајцата премиери потенцираа дека помеѓу двете земји постои цврста соработка која се одвива во духот на пријателството, меѓусебното почитување и разбирање. „Република Турција е наш долгогодишен пријател и стратешки партнер, а оваа средба претставува уште еден показател за одличните билатерални односи меѓу Република Македонија и Република Турција, кои се одликуваат со висок степен на пријателство и разбирање, интензивна соработка на сите нивоа, отворен дијалог и волја за натамошна реализација на проекти од заеднички интерес на сите полиња“, изјави премиерот Груевски.[400]

Република Македонија особено го цени фактот што Република Турција, од осамостојувањето до денес, останува конзистентна во почитувањето на националните и државни интереси на Република Македонија во билатералната и мултилатералната комуникација и што безрезервно ја поддржува нашата земја во европските и евроатланските аспирации, кои остануваат наша примарна цел, истакна премиерот Груевски. „Со Македонија имаме добри и пријателски односи. Имаме и историски врски. Тие добри конекции се одразуваат и врз економијата и

---

398 Веб-страница на МКД.мк. <https://www.mkd.mk/makedonija/ivanov-vo-ankara-na-inauguracijata-na-erdogan>. (Пристапено на 27.8.2014 година)

399 Ибид.,

400 Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија „Средба Груевски-Давутоглу“ .<https://vlada.mk/node/9410>. (Пристапено на 17.9.2014 година)

политиката", беше истакнато од премиерот Давутоглу.[401] Тој посочи дека политичките односи се на добро ниво како и тоа дека досега сме немале проблеми ниту пак значајни отворени прашања, и најважно од сè, постојана поддршка од Турција за Македонија на меѓународен план.[402]

Повратна посета од страна на премиерот Давутоглу на Македонија беше реализирана во декември истата година.[403] При оваа посета од негова страна беше наведено дека посакува овие средби на највисоко ниво да продолжат да се реализираат барем еднаш годишно. Премиерот Давутоглу особено ја подвлече културната и историската блискост меѓу двата народа и значењето на културните центри на двете земји кои треба да бидат отворени. Според него, за стабилност на регионот земјите од Балканот треба да бидат под чадорот на НАТО.[404] Во делот на образовната соработка, премиерот Груевски го подвлече значењето на стипендиите од Владата на Македонија за македонски студенти за изучување на старотускиот јазик со цел проучување на турските архиви. Како и претходно, премиерот Давутоглу истакна дека Турција останува и силен поддржувач за членството на Македонија во НАТО. Сакаме Македонија да биде што поскоро членка на Алијансата. Никој како Турција не ја поддржува Македонија на тој пат.

Следната година во март 2015 година на покана на министерот за надворешни работи Мевљут Чавушоглу, шефот на македонската дипломатија Никола Попоски престојува во официјална посета на Турција. Од нивна страна било констатирано дека односите меѓу двете земји се одлични.[405] На

[401] Ибид.,

[402] На крајот на оваа средба премиерот Давутоглу ја искажал поддршката за Република Македонија кон евроатланските интеграции и додава дека лично како политичар ја користи секоја прилика да ѝ помогне на државата.[402]

[403] Давутоглу е на чело на турската делегација која ја сочинуваат и заменик-премиерот и министрите за надворешни работи, за економија и за здравство. Во рамките на посетата турскиот премиер Давутоглу имал средби со невладиниот сектор и партиите од турската заедница. Исто така при оваа посета се сретнал со бизнисмените од Турција кои инвестираат во Македонија, а покрај средбата со премиерот Никола Груевски имал средба со претседателот Ѓорге Иванов.

[404] Премиерот Давутоглу, за време на Самитот во Чикаго на една вечера излагањето го започнува со изјавата: јас сум од Македонија. Според него, тоа е голема поддршка за Македонија од Турција и таа ќе продолжи како и досега.

[405] Од страна на министерот Поповски беше истакнато дека Турција беше првата земја која ја призна Република Македонија според нејзиното уставно име што е од големо значење за нас како

оваа средба бил потпишан записник кој уште повеќе ќе доведе до зајакнување на односите и соработката меѓу двете земји. На оваа средба било истакнато дека обемот на трговската размена меѓу Македонија и Турција постојано расте и дека Турција е осми трговски партнер на Македонија.[406]

Во декември 2017 година, по повод 21 декември – Денот на наставата на турски јазик во Македонија, турскиот вицепремиер, Хакан Чавушоглу има официјална посета на Република Македонија. При оваа посета од турскиот вицепремиер Чавушоглу било оценето дека по изборот на новата Влада, Република Македонија влегува во стабилност, како и дека Македонија заслужува да биде земја членка на НАТО поради што ќе продолжи поддршката од Република Турција на НАТО-аспирациите на Македонија.

Од страна на премиерот Заев било наведено дека Република Македонија високо го почитува пријателството со Република Турција коешто се рефлектира со голем број турски инвестиции во земјата, соработка во одбраната, Министерството за внатрешни работи, во областа на образованието, културата. Премиерот заедно со новата Влада, исто така, истакнал дека таа соработка ќе ја унапреди во интерес на граѓаните на двете држави.[407] На средбата, од двете страни е потврдена определбата за унапредување на традиционално добрите пријателски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција, особено во областа на економијата и трговијата.

Следната година, претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев, бил во официјална посета на Република Турција каде што имал средба со премиерот на Република Турција, Бинали Јилдирим и претставници на бизнис-секторот. На средбата на двете делегации, од страна на премиерот Заев било побарано да продолжи поддршката од Турција за членството на Македонија во

---

држава. Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.„Поповски и Чавушоглу ја потврдија добрата соработка меѓу Турција и Македонија“. <https://vlada.mk/node/10330.> (Пристапено на 13.3.2015 година)

[406] Веб-страница на ТРТ македонски.„Никола Попоски во посета на Турција“. <https://www.trt.net.tr/makedonski/turtsija/2015/03/13/nikola-poposki-vo-posieta-na-turtsija-262686>. (Пристапено на 13.3.2015 година)

[407] Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.„Средба на премиерот Заев со вицепремиерот на Република Турција, Чавушоглу“. (Пристапено на 21.12.2017 година)

НАТО, а премиерот Јилдирим порачал дека Република Турција ја поддржува Република Македонија во оваа стратешка цел.[408]

Понатаму за време на оваа посета, претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, се сретнал со претседателот на Собранието на Република Турција, Исмаил Кахраман. На оваа средба била изразена заедничка согласност дека парламентарната соработка меѓу двете држави е важна и дека ќе придонесе кон определбата за зголемување на трговската размена меѓу Македонија и Турција на една милијарда евра.

Од страна на претседателот на Парламентот, Кахраман било изразено задоволство што повторно е воспоставена соработката на највисоко премиерско ниво, по три години, меѓу двете земји.[409] Според него, Република Турција е голем пријател на Република Македонија, ќе се продолжи со развој на економската соработка за што има и услови и интерес од двете страни, а за обезбедување квалитетен живот и перспективи на граѓаните и државата, многу се важни членството во НАТО и ЕУ. Притоа од страна на премиерот Заев беше побарано, Турција да продолжи да нè поддржува на тој пат.[410]

На 19 и 20 февруари 2018 година, претседателот Иванов бил во официјална посета на Анкара каде што остварил билатерална средба со претседателот на Република Турција, Реџеп Таип Ердоган и со претставници на турскиот државен врв.[411]

---

[408] За време на оваа посета договорено е активирање на Мешовитиот комитет меѓу двете држави кој ефикасно ќе ги решава сите потреби за подобра соработка на секое ниво. Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.<https://vlada.mk/node/14075>. (Пристапено на 12.2.2018 година)

[409] Тој соопшти дека Република Турција продолжува силно да ја поддржува Република Македонија во НАТО и ЕУ-интеграциите и беше упатена покана преку премиерот Заев, до Претседателот на Собранието на Македонија за парламентарна посета на Турција.

[410] Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.„Средба на премиерот Заев со претседателот на Собранието на Турција, Кахраман: Парламентот на Турција ги поддржува интеграциите на Македонија во НАТО“.<https://vlada.mk/node/14078>. (Пристапено на 12.2.2018)

[411] Во рамките на официјалната посета на Турција, македонскиот претседател одржи предавање на тема „Предизвици на високото образование во третиот милениум“, пред членовите на Советот за високо образование на Турција и ректорите од сите државни и приватни универзитети на Турција. За време на оваа посета положи венец во Мавзолејот на Кемал Ататурк во Анкара. Веб-страница на МКД.мк. „Претседателот Иванов во официјална посета на Турција“

Од 18 до 21 април 2018 година, претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери, бил во официјална посета на Република Турција.[412] „Не само на мојата посета, мислам дека билатералните институционални посети меѓу Македонија и Турција се во континуитет без прекин и дека тоа е продолжување на соработката меѓу двете пријателски земји. Сметам дека придонесот е во однос на тоа, да се зачувува и зајакнува билатералната соработка меѓу двете земји", изјавува Џафери при оваа посета.[413]

Во јануари 2019 година, министерот за надворешни работи Никола Димитров остварува работна посета во Анкара, каде што се сретнува со министерот за надворешни работи на Република Турција, Мевљут Чавушоглу, како и со претседателот на Големото народно Собрание на Република Турција, Бинали Јилдирим.[414] Имено, на средбата со Чавушоглу била потврдена посветеноста на двете страни за натамошно градење блиски, пријателски и партнерски меѓусебни односи.[415] Притоа, било дискутирано за можностите за подобрување на соработката во економијата, инвестициите, образованието и културата. За време на разговорите министерот Димитров истакнал: „Ги затвораме отворените прашања со цел да ја извадиме Македонија од равенката на несигурност, преку членството во НАТО и ЕУ. Истовремено не смееме да ги

<https://www.mkd.mk/makedonija/politika/pretsedatelot-ivanov-vo-oficijalna-poseta-na-turcija>. (Пристапено на 19.2.2018 година)

[412] Во рамките на оваа посета претседателот на Собранието на Република Македонија оствари билатерални средби со државниот врв на Република Турција, средби со Интерпарламентарната група за пријателство Турција - Македонија и со турско-македонскиот бизнис-совет. Веб-страница на Собрание на Република Северна Македонија.„Претседателот Џафери во официјална посета на Турција". <https://sobranie.mk/sredbi-2018-ns_article-pretsedatelot-dzaferi-vo-oficijalna-poseta-na-turcija.nspx>. (Пристапено на 18.4.2018 година)

[413] Ибид.,

[414] Исто така Димитров имаше средби со министерот за одбрана, Хулуси Акар и високи претставници во Кабинетот на претседателот Ердоган. Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.„Работна посета на министерот за надворешни работи Никола Димитров на Анкара". <https://vlada.mk/node/16415.> (Пристапено на 17.1.2019 година)

[415] Министерот Чавушоглу потенцираше дека Република Турција и понатаму максимално ќе ја поддржува Република Македонија во евроатлантските интеграции. Тој позитивно ги оцени најновите случувања во Република Македонија во тој контекст. На крајот на средбата двајцата министри потпишаа Меморандум за соработка во областа на информатичките технологии и дипломатските архиви помеѓу Министерствата за надворешни работи на двете земји.Ибид.,

заборавиме нашите пријатели кои нè поддржуваат на тој пат од самиот почеток.“[416]

Понатаму, министерот Димитров и претседателот на Големото народно Собрание на Република Турција, Бинали Јилдирим размениле ставови за унапредување на комуникациите меѓу највисоките законодавни тела во двете држави во сферата на парламентарната дипломатија и особено поттикнувањето на конкретни и заеднички активности помеѓу групите за пријателство и повеќе комисии во двата парламента.

Исто така, на средбата со министерот за одбрана, Хулуси Акар министрите дискутирале за турската поддршка за полноправното членство на Република Македонија во НАТО. Се разговарало и за подготвеноста на Турција за конкретни активности кога се во прашање осовременувањето на вооружените сили на Република Македонија, помош во опрема и обука на нашите војници и старешини, како и подготовки во оперативна и воено-техничка подготвеност според стандардите на НАТО.

Истата година министерот за надворешни работи на Република Турција, Мевлут Чавушоглу престојувал во официјална посета на Република Македонија по покана од својот македонски колега Никола Димитров.[417] Во рамките на оваа посета, во просториите на Министерството за надворешни работи на Република Македонија, од страна на министрите Димитров и Чавушоглу била официјално пуштена во употреба техничката опрема за дигитализација на дипломатскиот архив на министерството. Овој проект е поддржан од Министерството за надворешни работи на Република Турција, а финансиран од страна на турската агенција за соработка и координација – ТИКА.

Според истражувањето на Иван Ристов, во периодот од 1991 година до 2019 година, помеѓу официјални државни турски и македонски претставници остварени се вкупно 202 билатерални средби, од кои 120 во Турција при посета на официјални претставници на македонската држава, 75 во Македонија при посета

[416] Ибид.,

[417] За време на оваа посета министерот Чавушоглу имал средби со претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, и со заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Бујар Османи.

на официјални турски претставници и 7 на територијата на трета земја.[418] Во официјална посета на Турција, македонски претставници биле 32 пати, а турски претставници во официјална посета на Македонија биле 24 пати.[419]

Посочените посети и средби на македонски и турски претставници на највисоко ниво, како и во рамките на меѓународните организации од една страна, како и силниот импулс за економските односи говорат за значајното место на Република Македонија во надворешно–политичките ориентации на Турција. Тоа недвосмислено го потврдува од една страна континуираната висока динамика во меѓународно–политичките процеси, а од друга страна ја реафирмира тезата за заедничкото културно наследство на двете земји. Конечно, вредносната рамка изразена низ процесите на соживот и интеграција како темели на уставниот поредок на Македонија, исто така, се споделуваат во турскиот политички живот, што на неколку места беше отсликано во досегашниве излагања.

---

[418] Ристов, Иван.,„Турската моќ на Балканот и безбедносните импликации – случај Северна Македонија“: Скопје.Факултет за безбедност,2020.стр.179.
[419] Ибид.,стр.180.

## ГЛАВА IV

## ГЕОСТРАТЕШКО ВЛИЈАНИЕ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 4.1. Надворешната политика на Република Турција, со осврт на Неоотоманизмот

Во текот на последната деценија на XX век, регионот на Југоисточна Европа стана синоним за предрасуди, поделби и конфликти. Во првата деценија на XXI век регионот успеа да создаде амбиент за соработка. Сите земји мораа да се поврзат економски, инфраструктурно и енергетски. Исто така, глобалните стратегии за исполнување на милениумските развојни цели мораа да се регионализираат и да се спроведат на локално ниво.

Постојат многу фактори за обликување на надворешната политика на државите. Главните извори на традиционалната надворешна политика на Турската Република се историското искуство на Османлиската империја (рамнотежа на силите); националистичката кемалистичка револуција и создавање на самата република (изолационизам); западна ориентација изразена во политиката на европеизација и модернизација како и сомневање за надворешните сили и интереси (Северскиот синдром).[420] Свесни дека развојот и напредокот во реални услови може да се постигне преку траен мир и стабилност на регионот и подобрување на економските и животните околности на народите, Турција оваа цел во голема мерка ја акцентира во фокусот на својата надворешна политичка визија. Впрочем, тоа е природна последица на современата одговорност и хуманистички настроената надворешна политичка визија. Како сведоци на брзиот и непредвидлив развој на светот, треба да бидеме свесни дека покрај успесите од оваа соработка може да се соочиме и со ризици коишто можат да произнесат проблеми, а со тоа треба да бидеме спремни за нивното решавање. Сето тоа би придонело кон проширување и продлабочување на постабилна соработка.

Турската надворешна политика добила на интензитет и мултидимензионалност кон крајот на минатиот век, особено во периодот на

[420] Morinson, Alexander, “The Strategic Depth Doctrine of Turkish Foreign Policy”, Middle Eastern Studies,2006. Vol. 42, No. 6, 945-964.pp.945.

последната негова декада, а сето тоа било резултат на промените на глобално ниво, но и на сѐ поизвесната европска вокација на турската политика по поднесувањето на апликацијата за членство во Европската Унија.[421] Европските амбиции на Турција датираат од Договорите од Анкара од 1963 година, таа е земја кандидат од 1999 година, додека пристапните преговори ги започна на 3 октомври 2005 година.[422]

Неоосманизмот претставува ново поглавје во надворешната политика на Турција, изложено од турскиот дипломат и политичар Ахмет Давутоглу. Давутоглу или “Кисинџер од Турција“, како што многумина го нарекуваат, аргументираше: “која е оската на турската надворешна политика?” неговиот одговор за ова прашање е: “постојат само два постојани елементи што општеството не може да ги промени, а тоа се: историја и географија.”[423] Сите други фактори според него се променливи.

На денот на неговото назначување за министер за надворешни работи Давутоглу потврдил дека влијанието на Турција во “нејзиниот регион“ ќе продолжи да расте и во таа прилика изјавил дека Турција имала “улога на воспоставување на редот” на Блискиот Исток, Балканот и Кавказ.[424] Како долгорочен советник за надворешна политика на Ердоган, тој се залага за диверзификација на геополитичките опции на Турција со создавање зони на влијание на Балканот, Кавказ, Централна Азија и Средниот Исток.

Според Давутоглу, во овој нов свет, Турција игра сѐ поцентрална улога во промовирањето на меѓународната безбедност и просперитет. Новата динамика на турската надворешна политика гарантира дека Турција може да дејствува со визија, решеност и доверба што го бара историскиот момент.[425]

---

[421] Ирена, Рајчиновска Пандева.„Турската надворешна политика и судирот на идентитети“. Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“. Година 11, бр.43,2013,стр.127-135.стр.127.

[422] Мустафоски, Денис, Перспективите на Турција за членство во ЕУ, New Balkan Challenges, year 2, no.1 Skopje, 2019, стр.10.

[423] Ogulturk, Mehmet Cem.”Turkey’s balkan policy after the cold war in the context of the independence process of Kosovo“.Istanbul: Ph.D. Milli Savunma Üniversitesi,2012. pp.70.

[424] Trifkovic, Srdja.,2011.стр.83.

[425] Види повеќе Ahmet Davutoglu:“Turkey’s Zero-Problems Foreign Policy“. <https://foreignpolicy.com/2010/05/20/turkeys-zero-problems-foreign-policy/>.(пристапено во јануари 2021).

Според Давутоглу[426], министер за надворешни работи во тој период, три методолошки и пет оперативни принципи ја водат надворешната политика на Турција денес.

Првиот методолошки принцип е "визионерски" пристап кон прашањата, наместо "ориентиран кон криза", став што доминираше во надворешната политика во текот на целиот период на Студената војна.[427]

Вториот методолошки принцип е засновање на турската надворешна политика врз „конзистентна и систематска" рамка низ целиот свет. Визијата на Турција за Блискиот Исток не е во спротивност со нејзиниот пристап во Централна Азија или на Балканот; нашиот пристап кон Африка не се разликува од нашиот пристап кон Азија. Турција, исто така, активно се обидува да ги подобри односите со соседните земји како Грција, Ирак, Руската Федерација и Сирија.[428]

Третиот методолошки принцип е усвојување нов дискурс и дипломатски стил, што резултира со ширење на турска мека моќ во регионот. Според Давутоглу, иако Турција одржува моќна војска поради несигурното соседство, таа не се заканува. Наместо тоа, турските дипломати и политичари усвоија нов јазик во регионалната и меѓународната политика, со кој ѝ се дава приоритет на цивилно-економската моќ на Турција.[429]

Овие три методолошки пристапи и пет оперативни принципи, го водат процесот на креирање на надворешната политика на Турција. Во таа рамка се опфатени:

- Баланс меѓу безбедност и демократија (промоција на граѓански права без поткопување на безбедноста, како дел од идејата дека легитимитетот на политичкиот режим произлегува од обезбедувањето сигурност и слобода на сите граѓани);

---

[426] Ахмет Давутоглу е Министер за надворешни работи избран од владејачката партија АКП во мај 2009 година. Неговото именување донесе нова перспектива за тековните работи на Блискиот Исток и другите соседи на Турција, вклучително и на Балканот.

[427] Види повеќе Ahmet Davutoglu „Turkey's Zero-Problems Foreign Policy" <https://foreignpolicy.com/2010/05/20/turkeys-zero-problems-foreign-policy/>.(пристапено во јануари 2021).

[428] Ибид.,

[429] Ибид.,

- Нула проблеми со соседите (зголемување на соработката со соседите, со економска меѓузависност со граничните држави, но и подобрување на односите со Ерменија по 2009 година, иако таа останува најголем проблем на турската политика на соседство и визна либерализација со која до 2010 биле опфатени Албанија, Таџикистан, Русија, Либан, Сирија, Јордан и Либија);
- Проактивна и пресретлива мировна дипломатија (насочена кон преземање мерки пред појава на криза и ескалација на критично ниво);
- Мултидимензионална надворешна политика (турските односи со глобалните актери да бидат комплементарни, а не компететивни); и
- Ритмичка дипломатија (насочена кон овозможување на Турција да игра поактивна улога во меѓународните односи).[430]

Додека ја спроведува својата надворешна политика на глобална скала со ова разбирање, Турција им придава посебно значење на нејзинате позитивни резултати во нејзината непосредна близина, односно во односите со соседите. Во овој контекст, дискурсот на „нула проблеми со соседите" е слоганот којшто ги сумира очекувањата на Турција во врска со нејзиниот однос со соседните земји. Турција сака да ги елиминира сите постоечки проблеми коишто ги има во нејзините односи со соседите, или да ги сведе нив на минимум. Турција смета дека позитивните резултати од пристапот „нула проблеми со соседите", за што сме сведоци уште денес, ќе се види понатаму најпрво во овој регион, а на крајот на глобално ниво.

Почетокот на новиот милениум означил една сосема поинаква димензија во турската надворешна политика со промоцијата на добрососедските односи и употребата на мека моќ во односите со нејзиното блиско и подалечно соседство како насока кон воспоставување на Турција како бенигна регионална сила.[431]

Неотоманската надворешна политика, како што набљудувачите пејоративно ја именуваат, ја опишува неодамнешната интервенционистичка и посредувачка надворешна политика на Турција на Блискиот Исток и на Балканот, оддавајќи

---

[430] Ибид.,

[431] Ирена, Рајчиновска Пандева.,2013, стр.128.

почит на глобалната моќ и влијанието на старата Отоманска Империја. Ова е навистина легитимно тврдење, бидејќи таквата голема преориентација кон источните соседи е невидена во историја на Република Турција.[432]

Грубо дефиниран, неоотоманизмот претставува еден романтичен пристап кон турското минато, односно кон историјата на Отоманската Империја, иако самиот Давутоглу тврди дека таа нова ориентација има намера да поттикне мир, политичка стабилност и економски проспиритет на Блискиот Исток, па оттука не треба да се именува како неоотоманизам поради негативната конотација, туку како Pax ottomana.[433] Ваквото тврдење предизвикува сомнеж на Запад, особено во Европа, поради тоа што произлегува од владејачката партија АКП која има исламска заднина и во меѓувреме се спротивставува на западните одлуки на состаноците на НАТО и ООН.

Неоотоманизмот, како нова ориентација на турската политика, ги црпи своите примарни принципи од Отоманската Империја на XIX век. Трите нејзини карактеристики го допираат јадрото на турскиот национален идентитет и се всушност продолжение на старите идеи:

- Заеднички религиозен идентитет на Турција, Балканот, Блискиот Исток и Кавкаскиот регион – заснован на идејата на милет-системот.
- Заеднички национален идентитет на Турција, Балканот, Блискиот Исток и Кавкаскиот регион – заснован на Танзиматскиот период.
- Интегративен пристап во однос на мирот, просперитетот и стабилноста под централно влијание на Турција – заснован на идејата за централизација на Империјата во Танзиматскиот период.[434]

Иднината на Балканот според турските мерила не може да биде потполно реализирана без културната димензија. Културното наследство кое останало зад Османлиското царство, Турција успешно го користи за промоција на неоосманистичката визија за Балканот. За таа цел голем број припадници на

---

[432]Gökhan Saz.,"The Political Implications of the European Integration of Turkey: Political Scenarios and Major Stumbling Blocks“. European Journal of Social Sciences, Vol. 20, No. 1, 2011, pp. 47-80.pp.57.

[433] Ибид.,57.

[434] Ирена, Рајчиновска Пандева.,2013.стр.131.

муслиманската заедница од просторите на Балканот своето школување и специјализација ја вршат во Турција, во области како што се културата, информирањето, различни научни проекти, кои се финансиски потпомогнати од фондовите на разните центри и институти за проучување на Балканот. Целта е создавање некаков вид културна заедница на сите балкански држави во чија основа би лежел исламскиот карактер.[435]

## 4.2. Турција во Западен Балкан

Република Турција географски се простира на 2 континента и тоа Европа и Азија.[436] Европскиот дел на Турција е дел и од Балканскиот Полуостров. Други држави чии територии се сметаат како географски дел на Балканскиот Полуостров се: Македонија, Бугарија, Србија, Грција, Албанија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија и дел од Романија. Според статистиката, во 2019 година вкупното население на Турција изнесуваше околу 83,16 милиони луѓе.[437] Според официјалните податоци на Светска банка и проекциите на Трговската економија, бруто-домашниот производ (БДП) на Турција во 2019 година изнесува 754,41 милијарди американски долари. Вредноста на БДП на Турција претставува 0,63 проценти од светската економија.[438] За 2020 година, Турција е рангирана на 11 место од 138, од земјите разгледани во годишниот преглед на *Global Fire Power*.[439]

---

[435] Танасковић, Darko.,2010.стр.115.

[436] Турција граничи со: Armenia 268 km, Azerbaijan 9 km, Bulgaria 240 km, Georgia 252 km, Greece 206 km, Iran 499 km, Iraq 352 km, Syria 822 km. Исто така се граничи со Црното Море (Каде што има ексклузивна економска зона до поморската граница договорена со поранешниот СССР), Егејско Море и Средоземното Море со вкупно 7 200 км крајбрежје. Вкупно областа на Турција е 783 562 квадратни километри (земјиште: 769 632 квадратни километри, вода: 13 930 квадратни километри) и е 37 земји по површина во споредба со останатите на земјите во светот. Турција има стратешка локација контролирајќи ги Турските теснеци (Босфор, Мармарско Море, Дарданели) кои ги поврзуваат Црно и Егејско Море, исто така и планината Арарат која е во крајниот источен дел на земјата. Web page of Britannica.com.”Turkey“. <https://www.britannica.com/place/Turkey>. (пристапено во јануари 2021).

[437] Web page of Statista.”Turkey: Total population from 2015 to 2025“. <https://www.statista.com/statistics/263753/total-population-of-turkey/>. (пристапено во јануари 2021).

[438] Web page of Trading EconomicsTurkey GDP. <https://tradingeconomics.com/turkey/gdp>.(пристапено во јануари 2021)

Економската и воената моќ што ја поседува Турција, но и дипломатската виртуозност, доведоа до културно, економско и политичко воскреснување“ на поранешната Отоманска Империја преку силно влијание во земјите кои порано биле под нивно управување, кои се или муслимански или во нив живее муслиманско население или имаат турско малцинство.[440]

Откако Република Хрватска влезе во Европската Унија (1 јули 2013 година), регионот „Западен Балкан“ е геополитички термин кој ги опфаќа земјите: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора. Овој поим за прв пат е употребен на почетокот на деведесеттите години на минатиот век, со цел да ја објасни Југославија минус Словенија, плус Албанија.[441] Овие земји зафаќаат територија од 196 047 km2 со популација од околу 21,5 милиони жители.[442] Разноликоста на Западен Балкан и случувањата во последните две децении на Западниот Балкан, кој е релативно мал, но комплексен регион, со широка културна и религиозна разновидност, последните две децении покажаа дека ваквото опкружување лесно може да се злоупотреби од политичарите кои имаат националистички агенди кои на крајот доведуваат до тешки конфликти и војни.[443] Сето ова имало директно негативно влијание врз економскиот раст и животниот стандард на луѓето во регионот.

Земјите од Западен Балкан во политички и економски контекст се опишани како „црна дупка“ на Европа, како резултат од недостатокот на соработка со остатокот од Европа и бавните реформи насочени кон модернизација и демократизација на овие држави.[444] Добрата вест е дека регионот во последната

[439] Web page of Global Fire Power.”Turkey Military Strength“. <https://www.globalfirepower.com/country-military-strength-detail.asp?country_id=turkey.> (пристапено во јануари 2021)

[440] Ivan Ristov, Kostadina Klechkaroska, Ivona Shushak “Turkey's strategic interest in Balkans: The Republic of Macedonia a Case Study“.Academia.edu.(пристапено во јануари 2021).

[441] Ѓуровски, Марјан.,2018.Стр.15.

[442] Ибид.,стр.15.

[443]Бесими, Фатмир. „Евроатлантската иднина и разноликоста на западен балкан: перспективи од Македонија“. Скопје. Министерство за одбрана на Република Македонија. Година XII.2012. стр.9-13.стр.9.

[444]Ѓуровски, Марјан.,2018. стр.15.

деценија успева да се одржи сигурен и стабилен и се трансформираше од увозник во извозник на мир.

Во последните 5-6 години, земјите од Западен Балкан бележат значителен напредок и успешно спроведување реформи во бројни области и покрај крвавите војни и конфликти во 90-те години на минатиот век, како и силниот пад на нивните економии.

Републикан Турција, иако не припаѓа на Западен Балкан, се наоѓа во групата земји кандидати и потенцијални кандидати на ЕУ. Исто така, како полноправна членка има изградено комплексни меѓусебни односи со НАТО, од друга страна сосед со моќна Русија и партнер со голем број земји во регионот.[445]

Подемот на незападните актери е дел од пошироката глобална промена на моќта која не е единствена за Западен Балкан.[446] Во денешни услови САД, Русија, Кина и ЕУ спроведуваат стратегии проектирајќи моќ на Балканот во соодносе со поставените цели.[447] Сепак, додека Кина и Обединетите Арапски Емирати се

[445] Статусот на Турција во однос на нејзиното приклучување кон ЕУ во последните години е едно од најделикатните и најсериозните противречности во последните години. Преговорите за зачленување во ЕУ, Турција ги започнала во 1987 година. Преговорите службено започнале во 2005 година заедно со Хрватска. Голем дел од поддржувачите на земјата кон нејзиното приклучување во ЕУ, сметаат дека Турција претставува клучна регионална сила со голема и развиена економија и втората по големина воена сила во НАТО. Нејзиното приклучување во ЕУ, според нејзините поддржувачи, би означувало засилување на позициите на ЕУ како глобален геостратешки играч. Турција е земја која, поради својата местоположба има големо политичко, економско, културно и историско значење за регионот. Сепак, најголеми противници против зачленувањето на Турција во ЕУ се Франција и Германија. Противниците тврдат дека Турција сè уште не ги почитува основните принципи за една либерална демокатија, како и слободата на изразување. Проблем за Германија, исто така е и големата популација на Турција која во голема мера ќе ја промени структурата на европските институции. Демографските прогнози пресметуваат дека Турција ќе ја надмине Германија според бројот на парламентарците. Доколку Турција влезе во ЕУ, Европа би загубила голем дел од својата најголема особеност - христијанството. Ова произлегува од фактот што 99% од населението на Турција е со муслиманска вероисповед. Друго со што не се согласуваат голем дел од француските политичари е местоположбата на Турција. Според нив, само еден мал дел од турската територија се наоѓа во Европа, и покрај тоа што европскиот дел на Истанбул е поразвиен од анадолскиот. Сепак, можеби најголемиот проблем на Турција е кипарското прашање. Островот е разделен на два дела, од кој едниот е член на ЕУ, а во другиот живеат Кипарски Турци во своја самопризнаена држава. Турција не го признава Кипар од една страна, а од друга страна пак, Северен Кипар не е признат од голем број земји во светот.
[446] Bieber, Florian; Tzifakis, Nikolaos.”The western Balkans as a Geopolitical Chessboard?Myths, Realities and Policy Options“: The Balkans in Europe Policy Advisory Group (BiEPAG).2019.pp.10.
[447] Ристов, Иван.,2020.стр.6.

новодојденци во регионот, Русија и Турција имаат долга историја на силни врски и интереси за Балканот во модерното време.[448] Иако Турција и Русија имаат постојани разлики за значајни прашања и нивното стратешко партнерство доживеа криза во 2015 година, сепак регионот на Црното Море и Блискиот исток се точките на спојување на двете светски сили.[449] Во последната декада, Кина и Обединетите Арапски Емирати, ги зголемија нивните инвестиции во инфраструктурните и градежните проекти во Западен Балкан заедно со Турција која, исто така, долги години чека влез во ЕУ.

Сепак, земајќи ги предвид вклученоста на САД во конфликтните региони, Руската агенда во регионот, се подлабоките економски тешкотии и прашањето околу проширувањето со кои се соочува ЕУ, создадоа своевиден „вакуум на моќ" на Балканот.[450] Овој вакуум се пополнува преку зголемената присутност на Русија во Србија и во Црна Гора[451], како и преку зголемената активност на Турција, особено во областите каде што живее муслиманско население.[452]

Турција како формален кандидат за ЕУ, не е против проширувањето на ЕУ во Западен Балкан. Со оглед на тоа што кандидатите од Западен Балкан се движат со побрзо темпо кон ЕУ од Турција, од нив се очекува да бидат застапници на пристапот на Турција во ЕУ. Пред сѐ, Турција е членка на НАТО, така што нејзината неотоманска политика на Балканот не е дизајнирана да се натпреварува со евроатлантската ориентација на регионот. Размислувањата за приемот на Турција во ЕУ имаат глобален и широк регионален геополитички контекст.[453] Идејата за влез на Турција беше зачната уште во 2004 година кога европските

[448] Bieber, Florian; Tzifakis, Nikolaos.2019.pp.10.
[449] Спиркоски, Круме, Геополитички и геостратешки карактеристики на Црноморскиот регион, New Balkan Challenges, year 2, no 2, Skopje, 2019. стр.12.
[450] Ристов, Иван.,2020.стр.6.
[451] Црна Гора прогласи независност на референдумот одржан на 21 мај 2006 година. Резолуцијата за прием на Црна Гора во Обединетите нации ја донесе Советот за безбедност на седницата одржана на 22 јуни 2006 година. Генералното собрание на Обединетите нации на седницата одржана на 28 јуни 2006 година одлучи да го одобри приемот на земјата во Обединетите нации со што Црна Гора стана 192 членка на ООН. Види: Mehmedovic, Nedzad & Salifoska, Fatima., "Montenegro at the annual general debate of the United Nations General assembly : (2006-2021)". Institute for Public Policy, Skopje, 2021, стр.8.
[452] Ристов, Иван.,2020.стр.6.
[453] Cohen, Saul B.,2004.pp.577.

лидери се согласија да започнат преговори за пристапување. Но процесот на преговарање беше замрзнат, со тоа што во ноември 2016 година, Европскиот парламент гласаше за необврзувачка резолуција и упати барање до Европската комисија привремено да ги суспендира преговорите за членство. Како причина се наведуваат внатрешно-политичките „преовладувачки околности.“ Забавувањето на процесот на интеграција на Западен Балкан во ЕУ беше проследено со забавување на инвестициите на земјите - членки на ЕУ во регионот.[454] Иако уште од 2003 година на самитот во Солун лидерите на ЕУ им ветија на земјите од Западен Балкан дека нивната иднина ќе биде во ЕУ. Дури и тогаш, оваа заложба имаше геополитичка димензија.[455]

Во текот на следните години, оваа геополитичка димензија на проширувањето влезе во втор план и комисијата се фокусираше главно на напредокот на административните и законодавните реформи, на капацитетот на земјите за спроведување на „законодавството“ на Унијата, за подобрување на владеењето на правото и спроведување функционална пазарна економија. Згора на тоа, европските држави се соочуваат со различни сопствени проблеми и меѓу нив постои мал ентузијазам во однос на понатамошно проширување на Унијата. Новите регионални и глобални сили, како што се: Турција, Русија и Кина, се закануваат да го искористат ќорсокакот во процесот на проширување на ЕУ.[456]

Оттука, загриженоста на ЕУ за зголемувањето на активностите во Западен Балкан на надворешните актери каде што Турција е фактор, секако е основана.

Нето-ефектот од оваа промена во дискурсот е повторното поставување на проширувањето на ЕУ во Западен Балкан на европската политичка агенда. Комисијата објави нов документ за стратегија за проширување со цел реанимирање на процесот. Овој документ ја квалификуваше интеграцијата во Западен Балкан во ЕУ како “геостратешка инвестиција“ и постави најдобро

---

[454] Даскаловски, Жидас. „Безбедносна дилема: промена на границите за постигнување етнички „чисти“ држави или управување со малцински права“. Приштина: Фондацијата Конрад Аденауер, Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски“- Битола и ААБ Универзитет-Приштина, Република Косово.2018.стр.93-107.стр.93.

[455] Lehne, Stefan.”Geopolitics, the EU and the Western Balkan”.Skopje: Institute for Democracy“ Societas Civilis”-Skopje.<https://idscs.org.mk/en/portfolio/ geopolitics-the-eu-and-the-western-balkans/>.2020.pp.7.

[456] Ибид.,стр.93.

сценарио за пристапување на Србија и Црна Гора до 2025 година.[457] Новата стратегија ќе се фокусира на приемот на Србија и Црна Гора, како „знаменосци“ во процесот, а според нацрт-планот на стратегијата до 2025 година и останатите земји од Западниот Балкан да бидат вклучени во процесот на евроинтеграција.[458]

На 6 февруари Европската комисија донесе стратегија за перспективите на проширување на ЕУ и зголеменото ангажирање на ЕУ во Западен Балкан.[459] Европскиот совет разговараше за пристапот на регионот во ЕУ по четиригодишна пауза (од 2014 до 2018 година) во која Западен Балкан се појавуваше само во дебати за безбедносните предизвици на Европа. Една од причините за стагнацијата беше и мигрантската криза што ја зафати Европа, но пред сè Турција и западнобалканската рута, која беше со најголем интензитет од 2014 до 2016 година.[460] Според официјалните податоци на Меѓународната организација за миграција, во периодот од 2014 до 2016 во Европа влегле 1,415,254 граѓани.[461] Само преку територијата на Република Македонија од 2015 до 2016 година транзитирале безмалку 500,000 мигранти.[462] Ова повторно откривање на геополитичките влогови на проширување може да се смета за позитивен развој на земјите од Западен Балкан.[463]

Во контекст на ова, кон крајот на 2019 година новиот претседател на Европската комисија Урсула фон дер Лајен дојде со непозната реторика за ЕУ

---

457 Bieber, Florian; Tzifakis, Nikolaos.,2019.pp.5.

458 Велковски, Марјан, Новиот регионализам и регионалната интеграција на Западен Балкан, New Balkan Challenges, year 2, no.1, Skopje, 2019, стр.20.

459 European External Action Service, “Western Balkans Strategy: EU sets out clear path for accession”. Feb, 2018.

460 Види повеќе: Salifoska, Fatima, The migrants crisis effect on the relations between the European Union and the Republic of Turkey”, Journal of European and Balkan Perspectives, vol.4, no.1, Skopje, 2021, 35.

461 Statistics from the International Organization for Migration (IOM) - http://doe.iom.int/

462 Вкупниот број мигранти и бегалци што влегле на територијата на Република Македонија во периодот меѓу 19 јуни 2015 година (во 00:00 часот) и 7 март 2016 година (во 24:00 часот) и што биле регистрирани според постапките утврдени во Законот за азил и привремена заштита изнесува 477.876 лица. Види: Милчевски Илија, Ефектите на мигрантската криза во земјите од Југоисточна Европа (Скопје: Парламентарен институт на Собранието на Република Македонија, 2016), стр.27 и Салифоска Фатима, Политичките импликации од мигрантската криза во Република Македонија, New Balkan Challenges, year 2, no.4, Skopje, 2019, стр.6.

463 Ибид.,стр.9.

дотогаш и зборуваше за формирање „геополитичка комисија."[464] Таа и новиот шеф за надворешна политика на ЕУ, Јоѕеозеп Борел инсистираа дека Унијата сега мора „да го научи јазикот на моќта."[465]

И покрај сè, надворешните актери не се спротивставуваат на пристапувањето на регионот во ЕУ. Во многу аспекти, нивниот економски интерес за Западен Балкан преовладува и е стимулиран поради неговата европска перспектива. Изгледите за политичка стабилност, економски раст и полноправно членство на единствениот пазар, објаснуваат голем дел од стратешките економски инвестиции на Кинезите и Обединетите Арапски Емирати во регионот.[466]

Покрај културните и економските аспекти на турскиот ангажман, улогата на Турција заедно со Обединетите Арапски Емирати и другите земји од Блискиот Исток, ја ценат и оние што би сакале да видат дека исламот игра поголема улога во регионот.[467] Во случајот на Турција, балканскиот регион е анкер, неопходен за нејзината политичка и економска поврзаност со Европа.

Турција како еден од надворешните клучни актери, зазема посебно место кога се работи за нејзиното влијание во Западен Балкан. Присуството на Турција на Балканот е многу очигледно, особено во Босна и Херцеговина, Албанија, Косово и Македонија. Босна и Херцеговина и Косово се де факто земји во кои исламот е доминантна религија, а додека во Македонија ситуацијата е обратна, исламот е втора и малцинска религија по застапеност. Притоа, особено внимание се посветува на зајакнувањето на културните, верските, образовните и информативните врски, претежно со муслиманското население во регионот.

Анализирајќи ги годините по завршувањето на Студената војна и распадот на Југославија, интересно е да се забележи дека единствената константа во политиката на Балканот е зголеменото присуство на Турција, а исламот и

[464] Lehne, Stefan."Geopolitics, the EU and the Western Balkan".Skopje: Institute for Democracy" Societas Civilis"-Skopje. <https://idscs.org.mk/en/portfolio/ geopolitics-the-eu-and-the-western-balkans/>.2020.pp.1.
[465] Ибид.,стр.1
[466] Bieber, Florian; Tzifakis, Nikolaos.,2019.pp.12.
[467] Ibid.,pp.10.

Османлиското наследство се препознаени како лост за проектирање на турското влијание.[468]

Во овој контекст, со крајот на Студената војна и распадот на Советскиот Сојуз на 25 декември 1991 година, поттикнало многу земји во Централна Азија и Кавказ да добијат своја независност.[469] Како резултат на тоа, се појавија многу нови национални држави со кои Турција споделува заеднички историски и културни вредности, кои истовремено имаат големи очекувања од Турција. Од тие причини, се појавила потребата од организација што може да ги практикува и координира операциите коишто треба да се вршат во оваа област и за постигнувањето на надворешно-политичките приоритети, што во 1992 година резултирало во формирање Турската агенција за соработка и координација (TİKA).[470] ТИКА беше основана со цел да им помогне на новите независни држави во Централна Азија, Кавказ, Црното Море и Балканот, како и земјите во развој во Африка во нивните напори за развој. [471] Со воспоставувањето на концептот на активна надворешна политика, ТИКА стана спроведувачки посредник на турската надворешна политика, особено во земјите со кои Турција споделува заеднички вредности, како, секако, во многу други области и земји. Многу проекти и активности во областа на образованието, здравството, реставрацијата, развојот на

[468] Ристов, Иван.2020.,стр.6.

[469]Заедничкиот јазик и култура со овие земји, кои се составени од Казахстан, Таџикистан, Узбекистан, Азербеџајн и Киргистан, го отвориле патот за обнова на двојните и регионалните односи со нив. Турција и земјите од Централна Азија се сметаат себеси за една нација што содржи различни земји, а надворешната политика на Турција покажала мултилатерално и проактивно разбирање во регионот. Односите со земјите што зборуваат турски станува постојан фокус на Турција и истиот доби на важност во последните 20 години од глобалната политика. За таа цел, во 90-тите, првиот приоритет на Турција во однос на прашањето за Централна Азија стана признавање на младите турски земји од меѓународната заедница. Потоа следуваше реализирање проекти за луѓето кои живеат во новооснованите земји од Централна Азија во различни области, како што се социјални, економски и културни. Помошта што беше дадена на почетокот, понатаму се претвораше во долгорочни проекти и соработка заснована на развој.

[470] Види повеќе : Web page of Republik of Turkey Ministrry of culture and Tourism- TIKA <https://www.tika.gov.tr/en/page/history_of_tika-8526>.[Пристапено во мај 2021]

[471] ТИКА има 62 канцеларии за координација на проекти во 60 земји и реализира проекти во 150 земји во светот и во согласност со активната и принципиелна надворешна политика на Турција, бројот на земји во кои работи секоја година се зголемува. Своите активности ТИКА ги извршува во рамките на Министерство за култура и туризам, но како јавно правно лице со приватен буџет. Види повеќе: Web page of Republik of Turkey Ministrry of culture and Tourism- TIKA. <https://www.tika.gov.tr/en/page/about_us-14650>. [Пристапено во мај 2021]

земјоделството, финансиите, туризмот и индустријата беа реализирани од страна на ТИКА.

Во Западен Балкан, особено може да се истакне поддршката на Турција која преку ТИКА финансира обнова на културни и историски споменици и џамии од Отоманскиот период со што се придонесува за зачувување на културното наследство на регионот и помага во напорот, Балканот да се појави како туристичка дестинација. Како резултат на искуствата што ги стекна низ годините, ТИКА го ревидираше својот концепт на проекти за новиот период и одлучи да им даде приоритет на проектите и активностите што ќе имаат директно влијание врз јавноста.[472] Меѓу овие приоритетни области се: снабдување со вода за пиење, изградба на автопати, обновување на училишните инфраструктури, одредби за стручна обука, обновување историски артефакти, испорака на хуманитарна помош и создавање нови вработувања.[473]

Понатаму, фондацијата Јунус Емре - Институт Јунус Емре јавна фондација за промовирање турски јазик и култура, претставува една јавна фондација која е формирана според законот број 5653 од 05 мај 2007 година со цел да се зголеми културната соработка на Турција со другите земји како и зајакнување на пријателските односи. [474] Таа отвори Центри за култура во сите земји од Западен Балкан, нудејќи курсеви на кои учествуваат илјадници студенти во регионот. Преку овие центри се промовира турскиот јазик, културното наследство и уметност и се развива и зајакнува културната соработка, како и пријателството меѓу Турција и останатите земји. Институтот Јунус Емре ги заштитува важните цивилизации на Анадолија и се труди културното наследство на овие предели да

[472] The Balkans and Eastern Europe/Projects and activities: TIKA. 2016.www.tika.gov.tr.pp.4.
[473] Ибид.,стр.4.
[474] Фондацијата Јунус Емре - Институт Јунус Емре започна со работа во 2009 година и досега ширум светот во 48 земји има повеќе од 58 културни центри. Институцијата Јунус Емре името го добила по познатиот турски мислител од 13 - 14 век Јунус Емре. Негова најголема одлика е тоа што преставува едно име кое е симбол за мирот, љубовта кон човекот и човечките вредности, а според тоа основна цел на оваа институција е со користење на сопствениот најкомпетентен и софистициран јазик за промовирање на својата култура и уметност да се залага за еден подобар свет каде што лугето подобро ќе се разберат помеѓу себе. За постигнување на оваа цел и за да покажеме дека имаме да кажеме нешто во врска со ова приморани сме прво на точен начин да ги искажеме и покажеме своите културни вредности и уметност. Не е случајно името Јунус Емре за нашата институција чија главна ориентације пред сè е човекот.

го пренесе до различни делови на светот; институтот има важна улога во распространувањето на безвременскиот глас на турскиот јазик и претставувањето историско и културно наследство на Турција.

Оваа институција во сите свои активности се залага за засновање на универзалните човечки вредности и врз основа на тоа луѓето можат да остварат заеднички живот околу мирот и заедничките вредности без разлика на која нација, вера или боја ѝ припаѓаат.[475]

Институтот, што е огледало во делот на културната дипломатија на Република Турција, продолжува со своите активности. До 2023 година, по повод сто години од основањето на Република Турција, планирани се низа активности. Планирано е да се отворат 100 културни центри, преку кои ќе се овозможи меѓународните заедници да имаат најверодостојни извори за запознавање на Турција во најдобро светло и тоа преку турскиот јазик и настава, културата и уметноста и преку културните активности со кои ќе се придонесе повеќе за развој на светското културно наследство. Според претседателот на Институтот Јонус Емре, Проф.д-р. Шереф Атеш, Институтот со возбуда се труди да го реализира идеалот за создавање мост помеѓу светските култури, соработувајќи со различни институции за поддршка на научни и културни студии, за да ги споделат резултатите со светската јавност.[476]

Директоратот за религиозни прашања, или попознат како Дијанет (Diyanet İşleri Başkanlığı), има надлежност врз религиозните прашања, за што е ополномоштен од страна на државата.[477] Оваа институција го има своето извориште од авторитетот на шејх-ул-ислам, кој бил поглавар на улемата (муслимански клерици) во Отомаската империја.[478] Често споредуван со

---

475 Веб-страница на Институтот Јонус Емре. <https://uskup.yee.org.tr/mk/content/zoshto-junus-emre>. [Пристапено во мај 2021]

476 Веб-страница на Институтот Јонус Емре. <https://uskup.yee.org.tr/mk/content/poraka-od-pretsedatelot>. [Пристапено во мај 2021]

477 Види повеќе: Web page of Presidency of Republic of Turkey. <https://www.diyanet.gov.tr/en-US/Institutional/Detail//1/establishment-and-a-brief-history>. (Пристапено во април 2021)

478Рајчиновска Пандева, Ирена.2015,стр.58.

авторитетот на папата во римокатоличката црква, Дијанетот бил утврден како највисок орган на сунитскиот ислам во светот.[479]

Зголеменото влијание на Дијанетот по 2002 година се согледува и преку обемот на активностите што оваа институција ги извршува во Турција, но и надвор од нејзините граници, примарно во земји каде што се зборува турскиот јазик или јазици блиски до турскиот (како на пример, Азербејџан), и особено преку финансиската помош од државата за спроведување на тие активности.[480]

Буџетот на Дијанетот масовно се зголемил за време на владеењето на Реџеп Таип Ердоган. Неговиот буџет за 2021 година е речиси 23 пати поголем отколку што беше во 2002 година, кога започна неговото владеење. Така буџетот во 2018 година бил 5,16 милијарди лири, и двојно се зголемил во 2019 година на 10,16 милијарди лири.[481]

Надворешно-политичката функција на Дијанетот е првенствено насочена кон турските граѓани што живеат надвор од границите на Турција, но опфаќа и бројни други активности, па затоа многу често се доживува како институција за којашто примарно се врзува обидот за зголемување на регионалната моќ на Турција преку механизмот на „мека“ моќ, кој опфаќа активности од финансирање и надгледување верски објекти (како на пример во Баку), до дистрибуција на литература низ Кавказот и Централна Азија, односно најмногу низ т.н. турски републики од поранешниот СССР.[482] На Балканот, Дијанетот обезбедува верско

---

[479]Активностите на оваа институција започнале во 1924 година, а за прв пат била уставно регулирана во 1961 година. Подоцна во 1965 година, бил донесен и закон со кој била уредена неговата дејност. Со неговото основање, турската држава ги вработила сите имами како државни службеници, со што дефакто го наметнала исламот како државна религија, иако самата уставна рамка тоа не го дозволувала поради секуларноста на турската држава. Ибид.,стр.59.

[480] Ибид.,стр.59.

[481] Buyuk, Hamdi Firat.”Turkish Religious Authority’s Budget Soars as Economic Crisis Deepens“. <https://balkaninsight.com/2020/10/23/turkish-religious-authoritys-budget-soars-as-economic-crisis-deepens>/.23.10.2020.(Пристапено во мај 2021 година)

[482]На интерно ниво, покрај училиштата за Куранот (редовни, вечерни и летни школи), Дијанетот управува и со школите Имам Хатип, чија оригинална замисла била обезбедување религиозен персонал кој ќе врши едукативна функција, но подоцна тие станаа алтернативен образовен систем, чии дипломци потоа го продолжуваат своето образование во рамките на секуларниот систем на универзитети низ државата. По добивањето на универзитетска диплома, овие студенти го комплетираат процесот на политичка социјализација и влегуваат на пазарот на труд како професионалци и државни службеници (освен во армијата). Ибид.,стр.60.

образование и ја олеснува поврзаноста на балканските муслимански заедници со Турција.[483]

Иако е забележливо дека во последните години Турција презема повеќе унилатерални акции на Балканот споредено со годините веднаш по завршувањето на Студената војна, дел од теоретичарите всушност аргументираат дека Турција претставува главниот играч на Балканот повеќе од половина милениум, а во последните неколку години и онака силната надворешна политика на Турција кон Балканот само дополнително се амбицираше со нов замав, добивајќи етикета од страна на повеќе автори и интелектуалци како политика на неоосманизам.[484]

Турција ја прошири најголемата социјална и политичка поддршка на владите и политичките лидери од земјите и партиите со муслиманско мнозинство кои апелираат до муслимански електорат. Сепак, нејзиниот економски ангажман во Србија и Северна Македонија е силен независно од овие религиозни афинитети. Тоа особено се гледа со потпишување на Договорот за слободна трговија помеѓу Турција и Србија во 2017 година.

Иницијативите водени од државата во областа на културата, религијата и образованието се надополнети со слични активности преземени од неколку турски општински власти и неколку исламски мрежи, од кои највлијателно е движењето Хисмет на Фетула Ѓулен, некогаш партнер и сега архемија на претседателот на Турција, Реџеп Таип Ердоган.[485]

Притоа, не може да се изостави притисокот на Турција врз локалните власти за екстрадирање на ѓуленистите кои претставуваат директен предизвик за нивните системи за владеење на правото.[486]

Во однос на информативните врски, ТРТ, националниот јавен радиодифузер во земјата и агенцијата „Анадолу“, турската новинска агенција, работат низ целиот регион, емитувајќи содржина на сите локални јазици.[487]

---

[483] Bieber, Florian; Tzifakis, Nikolaos.,2019.pp.7.
[484] Ристов, Иван.,2020.стр.7.
[485] Bieber, Florian; Tzifakis, Nikolaos.,2019.pp.7.
[486] Ибид.,стр.
[487] Ибид.,стр.

Според аналитичарите постојат повеќе причини со кои се прикажува интересот на Турција во Западен Балкан повеќе отколку порано: 1) ангажманот на Турција во 90-тите години на минатиот век на Балканот, може да се гледа како одговор на зголеменото влијание на Грција во регионот, особено преку поддршката за развој на ЕУ; 2) со тоа што е проактивен учесник во создавањето на новата европска безбедносна архитектура по распадот на СССР, Турција се ослободи од пасивната позиција која ја имаше во НАТО под покровителство на САД. Важна област за оваа нова улога се земјите од регионот на поранешна Југославија; 3) Турција успеа да одржи посебен однос со САД преку интензивни билатерални консултации и поддршка во текот на постјугословенските кризи. Вашингтон и Анкара се блиски сојузници во Советот за имплементација на мир во Босна и Херцеговина; 4) застојот во процесот на преговори со ЕУ ги принуди турските политичари да ја преиспитаат нивната заложба за членство. Зголемен ангажман со соседите и со нациите со кои имаат заедничка историја е логична алтернатива; 5) на Турција ѝ е потребна успешна приказна што може да го увери Западот со цел ублажување на зголемената загриженост за политиката на Турција со Иран и Израел; 6) Османлиите го донеле исламот на Балканот. Со години доминантната исламска правна школа во Турција е Ханефитскиот мезхеб, која преовладува на Балканот; и 7) успехот во надворешната политика на Турција на Балканот е важна за турските гласачи, особено поради вечната борба помеѓу кемалистите и АКП.[488]

Работата на Западот во Западен Балкан е нецелосна и регионот може да го искористи целото меѓународно внимание што може да го добие, дискурсот за појавата на геополитички натпревар во Западен Балкан не е без ризик. „Враќањето на геополитиката“ се истакна во зголемената важност на глобалната стратешка моќ (или слабост) во односите на земјите од Западен Балкан со надворешните сили и ја намали релевантноста на усогласувањето засновано на нормите.[489] Така, во текот на изминатата деценија, ЕУ и САД во своите политики

---

[488] Petrović, Žarko. and Reljić, Dusšn ."Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card". Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172.pp.162-163.
[489] Ибид.,стр.20.

кон Западен Балкан, честопати ја воскреснаа стратешката содржина на радикалниот ислам или руското влијание врз целите на политиката засновани врз вредностите, како што се консолидација на демократијата и владеење на правото.[490]

Врските на незападните надворешни актери со Западен Балкан се комплексни, повеќесложни и се засноваат на различни мотивации. Главните четворица актери не треба да се третираат како единствен блок, или да се претпоставува дека се залагаат за политички алтернативи за евроатлантските интеграции во регионот. Тие главно не се обидуваат да го поткопаат пристапувањето на регионот во ЕУ и нивниот ангажман во регионот не е само негативен. Инвестициите покриваат јаз оставен од ЕУ; носат повеќе можности за вработување; придонесуваат за подобрување на инфраструктурата во регионот; помагаат во преструктуирањето на корпорациите што создаваат загуба; помагаат во регионалните напори да го вратат своето културно наследство. ЕУ треба да разбере дека Западен Балкан има сериозна потреба од помош за развој и странски инвестиции.

Сепак, доколку врските со незападните актери се во служба на цели што се во спротивност со аспектите на дипломатските иницијативи на Западот и неговата либерална реформска агенда (на пр. Промоција на демократијата, владеење на правото и пазарната економија), тие се причина за сериозна грижа.[491]

Врските на надворешните незападни земји со Балканот не треба да бидат преценети. Во економски поглед, позицијата на ЕУ во регионот е незаменлива. Во 2018 година, ЕУ учествуваше со 71,9% од набавките на стоки во регионот и 57,7% од соодветниот увоз. Што се однесува до Кина, Русија и Турција, тие беа значително пониско во трговијата со стоки, што претставуваа 8,2%, 4,9% и 5,1% од увозот на регионот и 0,7%, 3,1% и 1,7% од набавките.[492]

Не треба да се занемарува фактот дека луѓето од Западен Балкан ја преценуваат важноста на врските со Кина, Русија или Турција. Тоа имплицира

---

[490] Ибид.,

[491] Ибид.,стр.21.

[492] Ибид.,стр.21.

дека овие надворешни земји го преземаат максималниот кредит (т.е. влијание) од нивните врски, при што ЕУ не успеа да ја направи својата улога ценета во целост.[493]

### 4.2.1. Надворешно–политички активности на Република Турција кон Република Северна Македонија

Република Северна Македонија се наоѓа во средиштето на Балканот, поврзувајќи ги Белград со Солун на Егејското Море и Истанбул со Драч на Медитеранот и претставува простор на историскиот крстопат меѓу Европа и Блискиот Исток и клучен коридор за навлегување кон Централна Европа. Македонија е сместена меѓу Албанија на запад, Косово на северозапад, Србија на север, Бугарија на исток и Грција на југ. Географијата и историјата не и биле наклонети на Македонија и на нејзиниот народ. Често, овие два фактора, во комбинација со: големата сиромаштија, неразвиеноста, аналфабетизмот, насилствата, природните катастрофи, циклично, или во двојка, ја одредувале мрачната судбина на Македонија.[494] Таа била театар на судири на големите и регионалните сили, простор на геополитички проекти и поделби и влог во односите меѓу меѓународните актери.[495]

Република Турција е мултиетничка, мултикултурна земја во која живеат околу 50 различни муслимански и немуслимански народи (сунитски муслимани, Алевити Турци, Сунитски Курди, Алевити Курди, Черкези, Ерменци, Грузијци, Евреи, Грци, Арапи, Асиријци и други).[496] Од времето на основањето на републиката, државата применува асимилаторски, хомогенезирачки политики наменети кон ексклузија на нетурските карактеристики од јадрото на турскиот национален идентитет, што повратно влијаело врз припадниците на останатите етнички и религиозни групи доброволно да се претопат во главната политичката

---

[493] Ибид.,

[494] Костовска, Валентина, Меѓународните односи и надворешната политика на Република Македонија (1991-2005) – докторска теза, Филозофски факултет – Скопје, УКИМ.2008. стр.140.

[495] Ибид.,стр.140-141.

[496] Рајчиновска Пандева, Ирена,.„Курдите во Турција - за природата и предизвиците на еден етнички, социо-економски и геополитички конфликт“ „Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“. Година 14,бр.52,2016,стр.101-111.стр.101.

култура на Турција, обележана од сунитскиот ислам и турското етничко потекло.[497]

Примарен атрибут на турскиот модел е секуларизмот/лаицизмот, бидејќи тој е уставна категорија речиси еден век.[498] Тој го претставува јадрото на демократскиот режим и базата на плурализмот, и е главен корисник на модернизацијата и прогресот во општеството во кое официјално се тврди дека 99% од населението припаѓа на муслиманската вероисповед.[499] Но, исто така, треба да се напомене дека пред Ердоганова Турција изразената форма на ваквиот општествен секуларизам доби и милитантна димензија преку улогата на војската.[500] Војската беше самопрогласен „чувар на секуларната република“, бранител на секуларната идеологија, како и стабилноста на државата. Водена од така поставената политичка иконографија, војската историски неколку пати директно или индиректно учествуваше во рушење на происламските влади (или премиери). Секуларизмот не беше втемелен само на одвоеност на религијата од државата, туку збогатен и со омраза, нетрпеливост, нетолерантност, ригидност и милитантност кон сè што покажува дури и мали религиозни афинитети.[501] За разлика од тоа, во Македонија секуларизмот подразбира уставно втемелување на црквата и останатите верски заедници и религиозни групи, а исто така видлива е и

---

[497] Турската националистичка доктрина – кемализмот се залагал за чист турски национален идентитет, во кој конкурентските концепти на други национални, религиозни и лингвистички идентитети немале место. Ибид., стр.101.

[498]Лаицизмот како идеја се појавил во пред републиканска Турција, под влијание на либералната и националистичката идеологија. Рајчиновска Пандева, Ирена,.„Исламизам и Лаицизам: Религијата и политиката на модерна Турција“ „Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“. Година 13,бр.51,2015,стр.55-65.стр.56.

[499] Ибид.,стр.56.

[500]Во текот на првата деценија од XXI век со појавувањето на Партијата за правдата и развојот (АКП) и владата на премиерот Реџеп Таип Ердоган беа успешни во поткопување на наследството на Мустафа Кемал Ататурк и карактерот на државата основана врз тоа наследство, внесувајќи ја религијата во општествениот живот. Она што остана, сè до референдумот за уставните измени во 2010 година, беше сè попразната обвивка на уставниот секуларизам. Ердоган и неговиот тим беа решени да ги отстранат ваквите остатоци и на 12 септември 2010 година им успеа нивната намера. На тој ден гласачите на Турција одобрија со голема разлика пакет од 26 члена со кој се стави крај на Армијата, како чувар на секуларизмот, и во 2011 година Ердоган беше реизбран со значително мнозинство за трет мандат.

[501] Ѓоршоски, Никола.2020.,стр. 236.

нивната улога во општествениот и политичкиот живот во двонасочна димензија – политика – религија и обратно.

Од потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ во 2001 година, кога земјата беше на работ на граѓанска војна, Македонија имаше свои подеми и падови. Заедно со другите држави од Западен Балкан, на Македонија ѝ беше ветена можноста за членство во ЕУ на Самитот на ЕУ во Солун во 2003 година. Како прва земја од Западен Балкан што потпиша Договор за стабилизација и асоцијација, Македонија ја поднесе својата апликација за членство во ЕУ во март 2004 година и доби статус кандидат во 2005 година. По сите позитивни извештаи од страна на Комисијата од 2009 до 2014 година, се очекуваше почеток на преговорите за влез во ЕУ. Сепак, поради спорот со Грција околу името на државата тоа не се случи. Со неодамнешното решение за името со Грција, почетокот на преговорите за пристапување во ЕУ се очекува да биде за брзо време.

Според резултатите од истражувањето на јавното мислење на граѓаните во Македонија (2013) тие покажуваат дека Турција (со 16 %) е земја во светот која ја сметаат за најпријателска земја наклонета кон Македонија во која имаат најголема доверба.[502] Ставовите на граѓаните за глобалното водство (најдобро мислење за земја од гледна точка на глобална политика), како и за најпријателска земја за Македонија и најдобар сојузник на Македонија се показател за стратешката ориентација на Македонија.[503] Исто така, Турција со (14,6 %) граѓаните ја сметаат за најдобар сојузник на Македонија, по која следуваат Србија (11,6 %), САД (10,9%), Германија (5,8 %) и Словенија (3,7 %).[504] Граѓаните, од аспект на глобална политика, најдобро мислење имаат за Германија (14,5 %) и САД (11,2 %), а потоа за Швајцарија, Турција со (со 6,9%), Албанија и Србија.[505] Овие ставови на граѓаните за најпријателски земји се потврдени и во други истражувања. Така, во Балкан монитор (Галуп, 2011), 79,6 % од граѓаните од

---

502 Клековски, Сашо.„Глобално водство, соседство и односи со Бугарија“.Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) Институт за демократија „Социетас цивилис“(ИДСЦС). 2013.стр.5.
503 Ибид.,стр.4.
504 Ибид., стр.6.
505 Ибид.,стр.4.

Македонија сметаат дека Турција е пријателска кон Македонија, што е втор највисок резултат во Западен Балкан.

Турција традиционално е силен партнер на Македонија од нејзината независност во 1991 година и не само што инвестира во економскиот сектор туку и во образованието, културата и религијата.[506]

Стратешката целна група во Македонија, на Република Турција се етничките Турци[507], Бошњаците, Македонските муслимани, ромското население во Источна Македонија и останатите граѓани од исламска вероисповед како што се Албанците итн., но секако и останатото население преку индиректно наметнување и промовирање на турската култура и вредности. Етничките Македонци од православна вероисповед пак, често пријателски гледаат на Република Турција поради континуираната поддршка на дотогашното уставно име, како и одбрана на македонскиот идентитет, јазик и особености од турската држава.

Активностите во Македонија, ТИКА ги започна во 2005 година каде што се реализирани повеќе од 1000 проекти од области како што се образованието, здравството, земјоделството, инфраструктурата и заштитата на културното наследство, со буџет од над 100 милиони долари.[508] ТИКА до денес, обнови вкупно 38 основни, средни училишта и универзитети, од кои 24 се реновирани, а 14 изградени.[509]

Со своите проекти ТИКА, исто така, придонесува за зајакнување на инфраструктурата на информатичките технологии на институциите со организирање и програми за обука за градење капацитети на персоналот кој

---

506 Rey, Johannes D., in collaboration with Prof. Zoran Ilievski, Dr Siniša Aleksoski and Davor Pašosk."The influence of external actors in the Western Balkans/Macedonia". Berlin:Konrad-Adenauer-Stiftung. 2018.25-28.pp.25.

507 Според пописот од 2002 година во Република Македонија живеат 2 022 547 жители од кои Турци се 77 959, односно 3 85%7. Податоците од терен укажуваат дека се забележува тренд на самоволно конвертирање на младите Роми во Источна Македонија во турска етничка припадност, најмногу поради поволностите кои би ги добиле според Охридскиот Рамковен договор.

508 Види повеќе: Веб-страница на ТРТ македонски. ТИКА приреди ифтар во Скопје. <https://www.trt.net.tr/makedonski/rieghion/2019/05/29/turskata-aghientsija-za-sorabotka-i-koordinatsija-tika-pririedi-iftar-vo-skopjie-1210513.29.05.20219>. [Пристапено во мај 2021]

509 Училиштата во кои се одвива настава за околу 15 илјади ученици станаа елитни образовни институции во регионите каде што се наоѓаат. Види повеќе: Веб-страница на Анадолу Агенција."ТИКА во Македонија реализираше над 900 проекти". <www.aa.com.tr/mk/балкан/тика-во-македонија-реализираше-над-900-проекти/1344977.21.12.2008>. [Пристапено во мај 2021]

работи во јавните институции, а со цел зголемување на нивната продуктивност преку олеснување на пристапот до јавните услуги. ТИКА учествуваше и во опремувањето на зградите за јавни услуги на општините Центар Жупа и Пласница, кои се наоѓаат во западниот дел на земјата. Во 2016 година ТИКА ја изгради зградата на општината Пласница, со што општината доби нов објект за јавни служби со вкупна површина од 675 квадратни метри.

Со цел да се намалат тешкотиите на граѓаните во пристапот до здравствените услуги ТИКА, покрај реновирањето болници и здравствени центри, донираше и опрема која се состои од медицински уреди, помагала и болнички мебел. Исто така, за намалување на смртноста кај новороденчињата во Македонија, ТИКА обезбеди обновување на здравствените центри и опремување со модерна медицинска опрема. ТИКА го реновираше и го опреми Одделот за хигиена и претстерилизација во Специјалната болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ во главниот град Скопје.[510]

ТИКА, особено во Источна Македонија каде што преовладуваат тешки економски услови, со проектите во земјоделските и животинските производствени сектори придонесува за заживување на економијата и индиректно придонесува за руралниот развој. ТИКА во соработка со невладините организации во земјата спроведе социјални и културни активности кои придонесуваат за воспоставување мировна зона на Балканот и зачувување на културните вредности.

За да придонесе за зачувување на заедничкото историско наследство и развој на македонскиот културен туризам во земјата, ТИКА започна со реставрација на историското наследство и на многу џамии.[511]

Освен тоа, ТИКА во Македонија ги поддржува проектите кои придонесуваат за развојот на турскиот јазик и го поддржува прославувањето на Денот на образованието на турски јазик – 21 декември, во организација на Сојузот на

---

[510] Ибид.,

[511] Во селото Коџаџик, кое се наоѓа во Општината Центар Жупа, во западниот дел на земјата, го релизираше проектот Спомен-куќа музеј на Али Риза Ефенди, таткото на Мустафа Кемал Ататурк. ТИКА, исто така, ја обнови и Воената гимназија во Битола, каде што се школувал Ататурк помеѓу 1896-1899 година. ТИКА завршувајќи ги реставрационите проекти на џамијата Исак Челеби во Битола, Хусеин-шах џамијата во Скопје, Мустафа-пашината џамија во Скопје, и џамијата Махмуд-ага во Радање ја подари на културното наследство. Реставрацијата на скопските џамии Султан Мурад и Алаџа продолжува.

турските невладини организации (МАТУСИТЕБ), кој е чадор организација на повеќе од 60 турски невладини здруженија.[512]

Во текот на последните 15 години, движењето Хизмет се најде во образовните институции и приватниот сектор. За таа цел во Македонија има основни и средни училишта и колеџи „Јахја Кемал“ и Меѓународен универзитет за Балканот.

Во организација на МАТУСИТЕБ во јули 2016 година, се организираше собир за поддршка на Реџеп Таип Ердоган, турскиот Претседател кој преживеа обид за пуч и јавно обвини дека неуспешниот обид за преврат е „масло“ на верскиот лидер во егзил – Фетула Ѓулен, кој живее во американската сојузна држава Пенсилванија.[513] Во рамките на овој собир, невладините организации под водство на Тахсин Ибрахим[514], првиот човек на МАТУСИТЕБ, ги поддржаа и поранешните средношколци кои ги искинаа дипломите пред зградата на приватното училиште „Јахја Кемал.“ Амбасадорката на Турција, Кара во една прилика нагласува дека со почит се сеќава на шехидите (загинатите) во неуспешниот обид за државен удар на 15 јули во Турција, зад кој стои терористичката организација ФЕТО и притоа истакнала дека: „Во оваа пригода би сакала да потенцирам дека веруваме во поддршката на Северна Македонија во насока на борбата против терористичките организации, на чело со ФЕТО, борба која со одлучност ќе ја продолжиме и во иднина.“[515]

Турскиот културен центар „Јонус Емре“ во Скопје, во Македонија функционира од 2010 година, кога официјално е отворен од страна на тогашниот министер за надворешни работи на Турција, проф. Д-р. Ахмет Давутоглу. Истиот е еден од првите отворени културни центри и во таа насока има организирано над

---

[512] Прославата се одржува од 2008 година. МАТУСИТЕБ е основан во 2003 година како еден заеднички закрилен сојуз на сите турски организации од граѓанскиот сектор.

[513] Види повеќе: Веб-страница на Призма. „Пучот го откри тивкиот идеолошки судир меѓу македонските Турци“. <https://prizma.mk/puchot-go-otkri-tivkiot-ideoloshki-sudir-megu-makedonskite-turtsi/>. 21.7.2016. [ Пристапено во април 2021]

[514] Ибрахим е еден од повеќетемина што се убедени дека зад Јахја Кемал стои некој друг, како што неколку пати потенцира, турскиот национален и религиозен душман, Фетула Ѓулен. Ибид.,

[515] Види повеќе: Веб-страница на ТРТ македонски. ТИКА приреди ифтар во Скопје. <https://www.trt.net.tr/makedonski/rieghion/2019/05/29/turskata-aghientsija-za-sorabotka-i-koordinatsija-tika-pririedi-iftar-vo-skopjie-1210513.29.05.20219>. [Пристапено во мај 2021]

50 активности за развој на односите меѓу Турција и Македонија од аспект на културата, уметноста, науката и културната дипломатија.[516]

Македонија има значително турско етничко малцинство коешто преку политички партии кои се во владината коалиција се обезбедуваат претставници на сите нивоа, од заменици до министри и градоначалници.

Партијата БЕСА (партијата на етничките Албанци во Македонија) којашто неодамна влезе во политичката арена во Македонија е поддржана од владејачката турска партија, АКП.[517] Целта на Ердоган беше да ја искористи БЕСА за да ги придобие заедниците што се сметаат за приврзаници за Ѓулен, со цел „освојувањето" на Исламската заедница на Македонија.[518] Како резултат на поделбата на партијата БЕСА на проалбански националисти и протурски конзервативци, АКП сега ја проширува својата стратегија кон отворање свои канцеларии во Македонија со припадници на турското малцинство и над 3 000 турски студенти кои живеат во Македонија кои ќе придонесат кон значително слабеење на постојните партии на турското малцинство.[519]

## 4.3. Економски односи помеѓу Република Македонија и Република Турција

Основата за развојот на полето на економијата помеѓу Република Македонија и Република Турција била поставена со Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција која била потпишана на 17 март 1994 година во Анкара, а стапила на сила на 3 април 1995 година.[520] Во рамките на овој договор била формирана и заедничка комисија во

[516] Веб-страница на Анадолу Агенција.„Институтот „Јонус Емре" во Скопје организира курсеви по турски јазик". <www.aa.com.tr/mk/балкан/институтот-јунус-емре-во-скопје-организира-курсеви-по-турски-јазик/1181501.> 21.6.2018.[Пристапено во мај 2021]
[517] Rey, Johannes D.,2018.pp.28.
[518] Ибид.,
[519] Ибид.,
[520] Турската економија на слободен пазар во најголем дел е водена од нејзината индустрија и сè повеќе од услужните сектори, иако нејзиниот традиционален земјоделски сектор сè уште сочинува околу 20% од вработеноста. Автомобилската, петрохемиската и електронската индустрија се зголемија и ги надминаа традиционалните сектори на текстил и облека во извозната структура на Турција. Турција е зависна од увозот на нафта и гас, но работи на создавање односи со голем број

која учествувале двете страни со цел да ги оценат и унапредат билатералните економски и трговски односи.

Понатаму, со цел да се заокружи правната рамка на билатералните, трговските и економските односи, Македонија и Турција потпишале голем број други договори меѓу кои и Договор меѓу Република Македонија и Република Турција за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал склучен на 16 јуни 1995 година во Анкара. Истата година на 17 јули 1995 година, бил склучен и Договор меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и заемна заштита на инвестициите.[521] Потоа, на 27 октомври 1997 година бил потпишан Меморандум за разбирање меѓу Република Македонија и Република Турција за трговијата со текстилни производи.

Фундаментална основа за билатералните трговски односи помеѓу двете земји претставува Договор за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција кој бил потпишан во Скопје на 7 септември 1999 година, во кој понатаму бил додаден Протокол 2 кон договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција кој бил склучен на 2 декември 2005 година.[522]

И покрај формирањето на турско–македонскиот деловен совет во 1995 година, економските односи помеѓу двете земји остануваат ограничени. Активностите на турските бизнисмени остануваат фокусирани единствено на трговијата.[523]

За време на посетата на министерот за надворешни работи на Македонија, Илинка Митрева во јули 2005 година, било утврдено дека се потребни нови

меѓународни партнери и презема чекори за зголемување употреба на енергија од сопствени извори, вклучително и обновливи извори, нуклеарна енергија и јаглен.

[521] Web page: Republic of Turkey – Ministry of economy “Macedonia“. <http://www.economy.gov.tr/index.cfm?sayfa=countriesandregions&country=MK&region=9.(Update date July 2020)>

[522] Ибид.,јули, 2020.

[523] Македонска стопанска комора на Македонија. <http://www.mchamber.org.mk/(S(j4w5tq45zk254pe5p0wkli45))/default.aspx?lId=1&mId=55&smId=9&cId=25733&evId=8120.03.12.2010>.

импулси за подобрување на недоволната економска соработка и трговска размена.[524]

Митрева, поттикнувајќи ги турските стопанственици да инвестираат во Македонија нагласила дека Македонија е вистинската дестинација за инвестиции, исто како што Турција е меѓу најбараните туристички дестинации во Македонија.[525] Претседателот на стопански комори на Турција, Зафер Чалајан нагласил дека Македонија е стабилна држава и партнер и притоа не постојат политички проблеми меѓу двете земји, но вкупните економски односи и трговскиот обем не се на очекуваното ниво.[526]

Во една прилика, за време на своето обраќање претседателот Иванов на свеченото отворање на Меѓународниот бизнис-форум на тема „Претприемачкиот дух е движечка сила за раст во економијата", во организација на Унијата на стопански комори и стокови берзи на Турција и Универзитетот за економија и технологија - ТОББ во Истанбул, особено ги нагласи традиционално добрите односи кои позитивно влијаат на зајакнувањето на економската соработка меѓу двете земји. Во овој контекст тој истакнал: „Знаејќи ги економските потенцијали на двете држави ценам дека досегашната севкупна економска соработка го нема достигнато посакуваното ниво."[527] Притоа, Иванов напомена дека за таа цел, Република Македонија и Република Турција вложуваат дополнителни напори на економски план за максимално користење на сите расположливи капацитети.

Самата цел на овој деловен совет е срекавање на стопанствениците во двете земји преку заеднички состаноци на високо ниво. Деловниот совет придава значење на банкарскиот сектор како и поттикнување на турските фирми да инвестираат во проекти од областа на туризмот, градежништвото и секторот за

---

[524] Како пример било посочено отворањето на турската агенција за меѓународен развој ТИКА и неодамнешното отворање на Рамстор од тускиот бизнисмен Коч.
[525] Салифоска, Фатима.,2014.стр,59.
[526] Чалајан укажал на тоа дека турски градежни фирми работат на разни објекти во Македонија, во тој период постоел интерес за инвестирање за енергетиката, земјоделството, туризмот и проектот Вардарска долина. Ибид.,стр.59.
[527] Говор на Преседателот Ѓорѓе Иванов.„Претприемачкиот дух е движечка сила за раст во економијата – ТОББ Интернационален бизнис - форум, Турција <http://www.president.gov.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/1640.html>.13.9.2012

преработка на храна. Во таа насока се одржале и состаноци за проектот за Вардарската долина која вклучува и изградба на брана за наводнување.

Слично на тоа, во 2008 година била основана и турско–македонската стопанска комора со цел да се развие и унапреди билатералната економска соработка меѓу бизнис-круговите во двете земји.[528]

Согласно последните годишни податоци на Државниот завод за статистика, 2019 година беше многу позитивна година за трговските односи помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија, со зголемување на вредноста на вкупната билатерална трговија, која достигна близу 540 милиони американски долари, или за 3,5% повеќе во однос на 2018 година.[529]

Вредноста на македонскиот извоз изнесуваше 87,2 милиони американски долари, што претставува намалување од 9,3% во споредба со 2018 година. Увозот од Турција достигна вредност од 452,7 милиони американски долари, со раст од 6,4% во споредба со 2018 година.[530]

Република Турција е значаен трговски партнер на Македонија и перманентно се наоѓа на листата на првите десет земји, а во 2019 година е осми трговски партнер со кој нашата држава има најголем обем на трговска размена и деловна соработка.[531]

---

[528] Web page: Republic of Turkey – Ministry of economy Macedonia”
<http://www.economy.gov.tr/index.cfm?sayfa=countriesandregions&country=MK&region=9.(Update July 2020)>

[529] Во 1992 година турската економија била поголема за речиси 62 пати, а во 2018 година за речиси 111 пати од македонската во 2018 година. Во 1992 година бруто-домашниот производ на Турција изнесувал 389 307 милиони американски долари, а во 2018 тој изнесувал 1 237 357 милиони американски долари. Со тоа турскиот БДП во 2018 година наспроти 1992 година се зголемил за 218% или во номинален износ за 848 050 милиони американски долари. Македонскиот БДП во износ од 11 240 милиони американски долари се зголемил во однос на 1992 година за 77,7% како релативен податок, додека, пак, во номинален износ истиот е зголемен за 4 916 милиони американски долари во однос на 1992 година кога изнесувал 6 324 милиони американски долари. Стопанска комора на Македонија „Потенцијалните можности за унапредување на стопанската соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција“. 2019. <https://www.mchamber.mk/upload/turcija-mk.pdf> стр.2.

[530] Ибид.,стр.2.

[531] Ибид.,стр.2.

Табела 1: Надворешно-трговска размена на Македонија

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна надворешно-трговска размена на Македонија со светот **(во милиони американски долари)** | 2.405 | 3.015 | 3.416 | 5.275 | 8.826 | 10.957 | 16.657 |
| Надворешно-трговска размена на Македонија со Турција **(во милиони американски долари)** | 50 | 73.8 | 62.7 | 160.2 | 312.6 | 396.4 | 539.9 |
| Учество на надворешно-трговската размена со Турција во вкупната надворешно-трговска размена на Македонија **(во %)** | 2,1 | 2,4 | 1,8 | 3 | 3,5 | 3,6 | 3,2 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Учеството на надворешно-трговската размената со Турција во вкупната размена на Македонија со светот од 2,1% во 1992 година, заклучно со 2019 година тоа процентуално учество изнесува 3,2% од вкупната надворешно-трговска размена на земјава, или во апсолутен износ изнесува 539,9 милиони американски долари и е за речиси 10 пати поголема во споредба со 1992 година.

Република Турција е многу значајна држава за македонскиот извоз и се вбројува во традиционално најважните пазари за Македонија. Во речиси сите години од осамостојувањето, извозот во Турција во континуитет се зголемува, а во 2019 година изнесува 87,2 милиони американски долари или учествува со минимални 1,2% од вкупниот извоз на земјава (Табела 2).

Табела 2: Извоз во Република Северна Македонија

| | 1992 | 1997 | 2000 | 2005 | 2010 | 2015 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен извоз од Македонија **(во милиони американски долари)** | 1.199 | 1.237 | 1.323 | 2.042 | 3.351 | 4.530 | 7.187 |
| Извоз на Македонија во Турција **(во милиони американски долари)** | 17.5 | 24.3 | 10.3 | 46.3 | 50.9 | 73.8 | 87.2 |
| Учество на извозот во Турција во вкупниот извоз во Македонија (во%) | 1,46 | 1,96 | 0,7 | 2,3 | 1,5 | 1,6 | 1,2 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Карактеристично, пак, за структурното учество на нашиот извоз е дека доминираат производите од пониско доходовните гранки, од кои најголем дел од текстилната, кожарската, плоснато валани и други полуготови производи од сродни индустрии. Во набљудуваниот период, вкупниот увоз на Македонија го карактеризира побрза динамика на раст од извозот што укажува на перманентен надворешно-трговски дефицит.[532]

Табела 3: Увоз во Република Северна Македонија

| | **1992** | **1997** | **2000** | **2005** | **2010** | **2015** | **2019** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен увоз од Македонија **(во милиони американски долари)** | 1.206 | 1.779 | 2.094 | 3.233 | 5.474 | 6.427 | 9.470 |
| Увоз на Македонија во Турција **(во милиони американски долари)** | 32.5 | 49.5 | 52.4 | 113.9 | 261.7 | 322.6 | 452.7 |
| Учество на увозот во Турција во вкупниот увоз во Македонија (во%) | 2,7 | 2,8 | 2,5 | 3,5 | 4,8 | 5 | 4,8 |

*Извор: Државен завод за статистика*

Надворешно-трговската размена на Македонија со Турција по правило, сите години резултира со дефицит на македонската страна, којшто од година до година варира по својата големина, а најголем е во 2019 година во износ од 365,5 милиони американски долари.[533]

Република Македонија е перспективен пазар за турските претприемачи. Уште од осамостојувањето на Република Македонија голем број турски компании дојдоа во земјата како инвеститори.

Според прегледот на состојбите на странските директни инвестиции – СДИ во земјава од Народна Банка на Република Северна Македонија, турските странски директни инвестиции се регистрирани во 1997 година во износ од 700 илјади евра. Во истата година, тие структурно учествувале со 0,5% во однос на вкупните инвестиции во земјава.

---

[532] Ибид.,стр.6.
[533] Ибид.,стр.6.

За периодот од 1997-2018 година, Турција има вкупно инвестирано 283,9 милиони евра и истите заклучно со 2018 година, учествуваат со 5,3% во вкупните странски директни инвестиции во државата што изнесуваат 5 307 милиони евра.

Турските директни инвестиции во Република Северна Македонија се концентрирани главно во градежништвото, банкарскиот и услужниот сектор, текстилот, сообраќајот, медицината и туризмот.[534]

Табела 4: Кумулиран износ на СДИ од Република Турција во Република Македонија, во милиони евра

| **Период** | **Турција** | **% на учество во вкупните СДИ во Република Македонија** |
|---|---|---|
| 1997 | 0,7 | 0,5 |
| 2000 | 16,1 | 2,8 |
| 2005 | 25,1 | 1,4 |
| 2010 | 48,3 | 1,5 |
| 2015 | 214,6 | 4,9 |
| 2018 | 283,9 | 5,3 |

*Извор: Народна Банка на Република Северна Македонија*

Како водечки турски инвестиции се истакнуваат: од банкарскиот сектор, „Халк банка“ која ја презеде „ИК банка“ (околу 22 милиони долари). Од изградбата, Меѓународниот аеродром Скопје од страна на „ТАВ“ (околу 100 милиони долари), приватниот здравствен сектор (Аџибадем Систина), понатаму станбени и деловни згради како Џевахир Холдинг, Лимак Холдинг, Коч, Pera Construction, Novatek, Tokar, Prodar, како и во делот на рударството Kürüm Холдинг.[535] Исто така, следните години „ТАВ“ ќе го гради аеродромот во Охрид.

Странските директни инвестиции како долгорочен извор и катализатор на економската активност секогаш беа и, по сè изгледа, ќе останат актуелна

[534] Ибид.,стр.2.
[535] Web page: Republic of Turkey/Ministry of Foreign Affairs “Relations between Turkey and Macedonia“ <http://www.mfa.gov.tr/relations-between-turkey-and-macedonia_.en.mfa>.(Пристапено во јули 2020)

проблематика во земјава. Економската соработка меѓу Македонија и Турција е интензивна и активна во повеќе сегменти, а посебно во однос на СДИ.

Меѓусебна стратегија за поддршка на компаниите при нивни заеднички настапи за учество на пазарите во Кавказ, Блискиот Исток и Северна Африка, било договорено од страна на копретседавачите на деловниот совет во Истанбул, Бранко Азески и Хасан Хошпен. Исто така, предвидено е заедничко учество на саеми за македонските компании кои учествуваат во турскиот бизнис.

Во поглед на интересот на турските бизнисмени за инвестирање во Македонија, постои отворена критика, лоцирајќи го главниот проблем, бавните бирократски процедури во Македонија. Тие објаснуваат дека откако ќе отворат фирма и ќе вработат луѓе во земјава, морале да се враќаат назад во Турција по работна дозвола. Од друга страна, Којтим Усеини, бизнисмен од Македонија истакнал: „Турските бизнисмени инвестирањето во Македонија го сметаат за безбедно, но сметаат исто така, дека вистинскиот економски бум од турскиот капитал ќе се случи кога Македонија ќе влезе во НАТО.“[536] За турските бизнисмени, најинтересни за инвестирање се прехранбената и текстилната индустрија и градежништвото. Посебен потенцијал гледаат во туризмот, поради тоа што имало многу заинтересирани турски бизнисмени кои сакаат да го посетат родното место на основачот на турската модерна држава Кемал Ататурк.

Од тие причини, во една прилика турскиот конзул во Македонија, Абдураим Бајрактар, истакнал: „Во последните неколку години, турската економија забрзано се разви, Турција сака да биде присутна на Балканот. Македонија е добро место за Турција да ја прошири продажбата на своите производи. Македонија треба да ја искористи моќта на турската економија.“[537]

Есфер Алији[538] истакнал: „Иако растот на СДИ од Република Турција и трговската соработка бележат значаен тренд на раст во последната декада, сепак забележуваме дека сè уште има сектори и сегменти во македонската економија каде што постојниот потенцијал за соработка не е искористен, што преставува

[536] Салифоска, Фатима.,2014.,стр.61.
[537]Ибид.,стр.61.
[538] Есфер Алији е главен финансиски и административен директор во „Џевахир Холдинг“.

солидна основа за понатамошни анализи и истражувања.“[539] Според неговото истражување, СДИ во државава иако имаат нагорен тренд, сè уште се многу мали и имаат мало учество во формирањето на бруто-домашниот производ (БДП). Во периодот 2003-2017, просечно годишно учество на странските директни инвестиции во БДП изнесува околу 3,62 отсто.[540]

Македонија, исто така, е вклучена во проектот Исток–Запад коридорот, кој што ја вклучува и Турција.[541] Овој проект е започнат уште во октомври 1995 година и има за цел да ги поврзе Истанбул и пристаништето во Драч, Албанија, автопат долг 680 км кој ќе поминува и низ Скопје, Софија и Варна. Со овој автопат ќе биде воспоставена директна поврзаност меѓу Истанбул - Јадранско Море, што ќе овозможи полесен извоз на стоки од Турција кон овие пазари при што, Македонија како земја без излез на море, ќе има пристап до двете мориња, а со тоа ќе се намали важноста на пристаништето во Солун, Грција.[542]

Во зимата 1993 година Грција го блокира снабдувањето на Македонија со нафта од пристаништето во Солун, задржувајќи танкер со нафта кој на Македонија би ѝ бил доволен за цели три месеци. Тоа создаде политичка и економска нестабилност во Македонија, која беше принудена да се снабдува со нафта преку Бугарија и Турција.[543] Значајно е да се истакне дека Турција помогна да се исплати долгот кон Светската банка со испраќање нафта и хуманитарна помош за време на периодот кога Грција ѝ стави ембарго на нашата земја.[544]

---

[539]Алији, Есфер.„Странските директни инвестиции од Република Турција и социо-економскиот развој на Република Македонија“.Гостивар, 2019

[540] Ибид.,

[541] Аналитичарите се едногласни дека паневропскиот коридор број 10, кој ќе ги поврзува земјите од Балканот со останатиот дел од Европа, ќе командува со економското внимание на Турција. Левото крило на коридорот ќе обезбеди транспортна врска помеѓу Турција и Балканот, како и помеѓу Турција и ЕУ.Талески,Мишко „Подемот на Турција на Балканот“. <http://www.setimes.com/cocoon/setimes/xhtml/mk/features/setimes/articles/2011/07/11/reportage-01.> 11.7.2011.

[542] Во последната деценија, Турција има инвестирано околу 80 милијарди евра во инфраструктурни проекти како што се мостови, автопатишта, тунели, железници и аеродроми. До 2023 година, Турција планира да инвестира околу 57 милијарди евра во инфраструктурни проекти. Ова ќе помогне да се консолидира позицијата на Турција како важен транспортен центар во регионот.

[543] Костовска, Валентина, Меѓународните односи и надворешната политика на Република Македонија (1991-2005) – докторска теза, Филозофски факултет – Скопје, УКИМ.2008. стр.144.

[544]Adiyaman, Seyma.,“Turkey-Macedonia Relations“.Bilgesam:Istanbul, 19.3.2012,pp.7.

Продлабочувањето на економската соработка помеѓу Македонија и Турција е одлична можност од чија реализација корист би имале двете земји, а притоа, важна поткрепа дава одличната политичка соработка помеѓу двете земји.

Унапредувањето на економската соработка помеѓу двете земји е од особено значење за развојот на поширокиот регион на Југоисточна Европа, како дел во кој припаѓаме, каде што постои голем потенцијал за интензивирање и продлабочување на досегашната соработка меѓу бизнис-заедниците, особено во иновациите, образованието, новите технологии и подобрувањето на услугите и производите за полесен пристап на трети пазари. Според анализата од Стопанска комора на Македонија, потенцијал за соработка помеѓу двете земји има во металниот и во електро-секторот, енергетиката, градежништвото, хемиската индустрија, фармацијата, туризмот. Меѓусебното поврзување, размена на искуства, контакти, заедничко инвестирање, со цел создавање производи со повисока додадена вредност, ќе овозможат повисок раст и развој на двете економии.

Ова поглавје ни покажа дека силните политички односи се надополнуваат со економски и трговски врски, но степенот на соработка е на значително пониско ниво во однос на помошта и поддршката на политички план. Јасна е диференцијацијата и предноста на ЕУ-членките во однос на Турција кога станува збор за надворешно–трговската размена и странските директни инвестиции.

## 4.4. Воени односи помеѓу Република Македонија и Република Турција

*„Како самостојна земја (бидејќи ЈНА го однесе сето оружје од Македонија), ние треба од почеток да создаваме своја армија, да обезбедиме цивилна управа со армијата, да изградиме мала доброопремена армија, со професионалци... Како мала земја, со мала армија, во ваков свет, особено на Балканот, ние не можеме да се одбраниме сами. Затоа ќе мораме да се приклучиме кон онаа, сега единствена сила во светот, која се вика НАТО, само доколку се ориентираме нашата армија да функционира по стандардите на НАТО-алијансата, со цел што побрзо да станеме нејзина членка.“* [545]

[545] Глигоров, Киро.,„Македонија е сè што имаме“.Три - Скопје, стр.542.

Приврзаноста на Македонија кон идејата за европската соработка во сите области, вклучувајќи ја и безбедносната компонента, беше една од основните определби на оваа држава уште од првите денови на нејзината независност.[546] Слично на тоа, определбата за соработка и постапно пристапување на Македонија кон НАТО-алијансата.[547] Патот на приближување кон Алијансата, од разбирливи причини, беше поврзан со воспоставувањето и унапредувањето на односите на земјата со земјите членки на НАТО, а особено со САД, како на сите полиња, така и посебно на воено–безбедносен план.[548]

Зајакнувајќи ги врските со една членка на НАТО како што е Република Турција, придонесува кон однос кој ѝ овозможува од една страна на Турција да го задржи влијанието на Балканот, но од друга страна, продлабочување на своите врски во Македонија преку инвестирање и соработка во одбраната. Како почеток на воените односи помеѓу Македонија и Турција, на 18 мај 1992 година во Анкара, бил потпишан „Протокол за безбедност."[549]

Во овој контекст, соработката во оваа област започнала со посета на Шефот на Генерал штабот на Македонија во Турција во јуни 1993 година, како и со официјалната посета на министерот за одбрана на Република Македонија, Владо Поповски, на Анкара од 9–12 ноември 1993 година.[550] При оваа средба турскиот министер Ѓолхан истакнал дека на состанокот на највисоко ниво на НАТО, предупредил на опасноста од дестабилизација на Македонија додавајќи дека ако ѝ се случи нешто на Македонија ќе се наруши мирот. Турција е за мир, но нема да дозволи загрозување на интегритетот на Македонија![551] На оваа средба

546 Тунтев, Ахил.2005.,стр.202.

547 На 27 март 2020 година, Република Северна Македонија стана триесетта земја членка на Алијансата. Со тоа, се реализира еден од трите стратешки приоритети на надворешната политика на земјата, околу кој беше изграден најширок политички консензус, проследен со силна поддршка од граѓаните во земјата. Веб-страница на Министерство за надворешни работи на Република Северна Македонија. <https://www.mfa.gov.mk/mk/page/7/nato-chlenstvo>. [Пристапено во јануари 2021]

548 Ибид.,стр.211.

549 Adiyaman, Seyma.”Turkey-Macedonia Relations“.Bilgesam:Istanbul,19.3.2012,pp.5.

550 За време на оваа посета министерот Поповски имал средби со турскиот министер за одбрана Мехмет Ѓолхан и со началникот на Генералштабот Доган Ѓуреш, како и прием кај потпретседателот на Владата Мурат Карајалчин.

551 Петровски, Трајан. „Бев амбасадор на две држави" (Анадолски дипломатски летопис).Скопје: Макавеј, 2008, стр.352.

претставниците на Турција одговориле дека не можат да одговорат позитивно на македонските барања за оружје и опрема, поради забраната од Резолуцијата на Советот за безбедност.

Како и да е, помошта за воени обуки се регулира во согласност со „Договор за соработка при воени обуки“, потпишан во 1994 година. Истата година, Република Турција била прва држава која ѝ испратила помош за воена опрема на Република Македонија и со тоа овозможила одбранбената моќ на Армијата на Република Македонија да се зголеми, особено на декларираните единици на АРМ и логистичкиот баталјон на првата пешадиска бригада, која во целост е опремена од Турција. Понатаму, преговорите во оваа област особено се забрзале, па така биле потпишани неколку договори.

Имено, прво воено аташе што пристигнало во Македонија во 1994 година било од Република Турција, додека, пак, Република Македонија две години подоцна, испратила свое воено аташе во Република Турција.

Во април 1995 година, бил потпишан „Договор за индустриска и техничка соработка во областа на одбраната“, којшто ја поставил правната основа за оваа соработка.[552]

Слично на тоа, три месеци подоцна бил потпишан Документ за заедничка комплементарна сигурност и мерки за градење сигурност, кој бил наречен „Скопје документ.“[553] Овој документ предвидувал размена на воени експерти, набљудувачи за воени активности и заеднички воени вежби. Исто така, Договор за обука на македонски воени пилоти бил потпишан во март 1996 година.[554] Така, првите набљудувачи на воени вежби биле упатени во Република Турција.

Од 1998 година, најмалку 82 члена од македонскиот воен персонал добиле долгорочна воена обука во неколку воени училишта во Турција, како што е Воената академија и воено медицинската академија. Освен тоа, биле

[552] Овој договор стапил на сила откако било укинато ембаргото за оружје. Gangloff, Sylvie. “The relations between Turkey and Macedonia: The incoherencies of a political partnership“. Istanbul: French Anatolian Research Institute,Turkish Review of Balkan studies, No. 6,2001,pp. 37-56.
[553] Ибид.,
[554] Ибид.,

организирани и краткорочни курсеви за околу 550 лица преку Партнерството за мир и Центарот за одбрана од тероризам.

Имено, во јули 1998 година официјална посета на Анкара имал министерот за одбрана на Македонија, Лазар Китаноски каде што уште еднаш биле потврдени одличните односи помеѓу двете земји и добрата воена соработка. На средбите со претседателот Демирел и премиерот Јилмаз, главна тема на разговорите биле косовската криза, опасностите за Македонија и регионот каде што била истакната нивната поддршка за Македонија.[555]

Во истиот контекст, за време на посетата на претседателот Сулејман Демирел на Република Македонија во октомври 1998 година била усвоена посебна изјава во врска со Косово, при што било потврдено дека Турција е подготвена за воена интервенција во рамките на НАТО.[556] Продлабочување на воените односи помеѓу двете земји бил и пристапот на 3 500 мултинационални НАТО војници во Македонија на 17 август 2001 година, со цел разоружување на албанските милитанти, по прекинот на огнот помеѓу македонската Влада и албанските вооружени групи.[557]

Во април 2003 година, министерот за одбрана Владо Бучковски остварил официјална посета на Турција. За време на оваа посета тој имал средби со неговиот колега Веџди Ѓонул, каде што имал разговори за билатералната соработка, посебно поширока техничка поддршка на македонската армија.[558] Република Турција е еден од најзначајните партнери кој континуирано помага во изградбата на капацитетите, притоа повеќе од 600 офицери и подофицери на АРМ посетиле различни видови обуки и курсеви во земјата.

Во текот на 2005 година била остварена еднонеделна посета на делегација на АРМ на Армијата на Република Турција. Работната посета се однесувала на регулирање на размена на старешини (офицери и подофицери) за наизменично користење на годишните одмори во одморалиштата во Македонија и Турција, т.е.

---

[555] Петровски,Трајан.,2008, стр.559.
[556] Ибид., стр.570.
[557] Adiyaman, Seyma.,2012,pp.5.
[558] Салифоска, Фатима.,2014,стр.53.

социјализација помеѓу припадниците на двете армии.[559] Во рамките на посетата биле остварени средби со високата делегација на армијата на Република Турција во Истанбул, Анкара и Аксаз. Преговорите се одвивале на највисоко ниво на генералштабот на Република Турција, со генералот Мехмет Таш.[560] Делегацијата од Република Македонија ја предводел началникот Миле Алексоски со уште два потполковника од логистика и Г1.[561]

Според началникот Миле Алексоски, армиските старешини во Република Турција имаат исклучително високо мислење и почитување на старешините во Република Македонија. Генералската школа во Турција е една од најпосетените од страна на генералските функции во Република Македонија (команданти на старешински единици, високи штабни функции итн.). Според него, значајно е да се напомене и едукацијата на аташеата во испраќањето во мисиите во странските земји.[562]

На 24 декември 2010 година во Скопје, бил потпишан договор помеѓу Република Македонија и Република Турција за воено–финансиска соработка. Со овој договор се предвидувало Турција да ѝ донира на Република Македонија воена помош по избор во износ од околу милион американски долари. Исто така, при посетата од страна на министерот за одбрана на Република Турција, Веџди Ѓонул во Техничкиот ремонтен центар во Скопје, била предадена донација за потребите на АРМ во вредност од околу 253 000 американски долари. Ѓонул, по потпишувањето на договорот истакнал дека и покрај тоа што Турција и Македонија немаат заедничка граница, турскиот народ ја чувствува Македонија како најдобар сосед. Во рамките на неговото излагање тој особено нагласил дека: „Турција не е само првата земја која ја признала Македонија и прва која испратила амбасадор во државата туку истата ја признa со нејзиното 1 000–годишно

[559] Интервју со Миле Алексоски, водич на преговарачкиот тим на посетата. Началник на Г-5, цивилно воени односи при ГШ на АРМ. 05.05.2021.
[560] Генералот Мехмет Таш (Г1), предходно ја извршувал функцијата прв воен аташе на армијата на Република Турција во Република Македонија
[561] Посетата се покажала како искучително успешна при што од 2006 година на неколку наврати офицери на двете армии оствариле посети на одморалиштата во Охрид ( Македонија ) и Аксаз (Турција). Сите офицери имале процедура на аплицирање при што биле избирани најдобрите старешини за учество на размените.
[562] 05.05.2021 Интервју со Миле Алексоски, водич на преговарачкиот тим на посетата. Началник на Г-5, цивилно воени односи при ГШ на АРМ.

историско минато, а не со некоја кратенка.“[563] Потпишувањето на овој договор претставува чекор напред за воспоставување соработка на повисоко ниво на веќе постојаната извонредна соработка меѓу двете земји, било да се работи за воена обука или за соработка на полето на одбраната, а особено на полето на одбранбената индустрија.

Поранешниот министерот за одбрана на Македонија, Зоран Коњановски во една прилика истакнал: „Турција е еден од најсилните партнери кои ѝ даваат поддршка на нашата земја на патот кон Алијансата“... „нашата цел е што поскоро да станеме дел од НАТО, а за тоа ни требаат пријатели.“[564]

Во декември 2012 година, донацијата од седум лесни возила „ленд ровер“ и едно лесно оклопно возило „Кобра“, со вкупна вредност од околу 700 000 американски долари (530 000 евра) го заокружи турското инвестирање во македонската армија на 18 милиони американски долари (13,6 милиони евра) неповратни средства од 1998 година. Слично на тоа, Турција помогна во обуката на десетици припадници на македонската армија од 1998 година. За таа цел поранешниот министерот за одбрана на Република Македонија, Фатмир Бесими изјавил „нашето пријателство е пример за тоа како да се соработува во регионот.“[565]

Своевремено, амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, Гурол Сокменсуер, рекол дека соработката ќе продолжи со фокус на работењето во насока на членството на Македонија во НАТО. За таа цел, Сокменсуер нагласил: „Армијата на Република Македонија, која успешно учествуваше во некои од активностите во рамките на мировните сили на ОН, ќе се зајакне уште повеќе и за кратко време ќе постигне значајни резултати на патот кон полноправното членство во НАТО кое го заслужи уште одамна.[566] Турција и понатаму е главен поддржувач на приемот на Република Македонија во НАТО.

Од почетокот на 2013 година амбасадата на Република Турција во Република Македонија е НАТО-контакт амбасада и тоа е особено значајно поради

[563] Салифоска, Фатима.,2014,стр.54.
[564] Ибид.,стр.55.
[565] Ибид.,
[566] Ибид.,

континуираната поддршка од страна на Турција во процесот на интеграција на земјава во НАТО. На средбата помеѓу министерот за одбрана на Република Македонија, Талат Џафери и Министерот за национална одбрана на Република Турција, Исмет Јилмаз што се одржа во мај 2013 година во Турција, беше уште еднаш потврдено дека соработката на полето на одбраната помеѓу двете земји е одлична и претставува пример за соработка во регионот.[567]

Во овој контекст, во октомври 2014 година во Министерството за одбрана беше извршено примопредавање на нова воено маскирна униформа и по 5 000 зимски и летни чизми за АРМ, турска донација во вредност од два милиони американски долари, со висок квалитет и целосно компатибилна со стандардите на НАТО. При оваа прилика, министерот за одбрана Зоран Јолевски истакнува дека оваа опрема ќе биде распоредена во единиците на АРМ согласно потребите и ќе даде значителен придонес во интендантското опремување и модернизација на АРМ. Исто така, амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, Омур Шолендил, истакна дека односите во полето на одбраната се едни од најнапредните во рамки на билатералните односи меѓу двете земји. Република Турција со својата увереност дека Република Македонија во срцето на Балканот, претставува клучна земја за мирот и просперитетот на регионот, силно ја поддржува територијалната целовитост и политичко единство и сè повеќе во секоја платформа, ја јакне поддршката кон зачленувањето на Македонија во евроатлантските структури.[568] Донацијата со вкупна вредност од 2 милиони долари, претставува продолжение на севкупните донации од Република Турција, чија вредност изнесува околу 20 милиони американски долари до тој период.[569]

Во мај 2015 година, министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски, присуствуваше на Меѓународниот саем за одбранбена индустрија

---

[567] Веб-страница на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија. „Пријателски односи и исклучителна соработка помеѓу Република Македонија и Република Турција“.<http://www.mod.gov.mk/?mainnews=21816&lang=mk.8.5.2013.

[568] Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.„Турска донација за АРМ, маскирана униформа и чизми во вредност од два милиона американски долари“. <https://vlada.mk/node/9590>.28.10.2014.

[569] Веб-страница на Армија на Република Северна Македонија. „АРМ прими донација од Република Турција вредна 2 милиони долари“.<http://www.arm.mil.mk/generalshtab-na-arm/arm-primi-donacija-od-republika-turcija-vredna-2-milioni-dolari/>.28.10.2014.

„ИДЕФ 15" во Истанбул, Република Турција, кој се одржува под покровителство и поддршка од Министерство за национална одбрана на Република Турција.[570] За време на оваа посета министерот Јолевски изрази благодарност за континуираната обука и школување на офицери, подофицери, професионални војници и питомци во Воените академии на Република Турција и додаде дека оваа обука е многу значајна за развојот на нашите припадници на Армијата на Република Македонија.[571] Во оваа прилика министерот Јолевски му порача на командантот Абдулах Рецеп дека: „Образованието на идните офицери на АРМ, како и перманентната обука на офицерскиот и подофицерскиот кадар е високо на мојата агенда. Искуствата од турските воени школи високо ги ценам."[572] Командантот на Воени академии, армискиот генерал Абдулах Рецеп, истакна: „Нашите народи имаат историска поврзаност и иста е причината за нашата поддршка за членство на Република Македонија во НАТО."[573]

При посетата на министерот за одбрана на Република Турција, Хулуси Акар во април 2019 година, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, изрази благодарност за постојаната и искрена поддршка на Република Турција во остварувањето на стратешките цели на нашата земја - членството во НАТО и ЕУ.[574] Тој посебно ја издвои соработката на планот на

---

[570] Посетата беше искористена за средби со Министерот за национална одбрана на Република Турција, Исмет Јилмаз, Началникот на Турските воени сили, генерал Нецдет Озел, посета на Командата на воените академии на Република Турција, како и за средби со други министри и високи гости кои ќе присуствуваат на саемот. Во рамките на неговата посета на Република Турција, Министерот за одбрана на Република Македонија ги посети Воените академии на Република Турција при што оствари средба со командантот на Воените академии, армискиот генерал Абдулах Рецеп. За време на средбата се разговараше за развојот на образованието помеѓу високо образовните школи, односно за унапредување на соработката особено на втор и трет циклус на студии. Со цел поголемо ниво на размена на студенти, министерот Јолевски пренесе дека од идната година на Воената академија ќе има постдипломски студии на англиски јазик и предложи дека е добро да се разгледа можноста за размена на професорски кадар кои би предавале на Воените академии во Македонија и Турција. Воедно стана збор за заеднички истражувања на докторанти од третиот циклус студии.

[571] Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.„Министерот Јолевски во посета на Турција". <https://vlada.mk/node/10471>15.05.2015.

[572] Ибид.,

[573] Ибид.,

[574] Исто така министерот за одбрана Хулуси Акар, оствари средби со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери; заменичка на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска, претседателот и

одбранбените и безбедносните прашања и политики за кои со Турција делиме заеднички пристап во однос на глобалните безбедносни закани.[575] „Турција е земјата со која имаме долгогодишна соработка меѓу Министерствата за одбрана и меѓу армиите на двете земји. Од огромна важност и значење се остварените обуки, логистиката и материјалната поддршка што ја добиваме од оваа соработка. Особено, заради подигањето на стандардите на нашите војници и армија соодветно на стандардите на НАТО," рече премиерот Заев на средбата со министерот за одбрана на Турција, Хулуси Акар.[576] Министерот Акар на средбата ја нагласи долгата заедничка историја на добри односи меѓу двете земји и изрази честитки за напредокот на нашата земја во евроатлантските процеси, потенцираше дека членството во овие сојузи на Република Северна Македонија е само прашање на време, и истакна дека Турција и натаму останува искрен и силен партнер.[577]

Република Северна Македонија е особено активна кога станува збор за учество во меѓународните мировни мисии во глобални рамки. Исто така во обид за унапредување на регионалната доверба и евроатланската интеграција, Македонија продолжува со напорите за зајакнување на воената соработка со другите земји во Југоисточна Европа. Процесот за соработка помеѓу министрите од Југоисточна Европа (СЕДМ) бил формиран во 1996 година со цел подобрување на соработката на земјите од регионот и подобрување на безбедноста и стабилноста во Југоисточна Европа, искажувајќи го огромното регионално и меѓународно значење. Членки на СЕДМ се Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грција, Италија, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија, Словенија, Турција, Украина и САД.[578] Зголемувањето на бројот на членови и набљудувачи во овој процес од своето основање до денес, е основен показател за

---

заменик-претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност, Хари Локвенец и Илија Николовски.

575 Ибид.,

576 Веб-страница на Влада на Република Северна Македонија.„Премиерот Заев го прими министерот за одбрана на Турција, Акар: <https://vlada.mk/node/17359>.3.4.2019.

577 Ибид.,

578 Web page. Ministry of Foreign affairs of Republic of Turkey. <http://www.mfa.gov.tr/iv-european-security-and-defence-identity_policy-_esdi_p_.en.mfa> (пристапено во јануари 2014)

интересот на земјите да бидат дел од тоа.[579] Како дел од СЕДМ се спроведени повеќе активности и тоа меѓусебно поврзување на воени болници, соработка за време на природни катастрофи, безбедност на границите, борба против тероризмот и соработка во областа на одбранбената индустрија.

Освен СЕДМ-иницијативата, едно од најголемите и конкретните достигнувања на земјите од Југоисточна Европа во делот на одбраната е формирањето Бригадата за мултинационални сили на Југоисточна Европа (СЕЕБРИГ).[580] Мултинационалната бригада е составена од седум земји засега кои учествуваат со свои декларирани единици.[581]

Последново поглавје на еклатантен и лаконски начин ја покажува виталната заинтересираност на Турција за помош и поддршка на македонскиот воено–безбедносен сектор. Македонската армија и безбедносниот апарат им должат исклучително заслуга на турската асистенција, обука, унапредување и оспособување. Можеме категорички да заклучиме дека полето на одбраната и безбедноста е најсилна компонента во македонско–турските релации. Стратешката цел на Република Турција е непосредно операционализирана со конкретни проекти и активности кон македонската армија и безбедносниот сектор. Три компоненти во таа насока би ги издвоиле како елементарни: прво, поддршка во воена опрема, второ, поддршка во обука на офицерскиот кадар и конечно, безрезервна поддршка за македонските НАТО-интеграции.

---

[579] Молдовија и Грузија се набљудувачи во СЕДМ процесот.

[580]СЕЕБРИГ била формирана во 1998 година за поддршка на мировните и хуманитарни операции спроведени од страна на НАТО или на ЕУ под покривителство на ОН или ОБСЕ.

[581]Учесници во СЕЕБРИГ се: Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Романија, Македонија и Турција.

## ЗАКЛУЧОК

Докторскиот труд *„Цивилизациските темели на геополитиката на Балканот низ призмата на македонско-турските односи*“ се состои од вовед и четири различни тематски глави. Тој ги анализира цивилизациските темели на геополитиката на Балканот низ призмата на односите помеѓу Република Македонија и Република Турција, од самиот почеток на формирање на Отоманската Империја, па сè до преименувањето на државата во Република Северна Македонија на почетокот на 2019 година.

На самиот почеток во воведот најпрво беше формулиран проблемот на истражување, беше поставен предметот на истражување, беше дефинирана хипотезата и беа дадени главните методи кои беа употребени при ова истражување. Хипотезата околу која беше поставено ова истражување е дека континуитетот на добрите македонско-турски односи во минатото влијае врз одржувањето, продлабочувањето и степенот на развивањето и динамиката на билатералните односи помеѓу двете земји. Понатаму во овој дел беше образложена целта на ова истражување, како и нејзината оправданост поради што оваа тема е значајна за понатамошно истражување.

Во првата глава беше дадена *Теоретска рамка* каде што беше дефинирана целта и значењето на поимот на цивилизациите низ историјата и нивниот придонес во развојот на целокупното општество. Посебен акцент во овој дел беше ставен на анализа на книгата „Судирот на цивилизациите“ од 1997 година на Хантингтон каде што се аргументира дека националните држави остануваат главни актери во светските збиднувања и нивното однесување денес, како и во минатото, го обликувале тежнеењето кон моќ и кон материјално богатство, но и културолошките преференци, заеднички нешта и разлики. Со тоа укажува дека идните поделби и судири не се од идеолошка и економска природа, туку од културна/цивилизациска. Во овој нов свет, според Хантингтон локалната политика е политика на етничката припадност, а глобалната политика е политика на цивилизациите. Во својата теза Хантингтон ја дефинирал Република Турција како растргната земја (torn country) која сака да излезе од цивилизациските рамки во кои припаѓа, но која, исто така, е одбиена од цивилизациската рамка во која

сака да влезе. Сите научни концепти, вклучувајќи го и поимот „геополитика“ имаат историско и географско потекло. Во овој дел беше дадена дефиниција на поимот геополитика и како таа е дефинирана од голем број теоретичари низ историјата. Од целосната анализа се заклучи дека геополитиката се појавувала во зависност од различните прилики во кои се наоѓал светскиот поредок, а интересот на академската заедница се зголемил во периодот по Студената војна. Во овој докторски труд, беше дефинирана геополитичката важност на Република Турција како земја којашто е нераскинлив дел од Балканот поради географската положба и поради своите корени кои ги влече од испреплетувањето на историските настани, засновани врз османлиското наследство. Со други зборови, основата на блиските односи и политичкото влијание на Турција на Балканот не ја сочинуваат само муслиманските заедници кои се оставина на Османлиите туку и сите други културолошки и историски фактори. Според Булент Еџевит, (цит) *„постојат повеќе фактори кои го одредуваат местото на Турција на Балканот. Низ историјата Турците биле ориентирани кон Запад, а Балканот е излез на тој пат. Турција е повеќе Балканска отколку блискоисточна земја. Во Турција има голем број емигранти од Балканот, а во балканските земји живее бројно турско малцинство.“*[582]

Втората глава се однесува на *Историскиот континуитет на Република Турција и нејзината меѓународна положба* каде што беше опфатен базичен осврт на историскиот развој на Отоманска Империја која одржувајќи се речиси 600 години, не само што била една од најмоќните империи во историјата на Медитеранскиот регион туку исто така придонесувала за заживување на исламската уметност, архитектура и литература на овие простори. Таа била империја инспирирана и одржувана од исламот и исламските институции и претставувала пример за совршено организирана империја која ја обележала светската историја.

Во овој дел беше дадена детална анализа на организацијата на самата Империја, воспоставувањето на власта на Балканот проследена со Младотурското

[582] Салифоска, Фатима.,2014.,стр.72.

движење, па сѐ до формирањето на модерната турска држава, како и масовните отселувања на Турците од Балканот. Исто така значајно внимание е посветено на Империјата како и на нејзиниот придонес во развојот на Балканот, пред сѐ од аспект на инклузијата на различните верски, етнички и социјално ранливи групи. Со тоа, во оваа глава беше извршена анализа на милет-системот со кој Отоманските владатели ги организирале религиозните и етничките групи кои ја сочинувале Империјата и притоа уживале права и привилегии. Сфаќањето на социо-културните карактеристики на националниот систем на Балканот ни го овозможува проучувањето на милет-системот. Овој систем е актуелен и денес во државите каде што има повеќе етнички заедници, иако станал сериозна пречка при обидите на државата да ги интегрира сите поданици во едно заедничко општество, со самото тоа што ја овозможувал поделбата на отоманското општество по верска основа, а подоцна и по етничка. Од една страна османлискиот милет систем одиграл позитивна улога во зачувувањето на верскиот и јазичниот идентитет на немуслиманското население. Од друга страна пак, милет-системот во XIX век одиграл негативна улога за самата Отоманската Империја, придонесувајќи за нејзиното распаѓање. Освен тоа, во овој дел беше разгледано шеријатското право врз чија основа бил изграден законодавно-правниот систем на Отоманската Империја. Тој го покривал целото поле на религиозни верувања, но и на практиката, политиката, правото, културата, но и принципите и начелата коишто владееле во општеството.

По формирањето на Република Турција во 1923 година, надворешната политика на Балканот се спроведувала со склучување билатерални и мултиратерални договори со балканските држави кои станале основа за потпишување договор за многустрана соработка на Балканот. Република Северна Македонија во тој период била дел од Југославија. Како најзначаен договор означувал Балканскиот пакт којшто официјално бил потпишан на 9 февруари 1934 година во Атина од страна на Турција, Грција, Романија и Југославија со кој договорните страни го гарантирале почитувањето на постоечките договорени задолженија и поддржувањето на територијалниот ред, воспоставен на Балканот.

Посебен акцент во оваа глава беше ставен на имиграцијата на населението кој бил единствен интерес на турската надворешна политика за Балканот во тој период за чија цел, била донесена Конвенција за иселување на муслиманското население на 11 јули 1938 година. Освен тоа, во Народна Република Македонија бил донесен Закон за носење зар и фереџе што предизвикал незадоволство помеѓу муслиманите. Како резултат на тоа, интензивното отселување од Македонија започнало во 1954 година при што биле отселени вкупно 200 000 Турци.

Третата глава *Билатерални односи помеѓу Република Македонија и Република Турција од 1991 до 2019 година,* беше поделена на неколку сегменти, од кои на самиот почеток беше прикажана геостратешката положба на Турција по Студента војна и политиката на Балканот која е усогласена со распаѓањето на Југославија и формирањето нови држави. Турската надворешна политика по Студената војна се карактеризира со помагање на турско-муслиманското население во Босна и Херцеговина, Македонија, Косово и областа Санџак, иако на самиот почеток ја поддржувала територијалната целовитост на Југославија. Положбата на Турција како историските и културно-религиозните врски со балканските народи биле основна особина и важна стратешка предност за многустрана политика од нејзина страна.

Во оваа глава прикажан беше и процесот на признавање на Република Македонија во меѓународните односи каде што станува нов субјект и се соочи со голем број предизвици на внатрешен и на меѓународен план. Процесот на признавање на Република Македонија започнува во 1992 година, а со приемот на нашата држава во членство на ООН се акцелерираше процесот на меѓународно признавање на земјата.

Имајќи го предвид фактот што Република Македонија беше нова држава во меѓународните односи, на 6 февруари 1992 година Република Турција официјално ја призна Република Македонија под нејзиното уставно име и истата година воспостави дипломатски односи со земјата. Особено е значајна улогата на Република Турција во меѓународното признавање на Република Македонија и зачувувањето на нејзиниот територијален интегритет, изразена со силна поддршка во сите меѓународни сфери, особено во евроатланските интеграции на

земјата. Турските лидери не ја испуштале можноста во секоја прилика да потсетат дека тие се едни од првите кои ја имаат признаено независноста на Република Македонија и тоа под нејзиното уставно име.

Последниот дел од оваа глава нуди хронолошки приказ на актуелните случувања во периодот од 1990 година, па сè до 2019 година и продлабочување на целиот труд со детали во најголем дел од меѓусебните официјални средби на високо ниво кои се оствариле помеѓу двете држави, а вооедно биле потпишани голем број билатерални договори. Во одредени делови од трудот беа понудени некои незабележани официјални средби на кои во тој момент не им било обрнато особено внимание, а тие нуделе нови сознанија за развојот на односите помеѓу двете земји. Исто така, значајно е да се напомене дека изјавите кои биле изречени од страна на лидерите на двете земји биле секогаш исклучително пријателски, истовремено надополнети со одличните билатерални односи.

Посебен осврт и посебен акцент во целиот труд се даде на последната четврта глава *Геостратешко влијание на Република Турција во Република Северна Македонија*. Со воспоставувањето на дипломатските односи помеѓу Република Македонија и Република Турција, билатералните односи во изминатите години ги карактеризира силната политичка, економска и воена поддршка која Република Турција ѝ ја дава на Република Северна Македонија.

Анализирајќи ги економските односи, во овој дел може да се заклучи дека силните политички односи се надополнуваат со економски и трговски врски, но степенот на соработка е на значително пониско ниво во однос на помошта и поддршката на политички план. Јасна е диференцијацијата и предноста на ЕУ-членките во однос на Турција кога станува збор за надворешно-трговската размена и странските директни инвестиции. Иако растот на СДИ од Република Турција и трговската соработка бележат значаен тренд на раст во последнава декада, сепак сè уште постојат сектори и сегменти во македонската економија каде што постојниот потенцијал за соработка не е искористен, што претставува основа за понатамошни анализи и истражувања.

Зајакнувајќи ги врските со една членка на НАТО како што е Република Турција, придонесува кон однос кој од една страна ѝ овозможи на Турција да го

задржи влијанието на Балканот, но од друга страна нуди можности за продлабочување на своите врски со Македонија преку инвестирање и соработка во одбраната. Можеме категорички да заклучиме дека полето на одбраната и безбедноста е најсилна компонента во македонско–турските односи. Стратешката цел на Република Турција е непосредно операционализирана со конкретни проекти и активности кон македонската армија и безбедносниот сектор. Три компоненти во таа насока би ги издвоиле како елементарни: Прво, поддршка во воена опрема, второ, поддршка во обука на офицерскиот кадар и конечно, безрезервна поддршка за македонските НАТО-интеграции. Особено, заради подигнувањето на стандардите на нашите војници и армијата, соодветно на стандардите на НАТО. Соработката на планот на одбранбените и безбедносните прашања и политики со Турција, а во однос на глобалните безбедносни закани е од особено значење за Република Северна Македонија. Кога се работи за регионалната соработка, Република Северна Македонија и Република Турција со својата надворешна политика која се темели врз европски принципи, претставуваат значаен фактор на стабилноста во регионот и неговата евроатланска интеграција.

Во овој дел на докторскиот труд дадена е анализа на Неоотоманизмот, како нова ориентација на надворешна политика на Турција, која ги опишува интервенционистичката и посредувачката надворешна политика на Турција на Блискиот Исток и на Балканот, којашто ѝ оддава почит на глобалната моќ и влијанието на старата Отоманска Империја и од каде што ги црпи своите примарни принципи. Грубо дефиниран, неоотоманизмот претставува еден романтичен пристап кон турското минато, односно кон историјата на Отоманската империја, иако самиот Давутоглу тврди дека таа нова ориентација има намера да поттикне мир, политичка стабилност и економски просперитет на Блискиот Исток, па оттука, не треба да се именува како неоотоманизам поради негативната конотација, туку како *Pax ottomana*. Спроведувајќи ја својата надворешна политика на глобална скала со ова разбирање, Република Турција им придава особено значење на нејзините позитивни резултати во нејзината непосредна близина, односно во односите со соседите. Во овој контекст, дискурсот на „нула

проблеми со соседите“ е слоганот којшто ги сумира очекувањата на Турција во врска со нејзиниот однос со соседните земји.

Со промоцијата на добрососедските односи и употребата на мека моќ во односите со нејзиното блиско и подалечно соседство, како насока кон воспоставување како регионална сила на почетокот на XXI век, турската надворешна политика означува поинаква димензија.

За крај направена е анализа на влијанието на Република Турција во Западен Балкан со посебен акцент на Република Северна Македонија. Подемот на влијанието на незападните актери е дел од поширокота глобална промена на моќта која не е единствена за Западен Балкан. Република Турција е еден од надворешните актери која зазема посебно место кога се работи за нејзиното влијание во Западен Балкан, особено по завршувањето на Студената војна и распадот на Југославија. Присуството на Турција на Балканот е многу очигледно, особено во Босна и Херцеговина, Албанија, Косово и Северна Македонија, особено во областите каде што живее муслиманско население.

Особено може да се истакне поддршката на Република Турција за обновување на историски споменици и џамии од Отоманскиот период што придонесува за зачувување на културното наследство на регионот и им помага во напорот, Балканот да се појави како туристичка дестинација. Република Турција последниве децении им пристапува на балканските муслимани особено преку Турската агенција за соработка и координација (ТИКА), како и Дирекцијата за верски работи (Дијанет). Притоа особено внимание посветува на зајакнувањето на културните, верските, образовните и информативните врски, претежно со муслиманското население во регионот.

Стратешката целна група на Република Турција во Република Северна Македонија се етничките Турци, Бошњаците, Македонските муслимани, Ромското население во Источна Македонија и останатите граѓани од исламска вероисповед како што се Албанците итн., но и останатото население преку индиректно наметнување и промовирање на турската култура и вредности.

За таа цел ТИКА, активностите во Република Северна Македонија ги започнала во 2005 година каде што се реализирани повеќе од 1 000 проекти од

области како што се: образованието, здравството, земјоделството, инфраструктурата и заштитата на културното наследство, со буџет од над 100 милиони долари. Фондацијата „Јунус Емре“, придонесува за промовирање на турскиот јазик и култура, со цел зголемување на културната соработка на Турција со другите земји како и зајакнување на пријателските односи. Таа отвори Центри за култура во сите земји од Западен Балкан, нудејќи курсеви на кои учествуваат илјадници студенти од регионот.

Понатаму, Директоратот за религиозни прашања, или попознат како Дијанет (Diyanet İşleri Başkanlığı), има надлежност врз религиозни прашања, за што е ополномоштен од страна на државата. Дијанетот обезбедува верско образование и ја олеснува поврзаноста на балканските муслимански заедници со Република Турција. Иницијативите водени од државата во областа на културата, религијата и образованието се надополнети со слични активности преземени од неколку турски општински власти и неколку исламски мрежи од кои, највлијателно е движењето Хисмет на Фетула Ѓулен.

И на крај, во однос на информативните врски, ТРТ, Националниот јавен радиодифузер во земјата и Агенцијата „Анадолу“, турската новинска агенција, работат низ целиот регион, емитувајќи содржина на сите локални јазици.

Од претходно поставените тврдења може да се заклучи дека двете земји негуваат односи на исклучително пријателство и наклоност, потврдени низ историјата, па сè до денес. Двете држави воспоставија одлични билатерални односи, и тие во повеќе области достигнуваат степен на стратешко партнерство и дека соработката во одредени сфери, особено во економската иако не е на завидно ниво, има постојана динамика и растечка тенденција.

Билатералните односи помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција ги карактеризира интензивен политички дијалог и значајна динамика во соработката во сите области каде што бројните реализирани посети се на високо ниво, како и редовните средби помеѓу двете земји придонесуваат кон добрите политички односи. Покрај тоа, поради самото продолжување на мирот и стабилноста во регионот и соработката во сите области како економските, воените

и културните, Република Турција е неопходна на Балканот, исто колку што Балканот ѝ е неопходен на Турција.

Сега да се навратиме и на елементарниот проблем на нашето истражување, односно генералните сличности кои се испреплетуваат помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција. Најзначајните сличности како што веќе споменавме и во претходните пасуси се: прво - религиското, политичкото и културното влијание наметнато врз Република Македонија од Османскиот период. Второ - современата надворешно–политичка идентификација на двете земји врзана околу НАТО-структурите, територијалната целовитост на земјата и декларираната легитимност за припадност во европската цивилизација. Што се однесува до разликите, согласно тезите на Хантингтон кои може да се идентификуваат при геостратешкото поврзување на турскиот и македонскиот народ речиси и да не постојат. Република Северна Македонија е единствена земја во регионот во која припадниците на доминантната религија (православието) со симпатии гледаат на Република Турција, *vis-à-vis* растечката исламофобија во соседството предизвикана директно од доктрината на неоотоманизмот. Во тој правец може да ја позиционираме турската и македонската геополитичка ориентација согласно цивилизациите кои ги детерминира Хантингтон. Република Северна Македонија е целосно посветена на Европските и на НАТО-интеграциите, а Република Турција е стабилна членка на НАТО со замрзнат интегративен процес во ЕУ. Поради тоа двете страни се откажуваат од универзализмот и ги бараат сличностите, прифаќајќи ги разликите во еден мултицивилизациски меѓународен политички систем. Активностите што се поврзани со културни и религиски прашања на ТИКА на најлуциден начин ја рефлектираат односната рамка.

Додека работата на Западот во Западен Балкан е нецелосна и регионот може да го искористи целото меѓународно внимание што може да го добие, дискурсот за појавата на геополитички натпревар во Западен Балкан не е без ризик. Турското влијание во Западен Балкан и Република Северна Македонија е многу големо особено во културата, религијата и политиката.

Карактеристика на новите геокултурни процеси се инклузивноста и поврзувањето, токму затоа, од витален интерес за долгорочната стабилност,

безбедност и благосостојба на земјата, но и на регионот се европската и евроатланската интеграција, кои се врвни стратешки цели на Република Северна Македонија. Унапредувањето на добрососедските односи и регионалната соработка остануваат едни од најзначајните стратешки цели на двете земји. Западот има уште многу работа да заврши за да може целосно да се потпре на регионот на Западен Балкан. Сѐ додека е тоа така, регионот има можност да го искористи целото меѓународно внимание кое му стои на располагање и воедно отвора арена за геополитички натпревар кој никако не е без ризик. Во тој контекст важно е да се нагласи турското влијание кое се темели на цврсти вековни и сестрани врски со Западниот Балкан и Република Северна Македонија, особено во културата, религијата и политиката.

Европската перспектива, унапредувањето на добрососедските односи како и успешната регионалната соработка остануваат една од најзначајните детерминанти кои Република Северна Македонија и Република Турција ги делат во заедничките напори за мир, стабилност и просперитет на Западен Балкан.

За крај, членувањето на Република Северна Македонија и земјите од регионот во меѓународните организации е од капитално значење во одржувањето на стабилноста на Балканот и спречувањето судир од пошироко значење, но и издигнување на односите на едно повисоко ниво на соработка со кои би се заборавило на историските недоразбирања и судири кои постоеле помеѓу земјите во минатото.

## Прилог бр.1: Билатерални договори помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција

Табела 1: Склучени договори предмет на ратификација помеѓу Република Македонија и Република Турција од 1992 до 2019 година

| # | Договори | Датум на склучување | Влегува во сила |
|---|---|---|---|
| 1. | Протокол за воспоставување дипломатски односи на Република Македонија и Република Турција | 26 август 1992 година | 26 август 1992 година |
| 2. | Протокол за соработка во областа на безбедноста меѓу МВР на Република Македонија и МВР на Република Турција | 19 мај 1992 година | 10 февруари 1992 година |
| 3. | Протокол за соработка во областа на културата меѓу Република Македонија и Република Турција | 15 октомври 1993 година | 4 април 1995 година |
| 4. | Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за туристичка соработка | 27 октомври 1993 година | 27 октомври 1995 година |
| 5. | Протокол за соработка од областа на образованието меѓу Република Македонија и Република Турција | 26 јануари 1994 година | 26 јануари 1994 година |
| 6. | Протокол за соработка од областа на спортот меѓу Република Македонија и Република Турција | 26 јануари 1994 година | 26 јануари 1994 година |
| 7. | Спогодба за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција | 17 март 1994 година | 3 април 1995 година |
| 8. | Договор за соработка во областа на воената обука помеѓу Владата на Република Македонија и Влдата на Република Турција | 24 март 1994 година | / |
| 9. | Протокол за научна, техничка и економска соработка на полето на земјоделството меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција | 15 јуни 1994 година | / |
| 10. | Спогодба за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција | 9 декември 1994 година | 11 септември 1997 година |
| 11. | Спогодба меѓу Република Македонија и Република Турција за меѓународен патен сообраќај | 27 април 1995 година | / |
| 12. | Договор меѓу Република Македонија и Република Турција за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал | 16 јуни 1995 година | 28 ноември 1996 година |
| 13. | Договор за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција | 14 јули 1995 година | 27 ноември 1997 година |
| 14. | Договор меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и заемна заштита на инвестициите | 14 јули 1995 година | 27 октомври 1997 година |
| 15. | Договор за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети меѓу Република Македонија и | 24 февруари 1997 година | 28 јули 2000 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Република Турција | | |
| 16. | Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за заемна соработка меѓу нивните царински служби | 9 мај 1997 година | 1 октомври 1997 година |
| 17. | Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за меѓусебна размена на градежно земјиште за решавање на потребите на дипломатските мисии во главните градови | 21 јануари 1997 година | 24 октомври 1997 година |
| 18. | Меморандум за разбирање меѓу Република Македонија и Република Турција за трговијата со текстилни производи | 27 октомври 1997 година | 1 април 1998 година |
| 19. | Договор за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Турција | 6 јули 1998 година | 1 јули 2000 година |
| 20. | Спогодба за меѓусебно признавање на свидетелства, дипломи, квалификации, научни степени и звања стекнати во Република Македонија и Република Турција | 6 јули 1998 година | 16 февруари 2000 година |
| 21. | Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата | 2 октомври 1998 година | 17 март 1999 година |
| 22. | Конвенција меѓу Владата на Република Македонија и Република Турција за соработка во областа на здравјето на животните | 2 октомври 1998година | 16 април 1999 година |
| 23. | Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција | 7 септември 1999 година | 1 септември 2000 година |
| 23.а) | Протокол 2 кон договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција | 2 декември 2005 година | 1 август 2007 година |
| 23.б) | Нов Протокол 2 кон договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција | 11 ноември 2008 година | 1 јули 2009 година |
| 23.в) | Нов Протокол 2 кон договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција | 30 јануари 2018 година | 1 август 2018година |
| 24. | Конзуларна конвенција меѓу Република Македонија и Република Турција | 26 март 2002 година | 30 мај 2004 година |
| 25. | Протокол за соработка меѓу Република Македонија и Република Турција (ТИКА) | 15 март 2005 година | 7 ноември 2007 година |
| 26. | Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областите на здравството и медицинските науки | 10 ноември 2007 година | / |
| 27. | Договор помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на спречување, ограничување и ублажување на последици од несреќи и катастрофи | 4 мај 2008 година | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Договор за воен грант меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за финансиска поддршка меѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и Министерството за национална одбрана на Република Турција | 24 декември 2010 година | 20 октомври 2011 година |
| 29. | Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција | 19 август 2011 година | 6 септември 2012 година |
| 30. | Договор за воена финансиска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протоколот за примена на готовинска помош помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција | 19 декември 2011 година | 25 јануари 2013 година |
| 31. | Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за условите за патување на државјаните на двете држави | 15 мај 2012 година | 19 декември 2012 година |
| 32. | Договор за воена финансиска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (2013) | 21 ноември 2012 година | 22 мај 2015 година |
| 33. | Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за основање и за активностите на културните центри | 21 декември 2012 година | 13 февруари 2015 година |
| 34. | Протокол за соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (за европската интеграција) | 16 ноември 2012 година | / |
| 35. | Меморандум за разбирање меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на земјоделството | 27 јуни 2013 година | / |
| 36. | Договор за соработка во областа на трудот, социјалната сигурност и вработувањето меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција | 5 септември 2013 година | 13 февруари 2014 година |
